СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесет и третата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 3 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД I-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 73-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 3.II.1994 г.**


1. АРСОВСКИ БРАНКО - 12, 35
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 15
3. АБДИ ФАИК - 33, 149.
4. АРСОВ ДРАГИ - 41, 43, 44, 118, 120, 164
5. АЛИУ ЕШТРЕФ - 61
6. АЛИУ ХАМИТ - 66
7. АНДОВ СТОЈАН - 37, 171
8. БОШКОВ ЈОРДАН - 45, 60, 160, 161
9. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧ0 - 28, 29, 30, 86, 104, 132, 139
10. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 99, 126
11. ГЕОРГИЕВСКИ ДУШКО - 47
12. ГОШЕВ ПЕТАР - 56, 93, 129
13. ДИМОВСКА ДОСТА - 92, 150
14. ЃОРЧЕВСКИ БОРИС - 158
15. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР-9,12
16. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 9, 12
17. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 67,95, 166
18. КОВАЧЕВСКИ КИРГИЛ - 26
19. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 144
20. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 152
21. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 38, 40
22. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 48, 140
23. МАНЕВ ЕФТИМ - 74, 108
24. МИНОВ ПАНЧО - 114
25. НАСЕВ ПАНЧЕ - 60
26. ПРЕВАЛА ШАБАН - 1, 4
27. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 21, 22
28. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 27, 146
29. ПЕТРОВ ТОДОР – 52, 96, 124, 127
30. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 65, 136, 126
31. ПОПОВСКИ КИРО - 111, 113, 138
32. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 34, 76, 115, 117, 121
33. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 6, 89, 100, 121, 142
34. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 14
35. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10, 20, 69, 73, 109, 110, 122
36. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 70
37. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 130, 131
38. ТРПЕСКИ ЉУБЕ - 43,165
39. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 86
40. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 72
41. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 63, 127, 137
42. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВЛЕТ - 70, 107
43. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 143
44. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 35
45. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 78, 81, 85, 152, 156


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржано на 3 февруари 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците: Џулистана Марковска, Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Наум Симјановски, Љубосав Иванов и Душан Трпчевски ме известија дека од оправдани причини не се во состојба не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Минуваме на **точка 1** - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија во странство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија Ви се поделени.

Отворам претрес.

Господинот Гошев имаше процедурална забелешка која сакаше да ја изнесе.

(Господинот Гошев се откажува).

I/2.- ДВ/ОМ

Има збор господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас прво би сакал да констатирам и да предложам расправата по однос на овие закони да биде единствена, заради тоа што станува збор за закони со кои се решава еден проблем. Сега на дневен ред е законот за задолжување на Република Македонија кај фондацијата СОРОС. Меѓутоа, мое мислење е, за да бидеме по рационална, а времето тоа ни го диктира, ние расправата да ја водиме. за сите закони, барем општата расправа, а одделната расправа и гласањето да се врши за секој закон одделно.

Инаку мое мислеше е дека овие закони што Владата денес ги предлага пред нас претставуваат своевидна финансиска конструкција како да излеземе од состојбата со која објективно се соочуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се разбереме вака.

Вие дадовте процедурална забелешка односно интервенција во процедурата. Дајте сега по тоа да се изјасни Собранието, Вие тоа го дадовте, а јас треба да го дадам на изјаснување, а после ќе си доби- ете збор.

Го слушнавте предлогот на господинот Превала кој предложи расправата по сите три точки да биде единствена. Даде и образложение

Молам, кој е за нека крене рака? (53)

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Според тоа општиот претрес го водиме по сите три закони.

Процедурална интервенција сака да направи господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, самиот предлог и гласањето и измислување на деловнички одредби секој ден веќе ја надминува мерката на секоја толеранција. Оттука пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека во вакви невозможни услови на работа на парламентот е потребно истата да направи еден договор. и барам пауза.

Не може да се стави дискусијата по сите овие три предлози на закони да се води заеднички. Треба да правиме разлика.

Првиот закон во однос на заемот од фондацијата на господинот Сорос е една работа и тој отпаѓа од категоријата на меѓународни договори.

Вторите два закони се меѓународни договори на кои парламентот врши ратификација. Оттука не е можно да се води расправата по овие три предлози на закони заеднички. Мора расправата да биде поединечна. Тоа е суштината, во спротивно ако предложиме вака да измислуваме деловнички одредби, целта е јасна,д а се елиминира опозицијата да ја каже вистината во врска со овие три закони.

Барам пауза од 30 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, по консултацијата што ја изврши пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Уставот и Деловникот за работа недвосмислено произлезе заклучокот дека одлуката што беше усвоена од парламентот на предлог на господинот Шабан Превала не е донесена бидејќи немаше 61 глас. Ова го потенцирам од аспект бидејќи неговиот предлог задира во Деловникот , а познато е дека Деловникот се изгла- сува и неговата измена се врши со 61 глас од вкупниот број на пратеник

Со оглед на фактот што оваа одлука е донесена со 53 гласа, сметаме дека таа не е донесена и во случајов треба да се постапува во согласност со член 327 од Деловникот каде јасно е кажано како се постапува и како работи парламентот кога има точка на дневен ред донесување на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не влегуваме во расправа, консултиран е Деловникот, деловнички е се во ред, но ова прашање толку е споредно да не заслужува околу ова да спориме со опозицијата. Затоа предлагам да обезбедиме кооперативност на опозицијата прифаќајќи го нивниот пред- лог да одиме во општиот претрес точка по точка.

Има збор господинот Шабан Превала.

Да Ве потсетам дека секој има право да зборува само по седум минути.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мојата намера не беше процедурална интервенција. Мојата цел беше колку е можно да ја рационализираме постапката околу донесување на овие три закони. тргнував од фактот дека пред нас се наоѓа еден деловен

кредитен аранжман од 107 милиони долари и сметав дека и трите закони водат кон тоа овој аранжман да се склучи со наведените институции. При тоа мислев дека не треба да се расправа одделно во тој општ претрес за секој закон затоа што првиот закон само има 5 члена ,а двата други закони имаат по 3 члена, кои на некои начин само се однесуваат на ратификација на договорите, а во договорите ние објективно не можеме да интервенираме затоа што нив им ги диктира и другата страна. Мислам дека тргнав само од тоа. Инаку жал ми е што дел од опозицијата изрази несогласување со мојот предлог, меѓутоа не ми беше намерата сега да менуваме нешто во тоа.

Инаку намерата ми беше да укажам дека ние денес треба да се произнесеме по однос на овој кредитен аранжман. Мислам дека ние на таков чекор очигледно мораме да одиме и оттаму тргнуваме од потребата од задолжување на републиката кај фондацијата ССОРС со одреден износ од 24 милиони долари. Мислам дека тоа што е изнесено и во извештајот и во констатациите на министерот доволно говори дека ние кон оваа фондација имавме еден коректен однос со тоа што претходно користениот закон го вративме благовремено и со тоа ги отворивме вратите за користење на нови средства за таа цел. Со тоа се исполнува еден мошне важен принцип во банкарството да се врати старото за да се користи ново, а тоа според мене се однесува и за користењето на средствата од ММФ и од Здружението. Ние мораме, прилика е, а тоа ни е обврска и по Стабилизационата програма , да го вратиме тоа што е достасано или што достасува, а тоа е толку актуелно што ние мораме до 8 овој месец да се произнесеме, да ги вратиме наведените средства од 107 милиони долари но сепак во текот да успееме да обезбедиме некоја нето позитивна разлика, значи нето средства некаде околу 30 милиони долари според една проценка, со цел пак да ги реализираме процесите што ги набележавме во Стабилизационата програма меѓу кои санацијата на банките итн. Затоа

мислам дека треба да се поддржи, прво би рекол законот за задолжување на Републиката кај фондацијата СОРОС, односно првиот закон а потоа да се поддржат и останатите два затоа што и тие водат кон реализирање на конструкцијата што е подготвена од нашата Влада која ние сме ја избрале и во која нема причина да нема недоверба.

Понатаму, бидејќи станува збор за средства не би требало да се поставиме во улога да диктираме услови, особено услови од форма на природа. Јас мислам во вакви ситуации, ние што сме работеле во стопанството носиме одлуки дури без консултирање на самоуправните органи се со цел да се реши одреден проблем. Во случајов ние особено не смееме услови да поставуваме во поглед на тоа дали Република Македонија во договорите ќе фигурира како поранешна република и т.н. Тоа сега засега е времен назив на нашата Република за однос со светот Бидејќи ние стало до средства Ве молам да не робуваме на такви работи да ги прифаќаме добронамерните услови, наклонетоста на светот кон нас и да ги искористиме овие средства и да гласаме , би рекол, како за првиот така и за останатите закони затоа што имаме потреба.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија како предлагач на закон за задолжување на Република Македонија во странство неспорно го има правото согласно член 71 од Уставот да предлага закон меѓутоа, се поставува прашањето дали ова Собрание како законодавна власт може да се доведе во состојба да донесува закони кои се спроти ни на Уставот на Република Македонија.

Сведоци сме и ние пратениците и јавноста на Република Македонија дека вакви неуставни закони ова Собрание има донесено.

Како една од темелните вредности на уставниот поредок е и одредбата во член 51 од Уставот која гласи: "во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите'

Дали во овој Предлог на закон Владата на Република Македонија повикувајќи се на општата одредба од член 68 од Уставот дека Собранието донесува закони ја исполнила погоре цитираната одредба за усогласеност на законот, предложениот, со Уставот. Јас ќе кажам не и ќе кажам зошто тоа е така.

Прво, во членот 1 од предложениот закон стои: "Република Македонија се задолжува со кредит во износ од 25 милиони долари САД, кој го одобрува господин Џорџ Сорос од Њујорк САД".

Неспорно е дека на македонската држава и се потребни креди- ти од странство заради ублажуван>е на финансиските состојби, но се поставува прашањето од кого и под какви услови можат во име на државата да се земаат странски кредити.

Од членот 88 до членот 97 и во членот 119 од Уставот се предвидени ингеренциите на Владата како права и должности на Владата. Во ниеден од овие членови не е предвидено дека Владата во име на државата може да склучува договори со приватни лица од странство.

Во член 60 од Уставот на Република Македонија во ставот 2 стои: "народната банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањето во; Републиката и кон странство".

Во образложението коалиционата Влада наведува дека кредитот е наменет за платно билансната поддршка на Република Македонија односно за подобруваше на општата ликвидност на Република

Македонија. Со ваквото образложение коалиционата Влада ги узорпира правата и должностите на Народната банка на РМ, а ова Собрание сака да го доведе во состојба да донесе неуставен закон.

Второ, во членот 2 од Предлогот на закон за задолжување на РМ во странство стои: "во име на Републиката договорот ќе го потпише министерот за финансии и гувернерот на Народната банка на Република Македонија".

Се поставува прашањето дали министер во Владата може да ја претставува Републиката. Одговорот е не. Тоа право согласно Уставот го има само претседателот на државата Република Македонија.

Трето, во членот 4 стои дека кредитот од господин Џорџ Сорос Република Македонија ќе го отплатува од девизната резерва на Републиката. Уште една неуставност од аспект дека Народната банка на РМ согласно Уставот е самостојна и одговорна за општата ликвидност и плаќањата и кон странство. Ако не верувате господин претседател на Владата земете го Законот аз Народна банка на РМ и ќе видите дека многу убаво тоа стои.

Четврто, неспорно е дека во согласност со член 119 од Уставот Владата може да склучува меѓународни договори кога тоа е определено со закон. Но, дали господинот Џорџ Сорос е претставник на држава или приватна личност. Одговорот е многу јасен. Затоа во овој случај не се работи за меѓународен договор односно се бара поддршка од ова Собрание да донесе закон кој нема уставна основа и уште повеќе што тој договор со условите и начинот за користење на кредитот ќе се склучат дополнително. Значи од ова Собрание се бара да донесе закон и да даде согласност на невиден договор.

Петто, во образложението коалиционата Влада на Република Македонија со поддршка на парламентарното мнозинство од партиите

СДС, Либералната партија, ПДП и Социјалситичката партија не наведува каде се потрошени средствата од претходниот кредит во ист износот и од кои средства е вратен тој кредит за јавноста да има увид, поради раширените гласини за лично богатен>е од кредитот на господинот Сорос на поедини министри и пратеници кои ја поддржуваат Владата со милионски суми изразени во САД долари.

Шесто, дали и овој кредит ќе се исплаќа од новите даноци кои го оптоваруваат секој граѓанин на оваа држава, а кои предизвикаа невиден отпор и несогласување кај граѓаните на Република Македонија.

Во Законот аз Народната банка на Република Македонија стои дека Народна банка на РМ без закон може да зема странски кредит ако рокот на отплатата е помал од една година. Ако е поголем од една година, можете да го проверите Законот го имам, тогаш тоа задолжување на Народна банка кон странство се врши врз основа на закон. Овој кредит до господинот Сорос е на рок пократок од една година, што значи дека Народната банка на Република Македонија во овој случај, иако ќе кажам и се потребни тие пари на Република Македонија поради надворешната ликвидност, би требало тој договор со господинот Џорџ Сорос да го склучи Народната банка на РМ, а не да се доведува Собранието во една неуставна положба за доенсување на еден ваков закон.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

почитувано претседателство, почитувани пратеници. Денешната седница на Собранието на РМ се свикува како итна и тоа по барање на Владата на РМ, а Владата достави до Собранието, а Собранието прифати да се распава поитна постапка за законите кои ги имаме како единствен за расправа на оваа седница.

Сметам дека по прашањето на донесувањето на овие закони, посебно пратеничката група на Либералната партија ги поддржува

донесувањето на законите поитна постапка и со самото донесување истакнуваме дека РМ практично ја изразува својата спремност за враќање на доспеаните обврски пред Светската банка кои се регистрирани сега во износ од 107 милиони долари, а знаеме дека низ нашите биланси од сопствени извори ни од далеку не можеме да обезбедиме средства за промостување односно за враќање на овие обврски пред Светската банка кои се услов за понатамошно остварување на одредени права, сега веќе како полноправни членови на Светската банка и ММФ.

Исто така со враќањето ан обврските кои се доспеани Република Македонија овозможува да го премости овој проблем за наредните 20 години, со исклучок на кредитот кој е од СОРОС на пократок рок односно за година дена.

Многу малку во средствата за јавно информирање, посебно во делот на образложувањето за итнсота на оваа седница се истакнуваше проблемот на премостување на обврските, иако тоа е основна обврска сега и тоа се целите што сака да се постигнат со ова задолжување на РМ, бидејќи со одлагањето на плаќањето на овие обврски и истите се вградат во буџетот на РМ, а практично Република Македонија се декларира односно навистина се декларира дека обврските спрема Светската банка редовно ќе ги измирува. Инаку за сите должници важи истото правило. доколку се неликвидни и навреме не ги измират своите обврски сигурно во наредниот период односно во периодот на потребни не можат да се јават за нови задолжувања, што значи квалитетот на задолжување е во тоа што овие обврски односно ова задолжување сега е во функција на отплата на обврските што денес веќе се доспеани и тие денеска треба да се измират.

Јас на крајот само ќе истакнам една забелешка што е присутно почесто во овој состав во Собранието бидејќи се забележува дека по

одредени прашања што досега беше присутно дека имаме и по други мислења или изразити противења за одредени политички прашања. Но изненаден сум што исто така и сега во доста јасно прашаше за задолжување на РМ заради враќање на обврските ни се јавуваат истите опстркции или се изјаснуваат против донесување на овие закони истите тие што на одреден начин се изјаснија и во делот на приемот на Република Македонија во 0НЃ против приемот на РМ, а сега и како техничко прашање го поставуваат прашањето на самите договори односно текстот на договорите во делот на член 1 каде што е забележано името на Република Македонија.

II/1/JJ/лј

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сметам дека и во оваа прилика треба да се истакне нашата спремност, да истраеме во овој процес на остварување на одредени наши текови во Републиката и исто така да обезбедиме не сметана финансиска консолидација, а тоа беше посебно истакнато во делот на запознавањето со програмата за стабилизација која што еве и по обврска на Уставот е на Владата, а Владата е во обврска таквата стабилизациона програма да ја оствари. Со неостварувањето на стабилизационата програма оставаме голем дел или простор за веќе нерешавање и на други прашања, а пред се прашањата во социјалната сфера што се сигурно во непосредна врска и со делот на остварувањето на стабилизационата програма. Исто така оставаме простор и во делот на остварувањето на структуралните промени во Република Македонија посебно во делот на санација на банките, бидејќи голем дел од овие обврски се лоцирани од нашите субјекти во банките. Сигурно се непремостување на оваа финансиска потешкотија ќе се најдеме во ситуација да не можеме да влеземе во делот на остварувањето на одредени права од меѓународните институции,.

Уште еднаш да повторам либералната партија пратеничката партија ги поддржува овој предлог и сите три закони и треба под итно да ги донесеме, а разликите нека останат. Иднината ќе покаже кој бил во право во делот на остварувањето на сите овие напори што ги правиме во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам не припаѓам на оние пратеници кои почетво водат гола политика, политиканство и неслучајно овие неколку дена, еве правиме блокади на Парламентот и не ќе можеме да донесеме

II/2.-

определени, за мене, важни закони кои се во функција на она што ние го зацртавме во рамките на Република Македонија. Уште на почетоков во мојата дискусија сакам да кажам дека целосно ги прифаќам предложените три закони од следните причини:

Прво, мислам дека овој парламент на претходните седници усвои многу важни два документи. Прво тоа беше Стабилизационата програма која што е исклучително важна, оценета од меѓународни институции како доста објективна и конкретна за нашата Република и како второ утврдување на нашиот буџет.

Уште тогаш потврдивме дека и Буџетот и Стабилизационата програма определи:. елементи за изнаоѓање и на дел од средства со позајмување или враќање за да можеме да го подмириме Буџетот, а во меѓувреме и да ја оствариме стабилизационата програма. Ако така ги погледнеме овие закони мислам дека сите ние пратеници кога се работи за интересот на државата и за интересот на граѓаните на Република Македонија мислам дека е апсурдно да создаваме вакум овие закони да не ги донесеме.

Лично сметам а тоа и господинот Георгиев посебно го потенцирам, а јас сакам и малку да го елаборирам, мислам дека со утврдувањето на овие закони, со премостувањето на обврските спрема меѓународните организации, нормално за задолжување, меѓутоа, задолжување кое и конвенира на Република Македонија, многу можеме да помогнеме на Република Македонија во севкупниот нејзин економски и социјален развој. Ако се сеќавате, сите ние како пратеници многу пати поставувавме прашања како ќе ја оствариме социјалната програма што ја донесе овој парламент. Меѓутоа, сите тврдиме дека граѓаните на РМ треба да користат одредени права според одредена Програма, социјална програма, а во меѓувреме во таа програма, не конструираме, не изнаоѓаме начин како тоа да го реализираме во практична смисла на зборот, не голо политиканство, меѓу тоа практично.

II/3.-

Ако потврдивме дека во Република Македонија 50 илјади домаќинства треба да користат вакво право, тогаш мислам дека е илузорно да не поддржиме еден ваков закон.

Зборуваме за пензионери. Ние потврдивме дека пензионерите ќе бидат потпомогнати од страна на одредена меѓународна организација во изнаоѓање на средства за да можеме тој фонд да го заживееме и на некој начин пензионерите да добиваат навреме пензија.

Да завршам лично јас како пратеник и професионално кој се занимавам со социјални проблеми мислам дека најпаметно е да ги поддржиме овие закони, да ги прифатиме така како што се предложени и да и веруваме на Владата, таа ги има доволно проучено, а образложението што го дава Владата до претседателот укажува за целите и содржината на самите закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господи пратеници, сметам дека овој закон што ни е на дневен ред, Парламентот треба да го донесе за што има потреба од негово донесување и усвојување од страна на парламентот. Тоа го тврдев минатата година кога го донесувавме истиот закон само се однесуваше за 1993 година. Инаку, Републиката покажа и докажа дека е способна да зема кредити, да се задолжува но исто така дека е и стабилен фактот во договарањето и дека е способна тие земени кредити да ги враќа. Тргнувајќи од самиот тој факт дека кредитот од господинот Сорос што минатата година ова Собрание го донесе после неколку дневна расправа дека оваа Република целокупниот износ во договорениот рок го врати овој кредит. Тоа е факт дека ние можеме и оваа година со истите средства што ни се дозволуваат за земање кредити во износ од 25 милиони долари да ги земеме и да ги вратиме.

II/4.-

Минатата година од овие 25 милиони долари, Републиката за набавка на нафта потроши 10 милиони долари и исто така беа дадени кредити на стопанската и на комерцијалната банка во износ од 14 милиони и 870 иљјади долари. Со овие средства во овој износ од 14 милиони долари Стопанска банка и Комерцијална банка ги пласираа кај одредени свои коминтенти. Стопанска банка и Комерцијална банка во договорениот рок и во ратите во кои што беше договорен овој кредит ги вратија средствата што им беа одобрени. Тоа е едниот аргумент за прифаќашето на овој закон.

Инаку, овј закон и овој кредит што ние треба да го прифатиме исто така е во износ од 25 милиони долари. Овој кредит треба да го вратиме на три рати. Првата рата доаѓа на 30 септември со 25% од вкупниот износ од кредитот , втората рата стигнува на 30 октомври со 25% од вкупниот износ на кредитот и третата рата стигнува за наплата на 30 ноември 1994 година со 50% од вкупниот износ на кредитот.

Сметам дека, бидејќи средствата на Републиката и тоа како и се потребни, треба да го донесеме овој закон и исто така сметам дека од девизните резерви, онака коко што е пропишано во законот овие средства и ќе се вратат, бидејќи се со доста минимална камата, што денеска ретко кој би ни овозможил да добиеме таков кредит со така ниска камата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Андоновски:

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, јас уште веднаш да кажам дека ќе гласам за овие законски проекти од една единства причина што во моментот Република Македонија е поставена меѓу чеканот и на ковалната. Друг избор немаме освен да се прифатат овие законски проекти. Еве од кои причини:

II/5.-

Прво, во моментот нема услови за да има директни инвестиции во Република Македонија или пак да имаат заеднички вложувања.

Инаку што се однесува до ставот на одредени пратеници дека овие кредити не се познати на меѓународните пазари на капиталот, напротив овој заем на капитал е наполно познат во меѓународните пазари на капиталот при кои кредитодавачот остварува профит од камата. Впрочем, во светот на ваквите пазари се позајмуваа дури 500 милијарди долари, кои воглавно ги користат токму развиените, а не неразвиентие земји. Се сметат дека недоволно развиените земји, токму користат најмал износ од ваков зајмов капитал, од причини што мислам дека тие не се во состојба да го оплодат тој капитал. Додека пак развиените земји се во состојба со таа своја стопанска структура со која располага нивното стопанство и со пазарните односи што владеат во тој развиен свет е во состојба да го отплати тој кредит и може капиталот дас го оплоди. Меѓутоа, што е тоа е. Во моментов ние не сме земја која што има многу евтина работна сила, не сме земја што има голем пазар, не сме земја што има достапни суровини ниту пак даночните олеснувања се такви да можат да го прифлечат странецот да вложува, а кое Ѕешто го имаат други земји, да речеме Бразил, Сингапур, Мексико итн., каде што директните инвестиции и заедничките вложувања достигнуваат дури бројка од над 30%.

Меѓутоа, јас кога излегов овде сакав да го елаборирам прашањето) во врска со искористување на овие кредити. Кредитот од Сорос јас не го сметам дека е тој таква финансиска инекција што ќе може да го расцвета македонското стопанство. Меѓутоа, сметам дека ако не друг барем одредени текови треба да се сопрат. Кредитот треба да биде наменет така да тој капитал да се оплоди. Лично мислам дека во овој момент, тој кредит беше под поволни услови земен, меѓутоа рационално не беше најдобро искористен.

II/6.-

И јас поставувам прашање до Владата дали барем во наредниот период може да се запре натамошната тенденција на намалување на физичкиот обем на производството во стопанството, намалување на продуктивноста отпушташе на работици итн., ќе се инвестираат средства што навистина рационално и наменски ќе бидат искористени. Овде во прв ред мислам дали веќе дел од новите заеми што ќе ги земеме, нема да се насочат во аграрот каде што мислам дека, може би навистина банките имаат несигурност во однос за враќање на тие средства, меѓутоа, заради стратешки интерес за една развој на програма на Република Македонија, треба тој сегмент да биде поттик над за да оствари една финансиска акумулација.

Исто така во овој момент сакам да прашам дали за да се спречат сите овие негативни тенденции што денеска се присутни во Републиката и во македонско стопанство дали не ќе дадеме предност на средните и малите претпријатија кои што барем, после војната еве да речам за Јапонија претставуваат главно, практично се 'рбетот во јакнењето на стопанскиот систем и економскиот систем во таа држава после војната во нив. Да ви кажам дека и денеска тие мали и средни претпријатија во кои што се вработуваат до 500-тини луѓе, тие носат некаде околу 93 до 97% од стопанскиот учинок, а вработуваат 40-50% од вкупниот број вработени. Затоа мислам дека во овој момент ние мораме да ги прифатиме овие законски проекти но со една претпоставка да го земеме кредитот а да не испаднеме презадолжени, дополнително да не се загрозиме за што тоа може да не доведе во уште поголем должнички колапс, токму поради неможноста за отплата на овие кредити. Од тие причини за да не бидам сфатен како критизер, господине претседателе, имам само четири мои предлози и тоа:

Прво, и основно треба да се обезбеди стабилна политичка клима. Вака како што досега се решаваа некои работи, тоа не е обезбедено.

II/7.-

Второ, Владата да придонесе во освојување на нови пазари, во рамките на своите надлежности, затоа што сепак државата е таа што треба да оствари претпоставки за да може утре да се освојат пазари.

Трето, Владата да го информира Собранието за динамиката нанаменското користеше на средствата од кредиторите, односно заемодавачите.

И на крај сметам дека Владата треба помалку да се занимава со тесно партиските и идеолошките проблеми, наспроти тоа искуството на докажани стручњаци менаџери да го користи во јакнење во нашиот стопански систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа во однос на првата точка од дневниот ред јаси вчера реков дека немам против да се обезбедат парични или било какви други финансиски средства кои ќе придонесат за зацврстување на македонското стопанство.

Меѓутоа кога станува збор за задолжување ќе треба да се расправа пред ова Собрание за начинот на задочлувањето, пред кого се задолжуваме и начинот на враќањето на средствата.

Зошто ова го велам. Тука основно е тоа што Собранието зема гаранција на заемодавецот да му дозволи средствата да се вратат од девизните резерви на државата. Ова е рбетот на овој закон што се предлага. Предлагачот кога го предложи овој закон ама со ниедна буква, буквално не кажа што стана со искористениот кредит од минатата година. Јас имам една информација од 1993 година каде дава сознание односно до 25 октомври минатата година. Таму меѓу другото ни го опишува начинот на пласманот на овој кредит. И известува дека пласманот е извршен на 3 основи односно на два и тоа преку банките, Комерцијална и Стопанска банка и едниот дел е задржан за потребите на енергетиката односно набавка на сурова нафта.

II/8.-

Во образложението на враќање на кредитот, се вели дека е од државната резерва, од парите со кои располага е вратено на господин Сорос.

III/1 СЈ/СЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (**продолжение)

Нигде не ни кажува кој ги искористил овие пари како економски институт, 9 милиони долари. Дали е тоа Рафинеријата, дали е тоа Макпетрол, дали е некоја друга кои требале да го вратат овој заем, а не од девизните резерви да се враќа.

Сега ни се нуди нов дел да прифатиме, пак таков закон, каде пак државата ќе биде гарант да ги врати и да гарантира со државната резерва, а да бидат корисници, јас само ќе потсетам на еден дел од ова, во врска со отплатата на кредитот сметаме за потребно да напоменеме дека банките го извршуваат плаќањето на делот од кредитот на датумот на доспевање на ратите". Претпријатието корисници на кредитот преку Комерцијална банка сите три достасани рати ги имаат намирени, додека пак дел од претпријатија корисници на кредитот преку Стопанска банка АД Скопје , многу тешко ги вршат отплатувањата, а за АД Комерцијална банка не можеле да вратат ниту дел или ништо не платиле. Тука е гарант државата. Нека ми одговорат претставниците на Владата затоа што се тврди кулуарно, писмено немам ништо, дека овој кредит е вратен, кој плати камата, кој ја плати главницата за овие што не платиле? Првиот основ ќе биде па овие што пласирале, кредитот, па тие банки не се ниту на Бугарија, нити на Србија, нити на Албанија, нити на Грција, тие се наши, практично девизната резерва лежи преку капиталот на тие банки. Се прашувам кој е третиот извор што ние ќе го имаме за да можеме да платиме.

Ова се основните работи кои ќе треба банката да ги каже, односно Владата. Дали ќе имаме ние потреба од ваков закон или не? Ние ќе бидеме овде убедени, а не да креваме рака, затоа што смета Владата

дека ќе има поддршка од повеќе од 61 глас, или во мнозинството. Не е проблем овде дали Владата има поддршка во парламентарните групи, овде основниот проблем е дали ова односно, од ова државата како држава ќе има интерес да плаќа, да дава пари за неповратени пари, да се користат корисници како што се дадени овдека кои не се способни да ги вратат. Пласманот е вршен према име. Дали сега Сорос има име и кај нас овде ќе има име, корисниците кои ќе не можат да го вратат кредитот. Владата ако не убедеше јас ќе гласав за овој закон, да кажеше тоа е така, така и така, но не успеавме да го направиме ова. Тогаш ќе има место, вака господа на ќораво не треба да гласаме.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуваш претседателе, дами и господо, мислам проектите за задолжување во странство по трите закони кои беа поднесени на денешната седница треба да ги прифатиме во целост, затоа што друго решение немаме, и мислам проекцијата што е направена од Владата дека е стручно и добро направена, а од друга страна дека РМ ќе може да добие авторитет во меѓународните организации и ќе може навреме да ги отплати како што се проектирани средствата за отплата на ануитетите. Јас сум за тоа и мислам дека треба да ги прифатиме. Да скратам со дискусијата бидејќи и времето ми е скратено.

Меѓутоа, процедурално имам една забелешка дека постојано Собранието е во заседание, постојано Владата на РМ бараме да биде присутна на седниците, оневозможуваме да ги врши своите функции, а со полно работи и задоцнуваме, со таквата функција што Собранието не работи во време кога претседателот ја прати поканата. Мислам дека правиме неправда, прво ја измалтретуваме Владата, а второ сами себе

кои сме присутни, кои доаѓаме заради некои отсутни. Да не должам, мислам дека никој пат против колегите јас не сум бил, меѓутоа, овој пат би требало да го поставиме редот, поканата на одреденото време, на одреденото место мораме да бидеме присутни како пратеници. Доколку не бидеме присутни би требало платата да се намали за тој ден што не сме биле присутни. Ако се држат во месецот три седници, а јас мислам сум отсутен две седници, значи една третина од платата би требало само да ја примам, заради тоа што мораме да воведеме ред и дисциплина кога се повикуваме, граѓаните реагираат на нашата работа. Заради тоа имам и предлог, ајде да држиме седници секоја прва сабота и секоја трета сабота во месецот. Кога ќе можат граѓаните да не следат, а кога ќе можеме и ние да бидеме присутни, оние кои што се зафатени со други проблеми, така да на тој начин ќе може и Владата да биде присутна....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да се вратиме на законот.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Добро, јас реков процедурално, и еве завршувам и мислам седниците да бидат на време одржувани.

Комисиите кои работат мислам дека треба да бидат повикани претседателите да се одреди дата , време и можност пред два дена пред седницата на Собранието, комисиите да ги дадат своите заклучоци. Јас не инсистирам на пратениците како ќе гласаат, јас инсистирам да бидат присутни, мене ми е работното место по поканата од 14,00 часот денеска да бидам овде. Ние три дена изгубивме, не можевме да почнеме, каква ефикасност ќе имаме, каков развој ќе имаме во РМ. Сигурно ќе биде

многу малку од нашето неприсуство, од нашето неажурирање. И мислам од сега натаму да се договориме, ако треба нека постави претседателот кој ден сакаме да биде седница односно кој денови да се одржува седница, тие денови да ги одржуваме, но да бидеме сите присутни. (аплауз).

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Собранието на РМ неодамна усвои пакет од 20-тина закони кои всушност заедно со владините мерки претставуваат дел од стабилизационата програма на РМ за 1994 година. Во таа програма една од целите ако не од приоритетните цели беше, консолидирање на платниот биланс на РМ со странство во 1994 година и создавање на услови за долгорочно билансирање на овој биланс на РМ со оглед на постојните многу познати потешкотии.

Мислам дека расправајќи по овој закон треба да се тргне од позицијата на успехот на РМ во минатата година да стане полноправен член на ММФ и на Светската банка и тоа по принципот на сукцесија на своето членство од поранешното членство во СФРЈ. Меѓутоа, секако дека таквото зачленување на РМ во овие светски финансиски институции повлекува со себе одредени права,како што се право на користење на средства за развој, право за учество во финансирање во меѓународни проекти и други видови на помош кој можат да пристигнат во вид на користење на средства од овие институции, меѓутоа, секако дека предвидува и обврски, особено обврската која, за која директно или индиректно денеска разговараме, а тоа е отплатата на долговите на РМ кои се изворни или кои се исто така по пат на сукцесија од поранешна Југославија добиени заради користењето на територијата на РМ.

Секако дека отплатата на надворешните долгови бара и соодветна конструкција која по мое мислење не е така лесно , па дури мислам дека е тешко да се обезбеди од повеќе причини, меѓутоа, во основа мислам дека се две причини:

Прво е големиот број побарувања, така да кажам, кои пред светските финансиски институции стојат 9 особено државите од поранешниот социјалистички, односно поранешните социјалистички држави кои по преоѓањето во фазата на транзиција или по сопственото распаѓање многу тешко можат да дојдат до свеж финансиски капитал и друг, било за развој, било за отплата на старите долгови, па така да во основа тешко се доаѓа до такви средства, и

Второ, што РМ ја има несреќата, така да кажам, да е држава која егзистира во овој момент во прилично од политичка гледна точка, воена гледна точка и друга гледна точка, несигурен регион во кој беснее војната, во кој се закануваат нови војни, во кои има бројни и други проблеми. Сите овие проблеми исто така влијаат да РМ има свои потешкотии кон добивањето на нови средства кои ќе служат и за развој, меѓутоа, кои ќе служат во основа и за намирување на обврските кон странските доверители кои се наследени од порано.

Исто така, треба да кажеме дека показателот за ова е оценката на бројни странски субјекти, без разлика дали се економски или политички субјекти, кои кажуваат дефакто дека ние можеме тоа да го оцениме дека странските вложувања во Македонија се со висок степен на ризик, односно се маргинализирани. Токму од оваа гледна точка треба да го гледаме и законот за кој денеска расправаме по оваа точка, а кој треба да се сфати дека делумно е во насока во заокружувањето на финансиската конструкција на РМ за враќањето на обврските во оваа година кон странските доверители и мислам дека од тука произлегува

оценката која може да се даде дека овој закон треба да добие поддршка од Собранието на РМ.

Прво треба да добие поддршка затоа што Владата на РМ и во вакви услови за кои зборував, кои се многу неповолни за добивање односно се неповолни за нас да добиеме странски средства, успеала да добие странски средства и да најде доверители овој пат во ликот на г-динот Џорџ Сорос, кој веќе со овој доверител РМ има едно сосема позитивно искуство од минатата година кога Републиката исто така со закон се задолжи и користеше средства кои ги врати и можеме да кажеме дека со тој кредит се обезбеди во клучен момент во 1993 година РМ да може да располага со кредитни девизни средства кои беа значајни во периодот на транзицијата, кои беа значајни во периодот на блокадата на РМ и од север и од југ и кои беа значајни од позиција на тоа што економијата на РМ во тој момент како и денес се наоѓа во прилично незавидна ситуација и таквите средства секој пат се добре дојдени.

Се разбира дека поддршката на овој закон за задолжување на РМ кон странство треба да се даде и поради тоа што како што се кажува во образложението на законот дел од овие средства во висина од 9 милиони;:американски долари ќе се користат за враќање на обврските кои пристигнуваат во овој деликатен момент за РМ кон Светската банка за обнова и развој и дека дел ќе се преку системот на банките, како и претходниот пат, се надеваме прелеат во македонското стопанство каде ќе може да се добијат дополнителен поттик за економијата што мислам дека во секој случај не е за потценување.

Од тие причини мислам дека Собранието треба да даде поддршка на овој закон.

Благодарам.

III/7

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, на Седумдесет и третата седница донесуваме закон по иста постапка за задолжување на РМ во странство во смисла на член 334 и 335 од Деловникот на Собранието на СРМ кој уште егзистира. И се ќе беше во ред ако не се јавеа некои негативни појави, проблеми при донесувањето на овој закон.

Прво, зашто ваква итност , кога за оваа седница знаеја уште пред една недела средствата за јавно информирање, кога треба да се усвојува овој закон, зашто толку брзаме, можеше да ни се даде материјалот уште пред една седница, но ни се даде вчера на брзина. Мене ми личи повеќе на препад. За препади мајстор е нашиот претседател на Собранието, само да го потсетам на 20-тата седница кога се спроведе двојазичност....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако имате некоја деловничка забелешка ќе побарате да направите деловничка забелешка, сега вие само повелете зборувајте за законот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Кратко, само вовед. Без законите да поминат на комисии, на ЗПК и без претрес, директно на гласање. Тогаш коалицијата беше уште тајна. Сега е пак повнимателен, пак сакаше законот да го пројде без комисии и после наша интервенција немај каде се согласи да се даде на ЗПК , а денеска таа заседаваше, а при претресот дискусиите ги ограничи на 7 минути.

Во образложението на Предлог за донесување по итна постапка на закон за задолжување на РМ во странство се предлага закон нашински кажано ново задолжување кај Сорос. Ние како пратеници на највисоката законодавна власт во РМ воопшто немаме никакви информации каде се

потрошени парите од минатиот кредит и колку се отплатени, имаме право да се сомневаме бидејќи имаме информации да голем број од министрите на неокомунистичка - албанската влада се замешани со шверц со нафта, оружје на немилосрдно трошење пари за друго.

Член 2 од овој закон, па ги по прочитал целиот, краток е. "Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договор", повторувам , договор што ќе се склучи помеѓу РМ и г-динот Џорџ Сорос како заемодавач. Во името на Републиката договорот ќе го потпише министерот за финансии и гувернерот на НБ на РМ. Во овој член се споменува договор. Каков е тој договор, треба ли ние пратениците да го знаеме текстот на тој договор или ќе дигнеме само два прста како во едноумието. Такви пратеници се уште има во овој Парламент. Дали ќе бидат внесени во договорот и потрошените пари по банкетот на пр. во Холандија. Понатаму, како да имаме доверба во министерот за финансии Џевдет Хајредини кој не е надлежен за потпишување на ваков договор. Владата нема никаков уставен основ да потпише таков договор. Може да потпише само гувернерот на НБ. Нека се види малку поубаво уставот, па ќе ни биде јасно.

Поради сето горе наведено нема да гласам, за овој закон. Со дигањето на два прста како да се потпишува бланко чек за некој фиктивен договор во една неадекватна политичка клима, Отплатата на кредитот народот ќе ја плаќа, двоејќи од уста со години, работникот, селанецот, пензионерот, стечајниот работник, девизните штедачи итн. Поединци кои учествуваат во власта ќе се богатат на нивна сметка, на сметка на народот. Осиромашувањето ќе се осети повеќе идната година кога и овие пари ќе се потрошат во предизборната активност, во борбата да се зачува власта: .на .актуелното политичка власт.

**ЈБУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дискутирајќи по овој закон најпрвин сметам дека треба да кажам дека навистина во Македонскиот Парламент се воведува една пракса, секогаш кога на Владата на РМ коалиционите партнери и претседателот на Собранието ќе им загусти да измислат некоја процедура, односно да измислат некој дневен ред со точки по кој не може да се дискутира со дискусии по ни една точна на дневен ред, како што беше пред 30-тина дена кога овде се дискутираше за стабилизационата програма, потоа кога се дискутираше за Извештајот на претседателот на Републиката, или како што е денеска примерот каде што пратениците се ограничени само на по 7 мин. во нивната дискусија.

Во тој контекст, причината за ваквото оградување без сомнение лежи во тоа што Владата на РМ односно коалиционите партнери секогаш се наоѓаат во тесно и во бегање од јавноста, бегање од она за што се должни, а тоа е јавното информирање на сите граѓани во РМ, применуваат вакви драстични елементи на укинување на демократијата во РМ или со други зборови јасна суспензија на демократијата во највисокото тело на Македонскиот Парламент, тоа е Македонскиот Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првата точка е на дневниот ред.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Зборувајќи токму по таа точка, (претседателот опоменува со ѕвончето се однесува, нели и за ова ѕвонење на претседателот....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да морам да ве опоменам. Вие зборувате за сосема други прашања.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Токму тоа ми се чини....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Токму тие точки вие баравте да ги ставиме на дневен ред.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Тоа е најголемото прашање што треба да се опфати денеска, затоа што полека, но сигурно, во оваа држава се воведува диктатура к ако не се реагира на време без сомнение и ќе се случи тоа, имајќи предвид какви луѓе раководат со Владата и со македонското државно раководство.

Зборувајќи за самиот закон, односно за кредитите за кои треба денеска да расправаме, ќе ја искористам приликата по 7 минути, нели, да зборувам за секој од овој закон и во првите 7 мин. ќе зборувам за еден елемент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па ќе престанете, па ќе дојдеме на вториот закон, па ќе добиете збор.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Зборувам за законот што е овде пред нас, а тоа е заемот на СОРОЗ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само тоа.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Впрочем, ќе ве потсетам г-дине претседателе дека сите дискутанти што излегува претходно пред мене, од коалиционите партнери зборуваа за сите 3 точки оддеднаш. Земете ги стенограмите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само 7 минути. Можете и вие 7 минути.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Полека.

Искористувајќи ги тие 7 мин. тие зборуваа за се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ваша работа.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро, ќе се задржам на овој закон.

Сите дискутанти што зборуваа за потребата од земањето од овој кредит на г-динот Сороз, а тоа претпоставувам значи дека се однесува и на другите заеми, во еден тон на плачење и кукање како ни се потребни сите овие закони заборавија едно, заборавија дека 3 години практично нивната коалиција и нивните најголеми инвестиции владеат во РМ и заборавија дека во овие 3 години направи ништо сериозно за да ја извлечат Македонија од економската криза.

Оттука и овој закон на г-динот Сороз сврзан со стабилизационата програма најнова, на г-динот, нели, на Владата на РМ не може а да не се

гледа токму во тој контекст на изминатите 3 години.

Господа, само уште еднаш ќе ве потсетам, кога ВМРО-ДПМНЕ и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ некаде пред 3 или пред 3,5 години сите вас како државни раководители на оваа држава или како коалициони партнери учествувате во таа Влада ве предупредуваше да формирате македонски независни државни резерви како што ги направија Словенците и Хрватите, вие се смеевте и не обвинувавте дека сакаме да го срушиме југословенскиот монетарен систем. Ние денеска, за примањето на новите кредити и новото задолжување на РМ не можеме да не зборувам без тој контекст на минатите 3,5 години, затоа што истата политика ја спроведуваат истите луѓе и пред 3,5 години и сега како советници на тогашниот познат премиер Анте Марковиќ. Дури, постои овде во Македонскиов Парламент една партија што има 18 пратеници, штитејќи се или градејќи се зад таа иста личност.

Зошто го зборувам тоа? Затоа што денес, кога една Словенија се фали дека има 1 милијарда долари девизни резерви благодарејќи на тој независен фонд државни резерви и на тие упади во тогашната југословенска монетарна политика, сите вие денеска кои денеска претставувате некакво државно раководство, премудро, на РМ плачевте по таа Југославија и ја обвинувавте Словенија и дававте декларација во македонската јавност колку вие ги почитувате југословенските закони, како се што ќе се донесе југословенската влада вие го прифаќате и дека сте најдобрата Република од сите други републики што. постојат во Југославија.

Не можеме да не ги потсетиме тие моменти, на сите оние моменти кога можеше Републиката да собира девизни резерви, а не сега доаѓаме во една таква ситуација каде што браниме дека кредитите на г-динот

Сороз биле многу успешни и многу квалитетни за РМ.

Кога веќе го спомнав г-динот Анте Марковиќ, не е лошо д кажам дека имам информација дека овие денови се наоѓа во Македонија истиот тој г-динот, сака да купи некои фирми во РМ, па не е лошо истата партија што доби овде 18 пратеници во Македонскиот Парламент, да го повика тој г-дин Анте Марковиќ да ни објасни каде отидоа девизните влогови и девизните штедни влогови на граѓаните на РМ.

Кога зборуваме за овој фонд на Сороз односно кога зборуваме за овие кредити на Сороз повторно слушаме некои, не знам какви успешни, колку било успешно. Многу беа успешни кредитите на г-динот Сороз, а колку се успешни токму гледаме во последниве 2-3 месеци кога требаа да се вратат тие кредити на г-динот Сороз, мораше 3 пензии на пензионерите да не им бидат платени, даноците дупло да бидат зголемени, а 10-тици илјади работници да останат без плати по 2-3 или повеќе месеци. одлично е враќањето на г-динот Сороз. Истата таа слика ќе ни се повтори и во идната година. Ако беше успешно враќањето на овој кредит на г-динот Сороз, тогаш зошто воопшто го земавме кога сме ги имале тие пари во РМ. Тогаш, зошто повторно земаме кредит од г-динот Сороз кога, нели, успешно веќе сме го вратиме тој кредит?

Повторно се работи за една манипулација, една манипулација која не претставува ништо друго освен едно живо одржување на Владата на РМ во наредните неколку месеци да се гаснат социјални пожари. Впрочем, еден од пратениците на Социјалистичка партија ми се чини дека рече дека овој кредит ќе се употреби за социјална политика. Многу далеку ќе стигнеме ако овој кредит го употребиме за социјална политика.

Ќе се најдеме навистина, пак на ова место...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви истече времето г-дине Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро, ќе продолжам по вториот закон во поглед на стабилизационата програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред.

Има збор г-динот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, граѓани на РМ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, обраќање само на Парламентот. Нема граѓани.

**ФАИК АБДИ:**

Го повлекувам зборот граѓани на РМ. Тие го гледаат ова. Кога го прочитав дневниот ред, јас мислев дека секој од нас пратениците овде ќе се радува на ова што е поставено, заради тоа што РМ достигна едно ниво на зрелост, на способност и доверба кај сите меѓународни институции, корпорации, пред се ММФ, што е општо познато, Меѓународната банка за обнова и развој итн. Поради тоа мислев дека ќе

го пофалиме г-динот Сороз што е толку дарежлив и хуман човек и овие други 2 работи за кои не сакам да зборувам.

Мојата политичка и економска логика ми налага да кажам дека ептен, премногу сме станале големи економисти, големи стручњаци околу девизното работење на државата, како да знаеме детали од каде се создаваат девизните резерви. Како да знаеме кој тоа го зема, кој матка, кој прави итн. или пак да кажеме дека нам ни е веќе отворен патот, на генерации после нас што ќе дојдат во овој Парламент, односно на нашето стопанство дека ќе може и овие пари не се ништо, ќе може нашето стопанство да користи големи, големи средства за развој, да се развива стопанството. Меѓутоа, изелга реконструкција во себе си се уште не можеме да правиме. Да знаеме дека само тоа нас ќе не извади.

Ние денеска не можеме да зборуваме за заборавање на некои работи во државата за 3 години како поминавме и дека немаме развој и немаме вакво-такво. Па, зарем забораваме дека соседите ни се во војна и дека нашите производи не можат да патуваат. Зар забораваме дека цената на чинењето само на превозот колку чини. Па, да не замараме нашиот народ, граѓаните на РМ, сметам дека овие работи се за пофалба и само треба понатаму да се тераат и мислам дека и ние како Парламент сме за пофалба што пред Нова Година донесовме и Буџет, ги донесовме и оние системски закони и мерки. Па, ние сме членки на се што постои во светот. Како смееме да бидеме против себе си со вакви дискусии.

Јас сум за тоа да се донесат законите, да се даде можност нашата Владо, нашата Народна банка, гувернерот и министерот за финансии да потпишат договори. Тие се наши претставници, ја претставуваат државата. Таму ќе ги викаат екселенции, бидејќи се претставници на државата.

IV/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Арсовски бара реплика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека кога зборуваме за социјална програма и социјална политика мешаме баби и жаби.

Во светот е општо познато дека социјалниот развој и економскиот развои имаат длабока меѓузависност ако имаш нарушен економски развој, имаш нарушен и социјален развој.

Во таа функција ако донесовме. еден Буџет од кој произлезе и социјалната функција, социјалната програма и ред активности го блокираме буџетот, значи ги блокираме и сите тие дејности. А индиректно, секој овој кредит ништо друго не значи освен поспешување и на социјалниот и на економскиот развој. Ако го развиваш економскиот го развиваш и социјалниот развој. Во таа функција јас ја гледам перспективата на сите овие кредити.

Инаку, јас не се залагам за нешто најкласично, она што претставува доделување на социјална помош, туку развојниот елемент на севкупните кредити што гиземаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, поддржувајќи го предлогот за донесување одлука за кредити од меѓународната заедница, посебно на овој од г-динот Сороз. би сакал да го изнесоа следното:

IV/9

Поаѓајќи од претпоставка дека и другиве источно - европски земји што се наоѓаат во транзиција го користеа овој кредит, не навлегувајќи во тоа дали редовно или нередовно го исплатуваат, меѓутоа, исплатата на првиот кредит што е исплатен во рок мислам дека секој кој и малку ги познава можностите на стопанството во РМ не може а да не се огради од тоа да не се користи повторно една ваква бенефиција, што секако во Републикава е најпотребна токму во овој момент. Не само за овој кредит, туку за сите кредити што се во прашање.

Ова, поради тоа што гледајќи ги состојбите на стопанските прилики на мојата општина, мислам дека и Стабилизационата програма што на некој начин доби виза од светските експерти,особено од светските банки што на некој начин се здобија со доверба, со извесни корекции во одредени законски регулативи на нашата држава, даваат доверба да даваат вакви кредити и би било крајно неодговорно ние тука, што не сме исцело познаватели на стопанските прилики во Републикава поинаку да се однесуваме кон тоа како што е предложено од страна на Стопанската комора, на ресорните министерства. И, да не должам, во целина Владата.

Мое мислење е, дека доколку сакаме да издржиме со стопанските стабилизациони мерки, тие неминовно мора еден ваков кредит да користиме, затоа што со нераздвижувањето на стопанството, во сегашниот момент на еден застоен период и поради ограниченоста и поради другите можности, мислам дека самите мора да констатираме дека не постојат реални можности, не само за разрешување на проблемот на младите и нивното вработување, на проблемот на социјалните тензии стечајните работници итн., затоа што широката репродукција која преку овие кредити, од постојните стопански банки, ако не направат некој ред во доделувањето на тие кредити и тоа не се раздвижи, по право во наредната година нема и што поинаку да

очекуваме во однос на развојот на стопанството. А, и сами знаете дека тензиите се скоро неиздржливи и мислам дека е ред дека не треба поинаку да се однесуваме. Ова и поради тоа што гледам доста голем број на дискутанти пратеници кои на некој начин критички се осврнуваат на овие позајмици, што мислам дека е и логично ако се гледа вака дека сепак, позајмица како позајмица не е толку популарна. Меѓутоа, не се тргнува од претпоставка дека сега во овој миг за нашата држава е тоа една нужна потреба. Ако на пример стопанственициве наоѓаат дека каматата што ќе се плаќа за кредитот е поисплатлива отколку korиста што ќе се добие со тој кредит, зошто тогаш да се однесуваме поинаку и да не ги подржиме овие стопански реформи и на овој начин го поддржиме развојот на стопанството.

Тоа што се изнесува дека користењето е неизвесно, како и на кој начин, па се наведуваат одредени ресорни министри и функционери во Владата, мислам дека е крајно неодговорно тука од оваа говорница така да се зборува, затоа што ако навистина се има некој податок, а не паушално дискутирање, треба тука на сите да се изнесе кој луѓе се во прашање, зошто така се работи и навистина да ја согледаме таа состојба. Државата се заборчува и на некој начин секој човек тој долг во своето работење може да го почувствува а некој на таков беззаконски начин и т.н. да се богати. Тоа е едно.

Друго, Македонија не е држава толку голема, така што да немаме таков законски систем и полиција па да не можат такви случаи да се откријат. А, да се зборува а да не постојат такви појави, мислам дека е не само крајно неодговорно, туку во овој одреден момент на состојбата во државата, мислам дека е тоа повеќе од непријателски за самата држава. Затоа, јас мислам дека доколку сега изгласаме, а мислам дека треба да

изгласаме, за сите овие кредити би требала Владата да земе обврска на 3-5 месеци постојат сега стручни служби на банките, да се даваат преку јавните гласила извештаи каде се користат тие средства, која врста на стопанство се оживува, дали проблемот на вработувањето на некој начин се динамизира итн., така што да немаме непријатни излагања и слушања што се базираат на уште стари претпоставки каква вила делбата во поранешна Југославија, како ова, како она.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, донесувањето на овој закон за задолжување на РМ во странство, според мене, практично претставува заокружување на финансиската конструкција на нашата држава за враќање на долгот на странските доверители што нашата Република го има наследено од поранешна Југославија, во висина од некаде 107 милиони долари. Тоа на некој начин претставува афирмација на нашата држава дека прави напори да се однесува домаќински, односно своите обврски кон странство ги признава и прави напори тие обврски да ги врати, се со цел на некој начин да го оправда предвременото примање на нашата држава во низата институции од светско значење, пред се низа институции од финансиско значење што практично ќе овозможат со едно вакво докажување на нашата држава, со една ваква сигурност да се отворат вратите за доток на нови финансиски средства. Ние и порано констатиравме дека нашето стопанство, нашата држава, навистина во

една ваква финансиска состојба каква сега се наоѓа не е во состојба да излезе со сопствен средства и сопствени сили од таа состојба, туку напротив, единствен решение за да може да дојде до консолидација на стопанството, до заживување на стопанството, зголемување на материјалното производство, исклучиво со доток на нова, свежа крв, односно нови финансиски средства.

Токму овој потез што сега Парламентот треба да го направи, да даде целосна поддршка на активностите што Владата ги водеше во изминативе неколку месеци за изнаоѓање финансиска конструкција за затворање на тој финансиски долг, мислам дека е навистина непотребно од сето ова да се прават некои други политички конотации. Напротив, ова е една чиста финансиска конструкција, една чиста финансиска зделка со која овој Парламент треба да го даде и својот придонес бидејќи, покрај тоа што Владата како носител на извршната власт треба да гарантира, се бара од финансиските институции, особено за кои се однесува за држави што немаат своја традиција во овие однесувања, бидејќи ние стаснавме наследници на поранешното членство на државата во која и ние бевме составен дел на овие институции, а сега имаме самостојност, независност и сакаме да имаме свое членство како Република Македонија.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:** (Продолжение)

Од тука, и само во оваа смисла јас ја сфаќам оваа активност и овој закон со преостанатите други закони, токму за затворање на оваа финансиска конструкција и раздолжување на нашата Република. Ова не се нови задолжувања, практично ова е задолжување заради раздолжување на еден веќе стекнат долг кој е од поранешните години, кој во никој случај не треба да се препишува ниту на сегашната Влада ниту на сегашниот Парламент, туку напротив тоа е наследство. Тоа мораме да го признаеме и да го расчистиме, за да можеме да преминеме во другите текови на финансиско работење односно каде ќе можат дури тогаш да дојдат нови чисти финансиски средства кои ни се така неопходни за заживување на стопанското производство. Од тука како стопанственик и како човек кој навистина знае што му е потребно на стопанството во овој момент се залагам Парламентот да даде поддршка и како што претходно одредени колеги искажаа мислам дека времето ќе покаже дали овој Парламент со вака донесена одлука направил грешка или не. Меѓутоа, ние пратениците мораме да бидеме убедени дека ова е вистински начин и пат по кој треба да тргнеме за да можеме да ја стабилизираме нашата држава и да се подобрат пред се стопанските, економските состојби, а со тоа мислам дека ќе придонесеме и другите, социјалните, политичките и сите други состојби да се подобрат во нашата држава.

Мислам дека оние колеги пратеници кои искажаа недоверба односно искажаа дека нема да дадат поддршка на еден ваков закон мислам дека беше ред или редно е во тој случај да се понуди алтернатива. Која е другата алтернатива до колку ова решение и овој потег на Владата не се поддржи. Дали имаме други алтернативи, дали имаме други решенија со кои ќе овозможиме на подобар начин, на подобар пат да ја консолидираме нашата држава односно да го

V/2

консолидираме стопанството за да можеме како што рековме да почнеме да го зголемуваме производството кое за жал се уште е во една стагнација, се уште е во едно ниво на опаѓање токму поради тоа што немаме нови финансиски средства со кои ќе можеме да го поттикнеме тоа производство односно да обезбедиме репроматеријали и суровини со кои ќе можеме да обезбедиме услови за производство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по повод законите што се на дневен ред, Законот за задолжување на РМ во странство и двата закони за ратификација на договорите меѓу Владата на РМ со меѓународната банка за обнова и развој и со меѓународното здружение за развој и кога станува збор за ваквите заеми за економска обнова односно кредити за иста цел, сметам дека овде и од страна на Министерот за финансии и од страна на Премиерот треба нешто повеќе да слушнеме затоа што тие се должни пред нашата и светската јавност да кажат повеќе за измирувањата на обврските на РМ спрема странство според тоа колку сме задолжени спрема должниците, спрема доверителите за износите за главнината, каматата, за динамиката на отплатата итн. Не треба да се молчи за последиците од тие неизмирени обврски и најпосле мора отворено да ги осудиме актерите на претходната политика кои ја доведоа РМ да биде прекумерно задолжена и да се најде во една ваква крајно критична ситуација.

Наспроти тоа, ние овде од министерот за финансии не слушнавме дека Владата на РМ направила некои претходни напори на време да ги измири самите обврски. Дали тоа значи дека некој друг е виновен без да се признаат сопствените слабости и без отворено да се каже дека долговите на РМ се резултат на лошата стопанска политика што ја водеше и претходното и сегашното раководство. И наместо за тоа да

расправаме, ние расправаме за питачката улога што ја води Владата на РМ, дали Кралството Холандија или некоја друга земја ќе се смилува да и помогнат на РМ со донаторство. Јасно е дека тие средства се даваат за излез од кризата на РМ во која што западна. Но досега никој не ги осуди креаторите на таа криза во која се наоѓаме. Нетреба никој да ни објаснува дека нема излез од кризата а нема ни да има ако истите тие луѓе што не довадоа до оваа ситуација сега се јавија во улога на реформатори на стабилизационата политика, креатори на стабилизационата политика што ни се нуди. Конечно, треба да сфатиме дека нема промени до колку не се изврши трансформација на општествената сопственост, додека не се усвојат законите од областа на стопанството и финансиите. Ние на тоа досега повеќе пати укажувавме, но очигледно без резултат затоа што не се прифати таа динамика уште во стартот на овој мандатен период. Без тие основни закони ние и не можеме да очекуваме некои промени. Не може да се толерира Владата за нови задолжувања на државата со заеми и кредите и во името на таа држава некој друг да плаќа односно сите да ги отплаќаме таквите нови задолжувања , а сите знаеме дека сите ги отплаќаме а некој друг ги троши, со очигледна тенденција. да се задржи власта, а како е таа власт освоена сите добро знаеме и |со какви отстапи во однос на коалицијата. Дали и натаму треба да толерираме такви заеми и кредити во услови кога во името на Владата некои членови, како што е случајот со министерот господинот Љубе Трпески и г-динот Петруш Стефанов, кои се актери на такви заеми како што е случајот со заемот од СОРОС во износ од 100 илјади долари и тие средства, наместо за презентирање на Македонската туристичка понуда во Холандија І Германија, завршија во приватни џебови, преку приватната фирма "Балкан – Вавилон Букс" очигледно се противречни мислењата и тврдењата за овој случај меѓу господинот Милчин - извршен директор на фондацијата Сорос, кој тврди

дека парите се испратени на самата таа фирма "Балкан - Вавилон Букс" , а членовите на Владата тврдат нешто друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви помина времето, г-дине Арсов, седум минути, ајде следниот сега. По другите закони ќе се искажете, бидејќи исто кажувате.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Очигледно спречувате нешто да се каже за Владата, затоа што ни на ва не ви одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, седум минути си потрошивте, да си економисувате со времето. Ваше е што ќе кажете.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Вие очигледно шпекулирате со времето за спречување на она што сакаме овде да го кажеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да водам сметка за времето, сега ослободете ја говорницата. Вие можевте да го кажете тоа што сакавте, што кажувате тоа што нејќете? Имавте 7 минути, треба да го кажете тоа што сакате во 7 минути. Ве молам, ослободете ја говорницата.

Реплика бара господинот Љубе Трпески, министер во Владата на РМ.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Почитувани пратенички, ова е по втор пат пратеникот Драги Арсов да го врзува моето име во врска со, како што тој вели, некоја афера со туристичката пропаганда на РМ во Холандија. Јас овде пред сите вас изјавувам:

На два пати како член на официјална делегација на Владата на РМ сум престојувал во Холандија. Резултатите од тие мои посети се гледаат во ангажирањето на државата Холандија во расчистувањето на нашиот долг спрема светската банка. Секое друго поврзување на моето име со било какви други активности е злонамерно и тенденциозно. Меѓутоа, тоа е дел на опозицијата, секогаш да се сомнева во нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега бара реплика г-дионот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Јас повторно сакам да кажам во овој Парламент и во. јавност дека г-динот Петруш Стефанов како министер за стопанство и г-динот Љубе Трпески се учесници на споменатата туристичка манифестација во Холандија и исто така нивните имиња се врзани со овие средства од 100 илјади долари што се дадени од страна на СОРОС. Затоа сметам дека таквото нивно учество пред очите на донаторите, пред очите на една ваква фондацијата каква што е Фондацијата СОРОС, во очите на земјата донатор Холандија, пред светската банка во која банка г-динот не застапува и пред сите други меѓународни финансиски институции, навистина неговото име поврзано со оваа афера е скандалозно за нашата земја и тоа навистина во овој момент не ни овозможува ние навистина да го имаме тој авторитет и да ја имаме таа гаранција, да ги користиме ваквите средства наменети за санирање на нашето стопанство.

Ние не можеме да отплаќаме едно вакво нерегулирано користење на кредити и заеми, како што е случајот со користењето на овој кредит од страна на СОРОС, затоа што ова не е прв случај со користењето и со злоупотребата на ваквите прилики ние сме сведоци како заврши

користењето на кредитите токму од оваа меѓународна банка, кредитите дадени порано во врска со зелениот план. Сега повторно пред таа светска банка бараме кредити и никогаш не можеме да ги добиеме доколку дозволуваме членовите на Владата да бидат учесници во ваквата злоупотреба на ваквите кредити што треба да се добијат во името на државата, а да се служат за други цели, за цели кои што не и служат за афирмацијата и за авторитетот на оваа Влада што го има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална интервенција има г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ.**

Дами и господа, јас сакам да укажам на тоа дека ние не сме навикнати и немаме таква пракса да дебатираме ограничено. Тоа што сега за прв пат се воведува може да биде сметано за коректно, но укажува на една околност: Во парламентите со развиена демократија каде што дебатите најчесто се ограничени, има претходен договор - џентлеменски или џентлмвоменски, еден аспект, втор аспект, секој говорник има часовник стоперица, си ја средува дискусијата и го поделува тој период што нему му стои на располагање онака само од себе. Тоа тука не е запазено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е, уште не сме набавиле стоперици. Затоа мораме да. ги опоменуваме сите говорници овде.

Има збор пратеникот Душко Ѓоргески.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитуван прегседателе, почитувани пратеници, мислам дека како Парламент почнавме расправа за многу важни проекти, но непочитувајќи една ситуација со која се соживуваме повеќе. од три години односно од конституирањето на овој Парламент. Со тоа сакам да кажам дека за прв

пат овој Парламент расправа по неколку законски проекти кои се однесуваат конкретно на економско - финансиската консолидација или на почеток на консолидација на економски план на РМ. Не случајно дојде до ова односно со ова задоцнување. Сите ја знаеме таа историја, учесници сме во неа. Овој Парламент најповеќе време изгуби во ангажирањето за признавањето и прифаќањето во ООН на РМ.

Второ, целото ангажирање беше да се влезе во меѓународните финансиски институции и трето, еве дејде ден кога имаме прилика конкретно да расправаме за документи, законски проекти кои значат почеток на одредена економска материјална и финансиска консолидација. Ако тоа така го гледаме, тогаш мислам дека секоја дискусија која води кон пролонгирање на примена на овие законски проекти, на примена на овие договори, на примена на прифаќање на одредена помош од меѓународните монетарни институции, мислам дека води кон натамошна агонија на стопанството, кон натамошни социјални немири, кон натамошни штрајкови, кон натамошни стечајни постапки итн. Јас не велам дека со овие кредити комплетно ќе излеземе од кризата, меѓутоа, сепак претставуваат една подлога од каде што натаму ќе можеме здравиот дел од стопанството да го потхрануваме и со одредени инструменти во државата да обезбедиме излез од ситуацијата во која се наоѓаме, затоа што во ова време многу малку внимание посветивме на тоа од многу познати причини, меѓутоа, гледаме дека на стопански план нам производството континуирано ви опаѓа и ако повторно пролонгираме одредени активности кои можат да бидат во функција, ќе имаме само додатни негативни реперкусии и нема ништо да не извади од криза, па било какви жестоки говори да има од оваа говор-

**ДУШКО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Мислам дека минатогодишниот кредит во услови кога се уште не бевме примени во Меѓународниот монетарен фонд од Фондацијата Сорос за дел од стопанството каде што средствата претставуваат инјекција за ситуацијата во која што бевме и за надминување на проблемите во тие периоди. Кажав тој кредит како беше поделен и мислам односно тврдам дека тој кредит каде што беше поделен беше и успешно вратен. Во спротивно, во поранешниот договор што го имавме ќе немавме услови за повторно задолжување кај истиот давател.

Второ, мислам дека ако веќе се наоѓаме во таков период во услови кога можеме да ги надминеме нашите пречки кои значат пречка за нова инвестициона помош односно поддршка на Републиката, тогаш оваа ситуација сега, а дадено е образложението за новиот кредит од Сорос, сепак мислима дека претставува можност да се надмине односно да се санира тој долг, под кои услови, како е стекнат мислам дека денеска не е ден да расправаме, ќе каже времето и периодот кој и како го стекнав, како се земени кредити, меѓутоа, нашето залагање треба да биде да обезбедиме во меѓународните финансиски институции можност за додатни задолжувања односно за обезбедуваше на финансиска поддршка за излез од ситуацијата во која се наоѓаме. Мислам дека пред секој пратеник, пред секој вработен, пред секој граѓанин ова го чекавме цели три години и сметам дека поддршката на овој закон претставува поддршка на излез од ситуацијата во која се наоѓа РМ , можеби не по своја вина, но единствениот излез е таму доколку меѓународните финансиски институции не не поддржат сметам дека моќта и економска и политичка на РМ е толкава колку што сме биле досега односно во која ситуација се наоѓавме досега со предзнак негативностите уште повеќе се наталожуваат во идниот период.

Оттаму сметам дека не само овој закон, за да не се јавува повеќепати, сите три законски проекти треба да ги поддржиме и јас лично ги поддржувам.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Нема да навлегувам многу во стручната расправа, само ќе изнесам некои работи што се ода аспект на практичност и сакам однапред да кажам дека сме свесни за тоа дека на РМ и се потребни свежи средства за да се зајакне и развие стопанството. Да не ги осудувам поранешните, осудете ги вие, што не доведоа во таква ситуација. Сакам да кажам односно ќе се послужам со онаа народната некој човек цел ден стрижел 5-6 овци и кога се стемнило и рекол на жената светни со ламбата за да острижам 50-60 овци. Зошто овие закони не се доставија како и другите материјали за да се разгледаат на комисиите? Јас не се разбирам многу од оваа финансиска струка, туку ќе појдев кај банкар, кај економист ќе ме поучеше, ќе ми дадеше совет и ќе в идевме колкава е користа, колкава е важноста да се поддржат овие закони . Меѓутоа, ако е таква целта немаше страхувања да не се дадат однапред да се разгледаат овие закони, туку наназад се даваат.

Ќе укажам на една друга работа што не е укажана до сега во дискусиите. Јас се плашам и пак ќе кажам една народна поговорка се попарил бд млекото, сега ќе ја дува маштеницата. При донесувањето на Уставот рековме дека Македонија во рок од два - три месеци ќе биде призната под уставното име, но се согласивме само за два - три месеци да го носиме името БРЈМ само за да им ги затвориме очите на непријателите. Меѓутоа, се прашувам кој кого лажел? Дали Владата го

лаже овој Парламент, и нашата македонска јавност, или Европската заедница ја лаже. Ако може да ја излаже јас, како и тогаш што реков, ќе му честитам ако го сменат за два месеци, но не за толку, туку и за 8 месеци да го добиеме уставното име, но еве продолжи и по еднг година. Од овде се гледа дека сите службени договори, аранжмани секаде стои БЈРМ. Кој е тој дебел маж што ќе оди таму да го избрише тоа име за во иднина кога ќе се задолжиме со вакви договори таму и да речеме не се викаме више југословенска република туку Македонска Република. Мислам дека со тоа ќе се доведеме до таа работа.

Понатаму, дали со земањето на вакви кредити што реков дека е позитивно, но и тогаш за кредитот Сорос реков да има програма на кого се дадени, колку се дадени, во кој рок треба да се вратат и со колкава камата. Од ова се гледа дека не знаеме каде се дадени се гледа дека се дадени на некои стопански организации и ми паѓа во очи дека Македонија - Табак еднаш зела 1.500.000 долари, па уште еднаш 1.000.000 долари, тоа се 2.5.000.000 долари. Дали тие пари ги врати Македонија - Табак, дали направи договор со Владата да ги врати навреме за да се отплати долгот, и за што ги употреби Македонија - Табак овие пари. Дали за отплата на тутнопроизводителите каде го зеде тутунот со ниска цена или овој кредит го зеде за да ги отплати Тојотите кои уште не беа платени (аплауз од страна на некои пратеници), па сега со овој кредит ќе ги плати и затоа не можеше на време да ги врати. Сега ќе нека ла ги одере селаните, со ниски цени на тутунот, и ако требаше да се плати по 7-8 илјади ќе плати по 3 илјади, па еве како е манипулирано тоа. Значи, продолжуваме да даваме кредити без да ги обврземе да сносат одговорност, без некакви санкции кон оние што земаат кредити.

VI/4.-

Кого г-дине претседателе (му се обраќа на премиерот) го имате казнето што користел ваков кредит, не го вратил навреме, не платил камата, а Собранието на Македонија се обврзало да го плаќа. Значи, пак продолжуваме друг да јаде и пие, а друг да плаќа. Еве, зошто тоа треба еднаш да се прекине и какви треба да бидат обврските на државата кон странство и кон доверителите што ги користат кредитите.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Кредити сте земале секогаш, земале и побогати државно од нас и посиромашни држави до нас па ги враќале, ги враќале, а ќе се земаат и во иднина. Важно е кредитот како се зема и за што се наменува. Конкретно бидејќи се работи за кредитот на Сорос, бидејќи без учесник во делењето на тие пари, да ја кажам вистината како се делеа тие пари, а не да се создаваат забуни и кај нас пратениците кои не ги знаат работите како што треба и кај народот воопшто.

Прво, многу е важно што некој човек или институција во почетокот на минатата година и понуди на Македонија кредит во услови во какви бевме минатата година, непризнаени и со ризик на вложување на државата.

Второ, многу е битно што кредитот се понудил на Македонија во време кога најмногу ни одговараше економски. Битно е кредитот кога се зема и во кое време и за кои намени. Нам тогаш ни гореше и за нафта и за премостување на некои проблеми, во стопанството. Тој кредит, кој по обем не е голем, се работи за 25.000.0000 долари ни дојде во право време и како политичка поддршка и како економска поддршка.

–

VI/5.-

Сега да кажам нешто околу делењето на кредитот. Околу 20-30 стопанственици бевме повикани во Владата на РМ и ни беа кажани условите под кои се доделува кредитот Сорос од 25 милиони долари од кои веднаш се кажа дека половината се наменети за нафта, а многу е битно дали ќе имаш нафта или ќе немаш во одреден период за да некои стопански организации работат. Ако нафтата се купи навреме ќе работат повеќе стопански организации и ќе прават профит и корист е повеќекратна од имањето на нафта во одреден временски период. Половината од парите се кажа дека ќе можат да ги користат стопански организации приватни и општествени под одредени услови кои ни беа кажани. Претходниот дискутант рече дека немало под кои услови, но жив тврдам дека беше договорено време на враќање, термин на враќање но циклусот на враќање не беше ист имаше 10%, 20%, по три месеци, по месец дена и беше кажано под кои услови ќе се враќаат. Половината од парите се доделени на комерцијалните банки и тие вршеа делење на кредитот под услови кои тие ќе ги определат на оние стопански организации кои тие сметаа дека ќе можат да ги вратат парите. Тие 12 милиони долари воопшто можеа и да не бидат земени ако не се јават претпријатијата кои се заинтересирани за тоа. Парите не се доделувани од Владата, туку од банката и банката е должник спрема Владата, а не Владата да биде одговорна за делењето на кредитите.

Јас верувам дека банката си создаде добри критериуми на претпријатијата на кои ги додели, ние како Астибо не земавме но многу фирми со тоа ги премостија своите проблеми и ги вратија своите задолженија на банката, а банката на Владата. Спрема тоа, Владата се осигура за враќање на кредитот од банките. Тоа е целата вистина а не како што тука кажа дека парите се употребени за некои други цели што не е точно.

VI/6. -

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како самостојна и суверена држава, Македонија своето прво задолжение во странство го изврши со кредит во износ од 25 милиони американски долари, кој го одобри г-динот Џорџ Сорос од Њујорк - САД врз основа на закон за задолжување на РМ во странство донесен минатата година на 15 јануари 1993 година.

Извештај за тоа како е спроведен договорот за овој кредит како и каде се пласирани средствата од кредитот, кому се распределени средствата од кредитот, под кои услови за користење се распределени тие средства, дали плаќањето е реализирано, дали се покриени средствата од девизните резерви на Македонија од каде што беше утврдено да се отплатува овој кредит и многу други поставени и не одговорени прашања, а во врска со кредитот од г-динот Џорџ Сорос до ден денешен се уште не сме добиле. Нормално, скепсата е присутна и неслучајно, имајќи ја предвид досегашната практика на надворешното задолжување. За некои изгледа ова не е ни битно тоа што со Законот за буџети Собранието врши контрола на користењето и трошењето на приходите на буџетите, како и да не е важно и покрај неговите надлежности и одговорности и правото на пратениците да бидат редовно и навремено известувани и информирани за сите состојби и односи по сите прашања во државата.

За прв пат во буџетското работење на државата со Законот за буџети и Буџетот на Македонија за 1994 година го прикажавме и утврдивме буџетскиот дефицит во износ од 14 698.000.000 декари за кои се утврди дека ќе се финансира од кредити од меѓународни финансиски институти во износ од 12 милијарди и 530 илјади денари. Затоа за мене

лично не е спорно задолжувањето во странство заради измирување на достасаните неизмирени обврски спрема мултиралтералните институции и навременото измирување на обврските кои достасуваат за плаќање во оваа 1994 година, па и наредните. Се разбира, прит водејќи сметка за постигнување на најповолни услови и начин на кредитирање односно задолжување во странство спрема странски доверители.

Впрочем, заради одржување на ликвидноста на Македонија во плаќањата спрема странство и заради остварување на зголемен извоз на конвертибилно подрачје, како и заради консолидација на надворешниот долг во однос на надворешната задолженост на Народната банка на Македонија и банките овластени за работа со странство Македонија мора да смета на кредити и финансиска поддршка од странство.

Со поднесувањето на предложените закони, Владата ја наметнува интервентаната потреба од обезбедување средства за измирување на достасани обврски кон Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 107 милиони американки долари. Предложените закони сепак го актуелизираат прашањето да се каже, иако за жал, овој Парламент немал можност никогаш во изминатиот период да расправа за тоа и да се изјасни дали Владата кон ова пpашње приоѓа парцијално од случај до случај не обезбедувајќи ја соодветната законска регулатива во областа на меѓународните финансиски кредитни односи со странство и не придржувајќи се кон постоечката законска регулатива која колку - толку регулира дел од» прашањата од оваа област од денес за денес без глобална стратегија за надворешниот долг на Македонија и неговата консолидација. Имено, за мене лично се наметнуваат следните прашања во рамките на овој пакет од три закони.

VI/8.-

Македонија, односно Владата ургентно ако не вчера уште утре ден побргу треба да утврди програма за консолидација за надворешната задолженост на Народната банка на Македонија и банките овластени за работа со странство со точна евиденција односно попис на сите до сега користени странски кредити на сите субјекти странски влади, странски комерцијални банки и меѓународни финансиски институции како доверители со главница, камати, амортизационен план и нивно доспевање, барем за она што може да се идентификува.

- да се донесе закон за задолжување во странство за
- рефинансирање на кредити и земање на финансиски кредит за на пример нареден 5-годишен или 10-годишен период;
- да се донесе закон за условите за користење на одобрени и склучени договори за заем со меѓународни финансиски организации и
- да се донесе закон за условите и начинот на враќање на искористените средства од одобрени и склучени договори за заем со меѓународни финансиски организации, странски влади и странски комерцијални банки.

Ова последното го поставувам од следните причини:

Кредитите од странство преку банките се пласираат на познати субјекти, тие што стопанисуваат во РМ, тие сега се приватизираат, а нивниот долг према банките се пренесува во внатрешни дубиози на банките за да утре преку санацијата на државата го решава проблемот и повторно да го пренесе на грбот на сите граѓани преку буџетската потрошувачка или кредите да ги враќаат сите, а приватизацијата да ја вршат таканаречените акционери со право на сопственост на огромен капитал.

Истото се поставува и со кредитот Сорос. Владата не може да каже дека кредитот го пласиравме преку овие и овие банки, тоа се само

две Стопанска и Комерцијална банка, банкиве го пласираат до познати субјекти, банките го враќаат долгот спрема ова задолжување и повеќе не не интересира како и дали непосредните корисници ги вратиле средствата на банките кога се знае дека тоа не се пазарно оснвоани банки, дека ќе се санираат и државата ќе мора да ги покрие сите досегашни дубиози и долгови на постоечките банки, пред се Стопанска и Комерцијална банка. Нјалесно е да се каж е дека банките треба да водат сметка за тоа.

Државата не може да им ја отпишува приватизацијата на оние кои користеле странски кредити за да ги пренесува долговите врз сите граѓани, а правото на сопственост на фиктивните акционери. Тоа мора да се врати под, со закон, пропишани услови и начин на враќање.

Држи, во смисла на ова, образложението што е дадено као една информација која ја добивме од Комисијата за буџет, а тоа е дека користењето на средствата за Сорос-кредитот земен минатата година дел од претпријатијата корисници на кредитот преку Стопанска банка -АД- Скопје многу тешко ја вршат исплатата на ратите по користениот кредит, а има претпријатија кои не отплатиле ни една рата и целиот ризик на отплатата на кредитот паѓа на товар на Стопанската банка.

Инаку, што се однесува до Законот за задолжување на во странство за кредитот Сорос, навистина се наметнува дилемата која останува да лебди во воздух зошто задолжувањето за овој кредит не се врши преку Народната банка  на Македонија за што постои законска основа.

VII/1.- ДВ/ОМ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство,почитувани пратеници. Јас би почнал од тука само кратко.

Со прогласување на суверенитетот на Република Македонија знаеме дека се најдовме во изолација со не обработени алтернативни комуникации и пазари, односно во енергетска криза. Епилогот што беше. Македонија не е способна за живот, јас мислам дека и таква политичка стратегија постоеше во опкружувањето кога е тоа така, кога сме свесни дека прифативме модел на транзиција, на трансформација на општествената сопственост, кога сме свесни дека истата закономерно продуцира социјални проблеми и тоа многу тешки и дека е можно и блокирање и ретрградни процеси, кредитирањето за мене претставува нормален и познат институт во економијата, а во Македонија мислам дека претставуваше моторна сила д а не се заустават започнатите процеси на трансформацијата во сите сфери на општествениот живот. Оттука јас ги прифаќам одредени алтернативни мислења за начинот на користењето на кредитот. Меѓутоа, априорно да се откажуваме од кредит како познат институт во економијата, познавајќи ги сите проблеми во текот транзицијата што се јавуваат, потребите, поготово дека трансформацијата се одвива во состојба на социјални немири и солзи, мислам дека би претставувало погрешна стратегија. Оттука го поддржувам предлогот за склучување на спогодба за кредитирање.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, вчера имавме предлог кој беше прифатен расправата да се ограничи на 7 минути, а се работи за дневен ред односно за три закони кои Републиката ја _задолжуваат за 107 милиони долари. Коалицијата го изгласа тој предлог. И секогаш е така кога една

земаат пари, со тие пари привидно се разубавува животот, а потоа други ги враќаат долговите. Така било барем досега.

Овие расправи околу задолжувањата, според аргументацијата не се непозната работа истата приказна е на дневен ред.

Пред такви одлуки аргументите биле нема друг излез, странските кредите се единственио спас. Што не значи дека не треба да се земаат странски кредити. Но, овој излез станува без излез ако тие што ги трошеле кредитите не домаќински несносле одговорност, а во нашево општество досега немало одговорност во врска со тоа, а во држава без одговорност власта секогаш барала цехот да го платат сите односно народот. Затоа дефицитот во буџетот го покриваме со повисоки даноци, мора да се пропишат за да се наполни таа дупка со нови кредити за кои исто така ќе произлезе дека мора да се прибегне кон нив. Но, кредити останува и натаму не јасно кои ќе ги врати тие кредити на кои во моментот им се плаќаат обврските, бидејќи таа тема пак не е расчистена пред конечната одлука во врска со земањето нови кредити. Или пак, пак е јасно дека социјализацијата ќе продолжи на оние кредити што се трошен па овие земени за тие што се потрошени.

Што се случува со досегашните корисници на кредити ко не успеале да ги вратат. Имаше дискусија во досегашниот тек. Затоа државата бара , нели, нови кредити за да ги врати старите и да создаде услови да може да земе нови кредити или стопанските или други субјекти да можат да земат други кредити.

Еден дел од тие субјекти што трошеле кредити, а не враќал заради што сега ги земаме овие кредити. станува сосема јасно дека се главни приватизиери на општествениот капитал, регуларно и нерегуларно.

VII/3.-

Економската олигархија пак под синтагмата нема друг излез приморувајќи ја и Владата на тоа, дебело ќе се омрси и од овие кредити, а како што вели господинот Петар Георгиев, општите резултати ќе причекаме пак понатаму да видими дали сета оваа операција ќе се исплати или не. Значи кога се бараат нови кредити за враќање на стари, за пота пак да се земаат нови кредити, елементарна, морална обврска и не само морална, на Владата е да ги дадеше податоците за корисниците на невратените кредити и со какви обврски остануваат тие сега во однос на овие кредити. Тоа прашање е отворено во врска со овие кредити. Можеби е разговарано.

Дали е нивна обврска да се приватизираат, на тие што ги користеле кредитите, па сега некои друг треба да ги покрие тие кредити, да прелеат на своите приватни конта и од овој начин на позната веќе социјализација на трошоците што други ги правеле. Одговорот дека тоа ќе биде сторено дополнително, што претпоставувам дека барем ќе има некаков разговор во врска со тоа да се уредат односите сега меѓу државата, банките и претпријатијата чии кредити се враќаат дека тоа наводно ќе биде сторено дополнително, не е задоволително. Пак може заради некакви принудни околности под кои стално дејствуваме да дојдеме до тоа- едни пијат други плаќаат. Тоа е нај- големата слабост во врска со овие кредити.

Инаку не е спорно дека на Република Македонија и се потребни финансиски средства. Потребен е финансиски предах и во оваа стабилизациона програма која беше понудена во целина. секоја Влада би побарала ваква поддршка на својата стабилизациона програма Но, треба да се знае, во секој случај, точно кој се задолжува, народот на Република Македонија или тие чии кредити практично со овие кредити се репрограмираат и делумно отплаќаа! односно народот или  тие што сега

немилосрдно го прелеваат општествениот капитал во приватни чепови или приватни претпријатија. Тоа треба прво да биде расчистено и да се знае дека тие и тие субјекти се они на кои им се враќаат кредитите, а нека најдат они илјада и еден изговор зошто не можеле да ги враќаат досега кредитите.

Ако се случи во една прилика некој пак да каже, ако се случи да дојдеме во ситуација повторно да кажеме, како што денеска кажуваме би се кажувало и пред други задолжувања дека нема друг излез мора даземеме кредити. Значи ако доживееме уште еден неуспех, се надевам не, тогаш навистина ќе немаме излез, но ќе немаме излез и заради тоа што повеќе никој нема да ни дава кредити, а ќе ни земе многу нешта, не само материјални и финансиски. Затоа прашањето на локацијата на обврската во врска со овие кредити, расчистувајќи ги старите не расчистени односи е многу важно прашање кога се одлучува и во врска со овие кредити за финансиско промостување на проблемите во Република Македонија.

На ниту една земја досега не и е побарана пред ратификациона постапка или она што во дискусијата беше кажувано, го немаме договорот, зошто прво ратификација па потписи, а не прво потпишување па потоа ратификација што е сосема логична работа и вообичаена практика. Очигледно дека меѓународните институции и финансиски и политички фактори се уште не и веруваат доволно на нашава држава односно не веруваат уште во постојните политички сили, во Републиката или во власта, законодавна, извршна, сеедно, па ќе треба и понатаму да ги убедуваме дека овде постои политичка стабилност, зрелост и  за да можеме да ја зголемуваме довербата и во вакви преговори да поминуваме подобро, да не ни применуваат вонредни постапки какви не применуваат за други, а ние да се чувствуваме повредени во поглед на

нашето државно и национално достоинство. Тоа е едната работа. Меѓутоа на никого не му е побарано и никој не пристанал досега да потпишува договори со туѓи имиња, не уставни имиња и тоа е еден од големите проблеми кои што постојат кога ни се нудат вакви загони во кои што Македонија е именувана во Поранешна Југословенска Република, а јас се надевам никој од нас не е овластен, јас не сум овластен да прифаќам или ратификувам договори со неуставно име на Република Македонија. Тие што ја започнале таа работа нека си ја завршат до крај, имаат доволно гласови во врска со тоа. Според тоа , кредитите ќе поминат, потписот под тоа име нека го стават тие што го ставале досега.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас од претходниот дискутант заклучив дека веќе имало договори под слично име. Жалосно е што досега ние не вршевме увид од тие спогодби и договори што ги склучува Владата. Исто така не вршиме увид во тоа како се користат средствата.

После една година и повеќе искуство со ваков договор на ниедно тело во Собранието да не биде разгледувана содржината или да не се добило увид за мене е многу незгодна индикација.

За тоа колку има доверба странскиот фактор во нашата држава, може да посведочи и оваа околност што веќе и хуманитарните пратки или делови од нив самите донатори инсистираат да ги делат овде на наш терен. Тоа за мене сведочи дека соработката со инстанците на власта не задоволува.

Сакам да спомнам и тоа дека укажувања на стручната екипа на ММФ одеа во правец дека кај нас во РМ постои силна даночна инвазија што значи одлевање на приходи, а според тоа и празнини во буџетот или неможност да се финансираат социјалните аспекти или пензиите или осигурувањето итн.

За тоа вакво експертско тело или ниво да уточни, а овде во Собранието никој да не се насекира туку баш да дава поддршка за ново кредитирање, за барање нови кредити, мене лично ќе ми остане еден товар и не можам да се согласам со ваквиот начин на повторно позајмување средства за кои не јасно е кој ќе ги плаќа, со какво интерес со какви камати.

Познато е дека неразвиените држави во целиот свет стануваат се поголеми борчлии. Но, исто така е познато, има такви анализа од соодветни институти дека проблемите не се во тие што ги даваат парите туку во тие што располагаат со нив, поточно во дефицитите на демократија на лице место. Ваквото нешто може веројатно и за нас да биде применето.

Лоша индикација е и тоа што еден проект за задолжување на државата од 107 милиони долари се форсира вака хектично, а на пример во медиите нема никаква расправа , или нема произнесување на она што е кај нас ум или што може да претставува некој фактор во науката. На телевизијата и во другите медии гледаме сега дебати за ширење на сида на дрога. Одеднаш оваа недела тоа се интензивира. Јас се прашувам дали има некаква корелација околу тоа.

Климата недоверба може да се гради и потребно е тука да се воспостави. Но, вака со елиминирање и на увид дури во документите, во комуникацијата, за мене е несфатливо. Само ќе напомнам дека и по однос проектот попис 1994 година баравме разговор со Владата како опозиција, не добивме. К за овие договори исто така ние ќе имаме увид, горе долу никаков, а тоа пазо со поддршка на мнозинството.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници Излегов на говорница да го изразам моето незадоволство што составот на оваа

млада Влада на Република Македонија по втор пат отстапува од нашиот традиционализам на доцнење во сите полиња. Тоа го направи со успех со буџетот и поврзано со тоа навреме покренува иницијатива за реализација на ветеното што е кажано по повод донесување на стабилизационата програма.

Во едно мислам дека е во ред да се истакне фактот дека овој долг, иако е за испливување од тешкотиите, мотивот во кој се дели длабоко лежи во давање поддршка на младите демократии и нивниот развој т.е. продлабочување на демократските процеси на сите земји на пост комунизмот во Источна Европа, а во тој склоп и на РМ. Затоа давајќи му потполна поддршка на овој Предлог за донесување на закон по итна постапка, на едно изразувам и моето мало незадоволство што господин Сорос нема можности или не се согласил оваа сума да биде малку и повисока.

Владата на Република Македонија почнува да дејствува на дело и во пракса да ги потврдува своите заложби. За прв пат се задолжи во странство, за прв пат со успех го положи испитот и самиот факт на доверба на второ задолжување во тоа не уверува.

Мислам дека говорницата не е добро да се служи во име на незадоволните да им се градат кули во облаците. Кулите се потребни на оваа почва на РМ, а исто така и стандардот, пензиите, невработеноста и друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници. Пред некој ден кога се подготвував да го пополнам формуларот за данокот на недвижноста пребарував по документацијата за некои податоци што ми требаа и видов дека се што сум стекнал досега, сум го стекнал на кредит, како што впрочем тоа го направија и сите граѓани на Република Македонија па и по широко, па и во сите земји на светот. Уште кога видов дека се укинаа кредитите, дека всушност немам ништо набавено ново. И можам да ви кажам дека "семејните стопанства" на секаде во светот, поготово младите семејни стопанства се ставале во функција единствено на таков начин. Треба само да бидат исполнети неколку предуслов па да фатиме копче со начинот на живеење во целиот свет кој што има огромно искуства на тој план. Прво, треба да се најде, јасен финансиски аранжман и кредит под поволни услови. На полето на државното стопанство ако се префрлам по поволни услови од оние што ни ги понуди господин Сорос со првиот и со овој кредит сигурно нема. Вториот услов е да има и стабилни услови на стопанисување и третиот услов е тој кредит да се искористи наменски, така како што со тие кредити граѓаните си купуваа станови, фрижидери и се она што е потребно во домаќинството. И во оној период кога некој на таков начин обезбедуваа приемчив живот, некои во Република Македонија земаа кредити за да си го поминат одморот на Палма Де Ма Јорка итн.. Тоа се случува и со државните стопанства. Меѓутоа, нема кредит добиен под по поволни услови, ако условите на стопанисување се до5ри и ако наменски се искористи што не е добредојден. Затоа без дискусија треба сите да се заложиме во оваа држава да обезбедиме стабилни услови на стопанисување. Да дојде Свеж капитал, да заживее повторно институцијата кредит и за стопанството, зошто прв таму треба да се

стабилизираат и консолидираат односите, па да почнеме  како што живее современиот свет и ние тој инструмент да го користиме за подобрување за условите на живеење и стопанисување. Со оглед на тоа што таа институција на неколку пати беше напаѓана со два збора би сакал само да се осврнам и околу претходниот кредит даден од господин Сорос.

Тогаш кога ние ги земавме кредитите за домаќинствата, точно се знаеше кој го зел кредитот и кој треба да го враќа. И во тие социјалистички банки кои не работеа најдобро со пазарни услови на стопанисување, не знам некој да зел нов кредит пред да го врати претходниот. Истата ситуација е и со овие кредити. Оваа држава покажа дека во најтешките моменти доби поголем кредит и дека успеа да го одржи достоинството и да докаже дека е способна тие обврски што ги зела и да ги подмири на време , за да може на ист начин да конкурира за нов кредит. Оттука апсолутно не се точни класификациите што беа дадени овде дека станува збор за кредит,за кој што не се знаат ниту условите ниту рокови, ниту стапки итн., не се знае кој го зема кредитот и кој треба да го враќа и дури беше инсунiирано дека повторно се зема кредит за да се полнат не знам чии џебови и повторно народот да биде оптоварен тоа да го врати. Мислам дека тоа е една тешка дезинформација, злонамерна заради тоа што пред сите нас точно стои списокот на сите оние што го искористија кредитот по име и презиме кои биле обврзници да го вратат, и што го вратија кредитот со една додавка дека сите пак во државата го користеа оној дел што беше одделен за набавка на нафта во најтешките моменти. Според тоа, за прв пат имаме конкретна информација, точно кој е гарантот на кредитот, кој е корисникот, кој го вратил кредитот и кој бил во најтешките моменти. Јас направи една пресметка дека преку 40 илјади вработени во 39 претпријатија од сите структури на сопственост во РМ, биле поддржани оа да ги одржат продукционите односи и да премостат тешки финансиски проблеми.

И познато е дека ако дојдеме повторно до можноста да ги користиме тие кредити, остваруваме една можност за континуирано користење на средства и остваруваме можност да се испомогне стопанството во неговите најтешки моменти. Според тоа апсолутно не станува збор дека земаме кредит на црно, без познат корисник и оној што треба да го врати и дека народот ќе бил повторно оптоварен да ги плаќа долговите ан некој што го земале кредитот за сопствено богатење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас побуден од некои дискусии чувствував за потреба да го кажам своето мислење по овој предлог за донесување на закон. Да ве потсетам нема политичка програма, нема политичка партија која излезе на изборите со определба дека на земјата и е потребна инфузија од странство. Дури некои лицитираа колку средства ќе донесат ако победат на изборите. Според тоа не верувам дека и во парламентот има пратеник што не е у беден дека на РМ и е неопходна инфузија на средства од странство. Овој кредит што се нуди е исклучително добар и по поволен не верувам дека постои во светот, и во финансиските кругови и во светот. Довериeто што Македонија го доби од г-дин Сорос фактички зборува само за кредибилитетот на Македонија во круговите на Светските финансиски институции. Затоа што господин Сорос е марка во светските финансиски институции и ова е референца фактички за македонската држава за македонската Влада. Тој не го дава од алтруистички побуди бидете уверени во тоа, тој сака да профитира, но да ни помогне затоа што ни поддржува како што говореше во неговата беседа што имаше намера да ја одржи овде затоа што ја поддржува демократијата во Македонија. После овие години после исплаќањето на тој кредит неговата согласност да ни даде уште еден таков кредит, фактички зборува за потврдата дека се реализирани принципите на г-д

Сорос во моментов кога се определи на Македонија финансиски да му помогне. Затоа треба ние сите како пратеници и граѓаните на Македонија да му бидат благодарни на човекот - институција што во оној момент кога никој не го знаеше ниту името на Македонија во тие светски институции, тој се реши да одобри 25 милиони долари.

Второ, нема одговорност околу доаѓањето на овој кредит? Одговорност точно има и точно е посочен субјектот . Договорот го заклучува Владата на РМ со господин Сорос. Според тоа одговорен субјект е Владата на РМ. Овде исто така се кажа дека едни ги земаат кредитите а други ги враќаат. Последната рата за враќањето на овој кредит случај но се совпаѓа со крајот на мандатот на овој парламент. Тоа значи ако предвреме не падне Владата е и крајот на мандатот на оваа Влада. Според тоа дајте и шанса на оваа Влада да погреши. Зашто ако не погреши ќе и биде многу поголем кредибилитетот на следните избори. А најголемата грешка може да се случи ако се промаши со кредитот, намената на кредитот користењето на кредиторот, еве ви шанса на следните избори, најголемата критика пак против оваа Влада и оваа полиција да ја остварите тогаш . Но, немојте да се определувате овој кредит да не го подржиме. Македонија никогаш повеќе нема да земе по поволен кредит од овој што се нуди. Ќе видите и оние другите од светската банка и од другите финансиски институции, сепак се многу пориторозни од колку што е кредитот што го нуди г-дин Сорос. Мислам дека заслужува наше внимание  јас се определувам да го подржам овој закон и да предложам дека не треба повеќе да се исцрпуваме во непотребна дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Хамит Халиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници и претседателство, прво сум изненаден зашто јас мислев дека оваа седница барем ќе има професионална дискусии

VII//5.-

и оваа седница на парламентот ќе заврши во рекорден временски рок. Второ се чудам како некој ако ги слуша нашите дискусии ќе ни даде кредит се прашувам.

Како прво професионално би требало да знаеме што е кредит како институција, каква е структурата во нашето стопанство. Ако тоа го знаеме, тогаш се прашувам дека во самиот закон се е кажано како ќе се користи а и од правен аспект мислам дека Законодавно - правната комисија имаше денеска седница го имаме извештајот од правна страна го подржува. Трето самите потписници за условите на кредитот тоа го знаат и се во право оние господа и колеги што се залагаат за намената на кредитот да се ефектуира а ја мислам дека самата Влада што прави знае и за кои ефекти ќе се користи.

Ако некој мисли а и јас исто така мислам дека би било многу подобро да немаме никакви кредити. Меѓутоа без нив не можеме. Ако не сакаме кредитите, нека кажат на оваа говорница од кои извори да се најдат што ни се и тоа како потребни.

Ако пак сме свесни дека немаме дека ова наше стопанство и во ова наше поднебје немаме такви избори, јас навистина се чудам зашто толку долго ја одолговлечуваме расправата по овие три закони и предлагам сите дискусии, господине претседателе, во еден рекорден термин да ги завршиме и овие три закони да ги донесеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници од многумина овде слушнав за тоа како се потрошени средствата од кредитот од господинот Сорос поготово од господинот Панче Насев кој на некој начин успеа до некаде да ме убеди дека се наменски потрошени. Меѓутоа тука нешто загатна и господинот Стојановски, кој што не успеа мене да ме убеди за тие останати 9 милиони долари за набавка на нафтата. Дали не знаеше да ми даде презентација или толку ги има достапно документите, меѓутоа навистина

VII// 6.-

г-динот Стојановски не успеа да ме убеди. Исто така од оваа говорница се слушна како одредени луѓе цел живот живееле на кредит, односно ги задолжиле и нашите чеда и нашите внуци и правнуци да плаќаат кредит на државата. Тоа се слушна овде. Исто така, колку што мислам јас овој кредит не е ниту за социјала, ниту за краткорочни кредити, за граѓаните што треба да си го подобрат својот стандард. Меѓутоа овој кредит, колку што можам јас да разберам е да си ги подмират обврските пред меѓународниот монетарен фонд и меѓународната банка за да може да се добие друг кредит. Значи од еден кредит минуваме на друг кредит. Меѓутоа навистина не успеа барем досега Владава да не убеди точно каде се потрошени парите односно банките на кои им се дадени тие 12 милиони долари, организациите што ги користеле ч претпријатијата, дали тие биле приватни или државни, дали ги вратиле на банките или се уште не вратени или минаа во приватни џебови па некои определени претпријатија со нивната трансформација станаа акционери и постануваат газди на тие приватни претпријатија користејќи ги овие средства. Исто така од оваа говорница се спомна дека ние со овој кредит треба да ја развиваме социјалата. Ашколсум бре луѓе ако треба да ја развиваме социјалата!" Што развиваме социјала во една држава тогаш ја доведуваме нацијата до питачки стап. Јас мислам со кредит никогаш не треба да се развива социјалата. Напротив треба да се работи обратно. Треба економски да се развиваме, а не социјалата да ја развиваме така се чу од оваа говорница.

Изгледа многу жал му падна на Сорас што нас ни даде кредит бидејќи го најде најголемиот интерес во Македонија а со тоа ние настојуваме да го промениме и нашето уставно име во Поранешна Југословенска Република, само под услов да ги добие тие, одредена сума долари пари Мислев вака како што сме тргнале, бидејќи позицијата си има мнозинство нека го донесе а јас од овие причини не сакам да гласам каде што го криеме пред се Уставот, односно Уставното име на Република Македонија

VII//7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе му дадеме обѕир на господин Стојановски, а ве молам вие пратеници еден на друг на не се повикувате на говорница. Тоа е недопуштиво. Ова нека биде исклучок друг пат на ниедна пратеничка група нема да и дозволиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ :**

Јас сум повикам на една околност дека некој не разбрал. Тоа е негово право дали разбрал или не и не е битно на која пратеничка група и припаѓа. Тој е пратеник овде и негово пратеничко право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е мое и јас тоа ќе го регулирам. Вие само зборувајте си затоа што дојдовте. Стално излегувате за едно а друго зборувате. Како можам да ве оставам на мир. Не возможно е така да тече седницата. Ве молам. Вие добивте збор да објасните што ве спомна господинот Јовчевски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам пред мене една информација со предложение на Владата, веројатно господинот Јовчевски не ја има добиено за начинот на користење на средствата од заемот на Сорос. На страна пет се говори јасно дека до 26.101993 година на име отплата од средствата употребени за набавка на нафта се вратени од девизните резерви на име главница 4.040.689 долари и на име камата 213.592 долари. На крајот на истиот месец 31.10, требало да се вратат уште 2.02 0.345 долари на име главница и 18.405 долари камата. Овие пари се платени за набавка на нафта. Таа нафта дошла во државата и така треба да се сфати од извештајот. Тоа јас така го сфатам. Нафтата е дадена ќелија да ја користи, не се гледа каде се повратени овие средства како главница и камата што се платени од државата од девизните резерви. Ако е ова така, јас ќе имав едно сознание и веројатно тогаш Цветан ќе ме разбереше да кажеше е овие пари се пак како резерва. Меѓутоа, по кој

VII// 8.-

основ, дали како пласман капитал или како што. Како се вратиле? Едно е јасно, како што стои во извештајот дека овие пари се отидени од девизните резерви, меѓутоа покритие за враќање на нив не постои. Затоа јас реков, молам, од претставникот на Владата, пред да дојде ова, да се даде одговор на ова прашање не само вербално, туку да кажат, од каде ќе се види каде се тие пари. Во тоа е проблемот, а не во друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Симјановски има збор.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,претходниот мој почитуван колега од оваа говорница изнесе податок дека одредена информација на Владата пристигнала во Собранието со која тој истиот овде оперираше и изнесуваше одредени податоци за кредитот Сорос. Јас како пратеник на ова Собрание немам добиено таква информација поставувам прашање од каде до пратеникот доаѓаат вакви информации и од каде тој со неговиот истап дава податоци и од таа невидлива информација поставува прашања до Владата на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас излегов само околу ова што е на дневен ред и за што се води расправа и затоа како се користени средствата од ланскиот кредит на Сорос. Ние како Влада не сме знаеле дека денеска е тоа на дневен ред. Тоа не е ниту Владата предложила, ниту пак некој барал, да биде дадена информација за тоа како се користени средствата од кредитот Сорос во текот на 1993 година. Ако тоа некој го барал овде ќе беше на парламентот. Во ниеден пропис и во ниеден закон не постои дека во образложението, дека за задолжување на државата за еден кредит

треба да се даде информација за кредит од порано како се користени средствата од взаемни кредити. Јас сфатив дека се бара таква информација и таква информација пратениците ќе добијат. При тоа една напомена, ова не е комунистичкиот парламент и нема никогаш повеќе државата ниту Владата да командува со сите стопанственици. Ќе бара тој што дава кредит да му бидат вратени и парите и каматата, а ти понатаму што сакаш прави, па губи ако сакаш. Тоа е ќе биде филозофијата и според тоа нема потреба понатаму да се дискутира за тоа како се користени средствата од кредитот од Сорос во 199 3 година, затоа што само може да се бара информација. Таа информација ќе се добие.

За другите забелешки што беа, ако е завршена расправата ќе кажам а ако не на крајот ќе се искажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благој Тошев.

IX/1 СЈ/СЛ

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас не излегов да го критикувам г-динот Сорос или да ги кажам позитивните страни на кредитот, истовремено ова што го кажа г-динот Хајредини точно е тоа дека ние имаме само можност, Комисијата за финансирање и буџет да ја добиеме информацијата по наше бараше и затоа изгледа не ја добиле сите пратеници.

Основно за што станав да зборувам е во однос на кредитот дали има позитивни страни и односот на каматата може да се каже дека кредитот не е лош. Истовремено сакав да нагласам и забелешка што имам е тоа дека добро направила Владата што го регулирала тој однос Влада-банки. Во прашање на ова се јавува сега нешто друго банки - краен потрошувач. Можеби Комерцијална банка имала повеќе позитивни да речам клиенти што ги вратила кредитите, овде се јавува кај Стопанска Банка А.Д. Скопје, што одредени луѓе не платиле дури ни една рата. Можеби Владата на некој начин го видела проблемот. Нагласувам само единствено што понатаму Владата, велам понатаму да не дозволи да врши санација на банките, оти ако случајно врши санација ние знаеме дека во оваа прилика сега каде што имаме акционерски друштва може да се создаде и приватен капитал. Ако Владата во тоа тркало врши санација на банките понатаму, ако сега и новиот кредит се даде, не се вратат тие земени кредити, Владата врши санирање може да дојде истото што ќе се случи сега овие 107 милиони долари да се враќаат од порано што се земени, затоа што можеби на некој начин вршени санирања, а каде се тие капитали, кој ги зеде, дали се во приватни раце, во акционерски друштва или кај некој друг, тоа не можеме да го знаеме, но, на еден начин го задолживме ресорниот министер за финансии, ако постои можност тоа да се. види, да не се повторат тие работи, сметам Владата

да има пориригорозни мерки во однос на банките да не врши санација на тој дел.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална интервенција од Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа ја од оваа говорница го повикав министерот да ми даде одговор. Тој се јави, не ме спомна и ми се ускратува правото на одговор. Ова е мојата процедурална интервенција. (интервенира претседателот на Собранието со чукање на ѕвоното), нека престане претседателот еднаш на тоа ѕвонче да чука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, морам да чукам. Сега вие ја направивте интервенцијата.,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете вие не ми дозволувате да говорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во што е интервенцијата не знам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Интервенцијата, ми го одзедовте правото да ми се даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа интервенцијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете претседателе, ако досега министерот говореше за целиот Парламент, сакам процедурално да ми се обрати на мене лично да ми даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде сега напуштете ја говорницата.

Бидејќи сега ние немаме прашања упатени до Владата и на функционерите, туку сите прашања што ќе ги формулирате вие како пратеници било на Владата, било на министер, било на друг пратеник, било на кого, се само ваши гледишта во вашето учество во претресот, а не прашања на Владата, не се ова пратенички прашања па да ви одговорат на тоа. Владата оценува на кого, како одговара. Оцени министерот дека одговори на одредени прашања кои во дебатата беа дадени, вас не ве спомна, не се однесу.ва на вас, вие земете си го што се однесува на вас, а другите што се однесува на другите. Ете така. Кога ќе бидат прашања, вие ќе имате право да барате одговор на вас што ќе се однесува.

Сега ве молам немојте да го реметите редот на седницата и да продолжиме.

Има збор г-дин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, по однос на поднесените закони кои се на дневен ред на денешната седница, сметам дека од самото образложение во предложените закони од искажувањата на министерот и одлични сознанија на сите нас што сме овде, бидејќи неспорен факт е дека РМ има преголеми долгови према странски кредитори, кои што кредити биле земени многу наназад, сметам дека потребата е неопходна. Што фали во ова е предложени закони? Грешката е направена во Владата, кога Владата по интервенција на меѓународните банки и ООН во Буџетот на РМ ние за прв пат покажавме дефицит, кој

што дефицит е резултат на неплатени кредити према странство. Овој дефицит кој што цирка околу 300 милиони долари, ме исправа министерот дека е 200 милиони долари, тој дефицит треба во текот на годината да се покрие со кредити, така стои во самиот Буџет. За овој Парламент да може да прифати да заклучи такви договори неопходно ќе беше Владата да изготвеше една Информација која што ќе претходеше и по која парламентот ќе се изјаснеше и истата ќе беше еден основ за донесување на сите закони кои што ќе следуваат понатаму.

Овој предлог кој што се предлага од повеќе дискутанти произлезе, исто така, јас лично сум во тоа убеден, односно не успеаа да ме разубедат какви се тие долгови, кога се направени, зошто се направени, дали се на државата, дали се на одредени претпријатија, за кои што давала државата гаранција и сето тоа го направиле некои луѓе далеку пред нас, ми се чини овој Парламент да прифати една таква хипотека и која што ја прифаќа како долг сега да се обиде да ги репрограмира тие кредити, сепак треба да имаме едни јасни основи за што се однесуваат тие кредити. Инаку лесно е да се крене рака и сето ова што се прави поготово по кредитот од г-динот Џорџ Сорос, тој кредит е краткорочен до крајот на месец ноември. Ние правиме решавање на еден проблем за едно 7-8 месеци и помалку и истиот кредит пак треба да се врати. Останатите два кредити се далеку подолгорочни за 20 години, сепак овој Парламент кој што потпишува договори за 20 години како денеска ние што критикуваме некои пред нас што ја задолжувале оваа држава, а не воделе сметка да се вратат кредитите, исто така и ние ќе бидеме критикувани што така сме прифатиле.

Не спорен факт е дека овие кредити создаваат услови за нови кредити. Дали РМ ќе биде исолвентно и кредитно способна па да ги добиеме и тие кредити што ќе ти бараме.

Јас не би можел да гласам за овие закони се додека не видам на кого се однесува, барам Информација , најнапред да се изјасниме за таквата информација, да видиме на кого се однесуваат тие кредити, зошто се однесуваат и кој не ги платил и зошто не се платени досега?

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека треба да се почитува она што го вети министерот за финансии г-динот Хајредини, кога рече дека ќе ни понуди информација. Верувам дека тоа ќе го стори откако ќе биде усвоен законот, а информацијата се однесуваше за тоа како се трошени и користени средствата од првиот заем на г-динот Сорос. Значи почнуваме пак со г-динот Сорос.

Јас нема да се впуштам, зошто , како ќе се користат средствата, едноставно поаѓам од тоа што ја имавме расправата по првиот негов кредит или заем, каде што со неговото обраќање до Парламентот едноставно ни понуди ново име на нашата држава. Тоа беше една од причините што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ водеше расправа и не го прифаќаше она да трампаме еден заем за кредит од 25 милиони долари.

Денеска ја имаме истата ситуација. Ако во тој период со првиот заем ка г-динот Сорос нас ни се наметна шмет. Бивша Југословенска игприемот во ООН, сега со вториов да речам заем следува трампање за знамето на РМ. Тие работи се совпаѓаат, така да изгледа дека некои

успева со пари да купува се што сака во нашава држава.

Законот кој што е овде предмет на расправа во членот 2 дава еден голем празен простор, едноставно речено за утврдување на условите и начинот на користењето на средствата од г-динот Сорос. Тоа е едно големо право кое што исто така се дава такво овластуваше на министерот за финансии и гувернерот на НБ, а познато е дека, овде како што читаме во членот 2 договорот се склучува меѓу РМ и г-дин Сорос. Владата воопшто не фигурира.

Јас сакам да укажам на една друга работа. Ако немаме презентиран договор, а и по основ на првиот заем на г-динот Сорос беше склучен договор, кој договор ако ништо друго не во вид на информација, требаше да биде презентиран пред пратениците, едноставно од причина да видевме кој се условите, начинот итн.,Се нуди исто така договор за кој ние немаме претстава како ќе изгледа. Практиката е кога се дава еден ваков бланко овластување да се приложи еден текст на договор кој што ќе биде основа за реализацијата токму на договорот за заемот што ќе го понуди г-динот Сорос. Едноставно пак постои страв, се враќаме на втората забелешка дека и тука постои можност од замката да на еден ваков начин давајќи бланко согласност на договорот кој треба да се потпише да дојде до промена на името на РМ и сето тоа ќе си оди, но во овој случај настапува РМ.

Затоа нашата пратеничка група нема да го поддржи Предлогот на овој закон од причините кој што јас на одреден начин ги изнесов. Исто така, сакам да у.кажам дека треба сепак да се води сметка дека и во документот на Хелсинки Уоч ако се чита внимателно се стекнува еден впечаток дека сепак се нема една одредена доверба во Владата на РМ и дека таква доверба се искажува на одреден начин према опозицијата. И тука логично е што г-динот Сорос бара гаранции од РМ а не од Владата.

IX/7

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Точно е дека оваа седница беше свикана по итна постапка, иако морам да кажам дека сум изненаден што повеќето или некои од дискутантите овде рекоа дека ова се некои нови работи, па зошто така изненадено се дадени, зошто немало време да се понудат материјалите, да се видат навремено.

Бидејќи оваа седница не може и не треба да се гледа одделно од расправата која што беше за стабилизационата програма и за целиот пакет на закони за кои што меѓу другото законите беа поддржани од овој Парламент, каде што најголем дел од работите беа изнесени по самата стабилизациона програма, а и оперативно запишани во Законот за Буџет на РМ и во самата структура на Буџетот на РМ за 1994 година. Она што денеска се наоѓа пред вас како законски проекти, како предлог на законски проекти, не е ништо друго и ништо повеќе од операционализација и реализација на она што тогаш беше предложено и во форма на законски проекти поддржано од страна на Собранието на РМ. Меѓу другото, тогаш беше и наведено каков ќе биде финансискиот пакет бидејќи ова не е ништо ново туку ние ни со ММФ ниту со Светската банка за обнова и развој во последниве неколку дена постигнавме како договор, туку тоа е резултат на повеќе од шест месечните преговори со мисиите на ММФ и на Светската банка за обнова и развој , и врз основа на тие усогласени работи и предложив таква стабилизациона програма, таков Буџет, изразивме таков дефицит итн., и во најголем дел и тогаш дискутиравме за овие прашања. Што значи бидејќи имаше различни дискусии, слободни интерпретации, да речеме конкретно за кредитот од Сорос дали ќе биде искористен за економски развој во стопански претпријатија за подигање на стандард за социјални програми итн., не

држи таа работа. Секој оној што внимателно ќе го прочита образложението ќе се потсети на расправата кога се утврдуваше Стабилизационата програма, ќе се потсети дека со таа Стабилизациона програма, со тој Буџет, со Законот за буџет, ние презедовме обврска да го сервисираме досегашниот долг према мултилатералните кредитори меѓу кои што е и Светската банка за обнова и развој, тој долг изнесува 107 милиони долари, заклучно со 1993 година односно со моментот кога ги обавуваме преговорите, инаку има уште 7 милиони долари во последниот квартал од 199 3 година. Има соодветни рати за 1994 година, имаме ние тековни обврски во понатамошниот период спрема овие мултилатерални кредитори и ние исто така земаме обврска да ги подмируваме.

Тогаш рековме дека свесни сме за една работа, додека Светската банка е институција од таков карактер кај која нема простување на стари долгови, нема репрограмирање на стари долгови нема откупување по пониска цена на стари долгови и нема зачленување и можност да се користат нови кредитни линии кон Меѓународната банка доколку не се подмират старите обврски. Што значи од една страна се определуваме да си го сервисираме својот долг према мултилатерални кредитори, но од друга страна на тој начин создаваме простор да можеме да користиме и комерцијални кредити, инвестиции итн. Без соодветен аранжман со ММФ и со Светската банка ни една држава не може да се смета за држава во која што може да влезе странскиот капитал. При тоа рековме дека за да можеме тој долг на. Светската банка, досегашен, да го подмириме, ќе користиме три видови на средства. Едниот ќе биде донација на група од држави, некој овде ќе рече дека е тоа просјачење итн., тоа се нормални финансиски трансфери, комуникации во светот и еден голем број на држави тоа го сметаат, инаку никој во оваа Европа и

во Светот од љубов и само од љубов или од емоции не дава пари, без разлика колку можете вие да се обидувате да предизвикувате сожалување итн. Тоа се нормални финансиски аранжмани што се прават и што се направени со поголем број на држави и еве во однос на РМ се формираше група која што беше предводена од страна на Холандија, група за донација да се соберат средства за сервисирање на досегашните обврски.

Вториот извор ќе бидат кредити за премостување .

Третиот извор ќе бидат нашите сопствени девизни резерви. Наша ориентација ќе биде што е можно поголем да биде делот што ќе се обезбеди од донација, бидејќи тоа е најповолно за државата, тоа е подарок, а да биде што е можно помал делот што ќе ги оптовари нашите девизни резерви. И тука помеѓу тие две определби ќе се оцени која е сумата што ќе биде потребна да се регулира по пат на кредити за премостување.

Денеска овие три закони треба во тој контекст да се гледаат, ниту за развојни програми, ниту за пласмани во стопански субјекти итн.. Ние со овие три закони она што тогаш во Буџетот го утврдивме ви го предложивме и ви го образложивме , тоа го операционализираме и спроведуваме.

Кредитот на Сорос влегува во финансискиот аранжман за сервисирање на досегашните обврски према Светската банка. Ние можеме да не го земеме дури тоа е наменски даден. Господинот Сорос го дава за да може да се користи за подмирување на обврските према Светската банка Ние сме лимитирани во тоа. Така да ако и тоа го погледате јасно се гледа и од образложението.

..

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Ние можеме тој кредит да го земеме или да не го земеме. Ако не го земеме, таа дупка што ќе се создаде ќе треба да се пополни со нашите девизни резерви што не е добро. Ние го земаме овој кредит бидејќи е поволен, бидејќи нуди камата од либор +1 што е релативно, не релативно него ниска камата и овие средства ги користиме за да не мораме да ги оптовариме во поголема сума девизните резерви.

На вториот закон, иако тоа ќе биде втора точка, бидејќи слушајќи ја расправата едноставно не можам да разграничам дали се зборува за првиот закон, дали за вториот, дали за претходниот кредит од Сороз итн. Меѓутоа, еве да ја искористам оваа можност, за да не остане нешто да виси, неодговорено во воздух, околу тоа како е искористам претходниот кредит од страна на Сороз, што исто така изнесуваше 25 милиони долари. Меѓутоа^ тогаш беше даден за друга намена, а не како сега за реализација на обврските спрема Светската банка.

Писмена информација кој побарам од аспект на собраниските структури, добил. Комисијата за буџет и финансираше, ми се чини и за стопанство, ако не се лажам, побараа информација и добија конкретна информација. Ако од Собранието се побара информација, исто така ќе ја дадеме. Меѓутоа, во овој момент, бидејќи се изнакажаа многу работи, нели, кои што можат да влијаат, да речеме, како пратениците ќе се изјаснуваат по законите, само в» кратки црти можам да ви кажам:

Имаше дел кој што директно Владата го искористи. Тоа е делот за купување нафта. И, дел што се пласираше преку комерцијалните

деловни банки, на начин како г-динот Насев пред малку образложи, преку двете најголеми комерцијални деловни банки во Републикава, Стопанска и Комерцијална банка. Тој дел се даде на располагање на стопанството под услови што ќе ги пропишат банките. Ние тој дел го регулиравме, како релација помеѓу Влада и банките. Тоа се рокови, тоа се ратите, тоа се каматите, во тој период да се плати, и сите обврски спрема г-динот Сороз за минатиот период се на време отплатени од страна на Републикава. Тоа значи и од банките кон девизните резерви кон Републикава, потоа трансферирани натаму.

Се постави прашањето - ама, дали деловните банки ги давале на вистинските субјекти, стопански, дали ги вратиле итн.? Тоа е веќе релација помеѓу деловните банки и стопанските субјекти. Дали ги вратиле или не ги вратиле тоа е ризик што го носат деловните банки.

Инаку, се постави овде прашање - ама, ако не ги вратиле, тоа ќе остане дубиоза, да речеме, на деловните банки, а еден ден државата ќе ги санира, па ќе ги покрие. Тоа значи дека на ист начин може да се гледа и за сите други пласмани, денарски пласмани на банките, ако се смета дека деловните банки неодговорно работат.

Во делот што беше искористен директно од Владата и изнесува мислам 10 милиони и 100 илјади долари, да потсетам тоа беше непосредно по тромесечната блокада спроведена од страна на Република Грција кон Република Македонија и се сеќавате на онаа нафтена криза што ја имавме. Во тој период, односно во периодот додека траеше таа 3-ро месечна и повеќе блокада тука некаде дојде до смена на Владата, претходната Влада бевме избрани ние токму но тој период, стоковните резерви на РМ~во нафтени деривати беа потрошени

и пласирани на располагање на стопанството, на граѓаните итн., бидејќи немаше нафта. Дотурот беше оневозможен освен по друмски сообраќај од Бугарија и нешто од Албанија, меѓутоа видовме дека со друмски сообраќај не може една држава да се снабдува со деривати а да не се почувствува.

Оваа сума на средства се искористи за купување нафта што се складираше во стоковите резерви. Ние плативме пари, меѓутоа имаме нафта во нашите стокови државни резерви во нафтени деривати. Така што, тоа е одговорот каде се потрошени тие пари, односно каде сега нафтата се продава. Нафтата не се продаде, туку се пополнија стоковите резерви што претходно биле потрошени заради тоа што немаше увоз на нафта и нафтени деривати од странство. Тоа е втората работа што сакав да ја кажам.

Третата работ,а околу тоа дека минатиот кредит што сме го добиле од г-динот Сороз бил проследен со договор за промена на името или со знамето, не знам како беше речено пред малку, па сега со овој, новиот, другото ќе го направиме итн., мислам дека и самите луѓе што тоа го дискутираат и потенцираат, претпоставувам дека се свесни дека е доста смешна конструкцијата на целата таа работа.

Дури, ако се сеќавам, бидејќи писмено се повика од Сороз, ми се чини дека опозицијата, парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ не гласаше против законот, односно против кредитот за тоа што се предлагаше промена на име, не се сеќавам на таква работа во писмото, но се сеќавам дека имаше некои директни забелешки на самата партија. Ми се чини дека тоа;нешто ги погоди од типот националистичка, екстремистичка итн. Меѓутоа, можеме да го погледнеме писмото и да се потсетиме на тоа.

Околу тоа што се говореше овде, бидејќи се постави прашањето без разлика што беше прашањето по првата точка, а тоа е, еве, тука се предлага закон во кој што, односно договор во кој што фигурира терминот поранешна југословенска Република Македонија, тоа не е случај во законот за кредитот Сороз, туку во случајот со законот за задолжување пред; Светската банка.

Во април минатата година РМ стана членка на ООН. Претходно постоеше спор со нашиот јужен сосед заради што во период од една една ипол година во претходниот период не можевме да дојдеме до меѓународното признавање и нашето членство во ООН. Заради постоењетона тој спор ООН не' прими како членка при што, јасно, ние тоа го дискутиравме тука, на седница на ова Собрание, додека да се реши тој спор, се извинувам ако лошо интерпретирам или не до крај прецизно, од страна на ООН према нашата држава привремено ќе се користи описот поранешна југословенска Република Македонија, додека не се реши тој спор. Тоа е познато. Не е тоа нешто сега, изненадени сме и запрепастени како тоа таму така сме примени.

Дел од меѓународните институции, меѓу кои е и Светската банка за обнова и развој, ММФ кој во основа се формирани како специјализирани агенции на ООН ја прифаќа истата процедура и пристап во ословувањето кон нашата држава. При што се споменува, ние го менуваме уставното име итн. Ниту Уставот е променет, ниту ние некое друго име сме прифатиле. Ние само можеме да се потпишеме, и како што гледате така ќе биде нашиот претставник ќе се потпише под фирмата министер за финансии, во Владата на РМ или гувернер на Народната. банка на РМ итн., што значи никој го не може да ќе натера како ние себе си ќе се нарекуваме и под што ќе ставиме потпис како име за нашата држава.

Меѓутоа, да немаме амбиција дека ние ќе ги принудиме сега пак да не викаат така, како нам ни одговара, барем во овој момент, односно ако ние прифатиме дека е поинаков принцип, тоа би значело дека се додека тој спор не се реши не ни е потребно со било кого од меѓународните институции да комуницираме не само ан финансов план, на економски, на стопански, на транспортен план итн.

(Интервенција од место за должината на говорењето)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, 15 минути изминаа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Што значи, тоа е одговорот на овие забелешки што беа спомнати.

На крајот, бидејќи ме радува што ви се брза, заклучувам дека има расположение вечерва да се заврши оваа расправа, да се затвори, меѓу другото битно е да знаете дека на 8 февруари Бордот на Светската банка за обнова и развој заседава и за 8 февруари е потребно од наша страна да се извести дека овие закони во оваа форма се поминати како би можел Бордот да донесе одлука на 14 да се потпишат договорите и да тргне реализацијата на овие пакети.

Од тука, мислам дека дел од забелешките што беа искажан! навистина не држат и сакам да верувам дека се должат на недоволна информираност. Од аспект на Владата постои подготвеност и расположение за секое отворено прашање да добиете информација, меѓутоа по отворен пат, процедура. Да се побара информација, пратеничко прашање итн.

Во овој момент денеска, став е на Владата дека треба да се направат напори од страна на Парламентот денеска, вечерва не знам во

колку саатот ќе завршите со расправата, меѓутоа, овие закони да се донесат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. о

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (58)

Дали има некој против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ во странство.

Преминуваме на **втората точка**.

Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака. (52)

Дали има некој против? (18)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Георгиевски бара процедурално.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, како што нашиот координатор на пратеничката група по повод истото ваше барање по првата точка го

кажа своето мислење, исто така процедурално ќе го кажам и своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме по тоа, Немате можност да кажете мислење за тоа. По тоа не се расправа. Не е процедурално.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Расправаме по вашиот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не се расправа по мојот предлог.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

По вашиот предлог....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, по мојот предлог не се расправа....

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

....затоа што го кршите Уставот на РМ, го кршите Деловникот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие го кршите Деловникот, вам ви го земам зборот.

Напуштајте ја говорницата ве молам. Напуштете ја говорницата ве молам. За тоа не се расправа. Само се гласа.

(пратеникот Љупчо Георгиевски не ја напушта говорницата!

Ве молам, напуштете ја говорницата. За тоа покренете прашаше на одговориш, не знам што ќе правите, меѓутоа, за. ова не можете сега да зборувате. За тоа не се дискутира, де се расправа

Постои Деловник, по Деловникот се постапува, а сега напуштете ја говорницата.

Ве молам, напуштете ја говорницата. Треба да работиме.

(пратеникот Љупчо Георгиевски стои на говорница)

Немојте така, ве молам напуштете ја говорницата.

Ве молам, ајде сега седнете на место и ќе земете збор по точката на дневниот ред. Г-дине Георгиевски, па вие сте сериозен човек, однесувајте се во склад со Деловникот, немојте така.

(пратеникот Георгиевски и натаму е на говорница) Ве молам, напуштете ја говорницата. Имате забелешка, ќе ви објаснам. Имате забелешка и доволно.. Се друго е митинг, . а не е Парламент.

По членот 107 претседателот на Собранието (се слуша жагор во салата), ве молам за тишина, да дадам објаснување за ова.

По таа забелешка немате што да кажете. (им се обраќа на пратениците). Јас само нему ќе му одговорам. Ве молам сега за тишина. По членот 107 претседателот или било кој пратеник ако го поддржат 10 пратеници има право да предложи да се ограничи бројот на јавувањето на пратениците и времето на траењето на учеството на расправата на секој пратеник. Јас тоа го правам сега зашто навистина останува малку време во работата на мандатот а многу споро работиме и работиме на крајно екстензивен начин.

Ако ги следевме расправите дури и во овие 7 минути луѓе овде зборуваа како да не го прочитале законот воопшто, сосем. за други работи. За Југославија и не знам зашто, освен за тоа што ш е задача, како Парламент овде. Тие можат да држат митинзи низ Македонија. Слободно е. Нека организираат конференции за печат. Овде ќе се

работо господа. Ние сме државен орган. Треба да работиме Нека се гласа против, не знам што, но не може. Тука ќе се работи. Тука е првата работа.

Што се однесува до диктатурата, ова што ние овде настојуваме сега да спроведеме, го правиме од нужда. А, таа таква диктатура постои во Европскиот Парламент, што е редовен режим, во Парламентарното Собрание на Советот на Европа е редовен режим, во сите западноевропски парламенти е редовен режим. Никаде нема како ние овде што воспоставивме диктатура на екстензивни говорници за што ќе им падне на памет, освен за што е тука на дневен ред.

Затоа остануваме на тоа.

Г-динот Стојов има некоја нова деловничка интервенција

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Г-дине претседателе, имам деловничка забелешка.

Согласно член 105 од истиот деловник на кој се повикува вие, на ставот 2, на делегатот односно сега пратеници, кој сака да говори за повреда на деловникот, и повреда на утврдениот дневен ред, претседателот ќе му даде збор штом тој ќе го побара. Тоа е неоспорно право на секој пратеник во ова Собрание.

Затоа сакам да кажам дека претседателот,како претседател на Собранието направи деловничка грешка во овој однос. Точно во членот 10 7 е предвидено што претседателот го кажа. Меѓутоа, во членот 62 од Уставот на РМ, цитирам, "пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување Во овој случај имаме еден преседан направено за овие 120 пратеници во ова Собрание што не се еднакви во начинот на излагање на оваа трибина односно од оваа говорница. Ова го кажувам затоа што....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, г-дине Стојков...

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

...затоа што во Уставот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, г-дине Стојков држете се на деловничката интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно, деловничка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ако имате проблем со Уставот, покренете уставен спор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно, деловничка интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па немојте сега. Што деловничка интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Еве што, ќе ви кажам. Деловникот треба да биде во согласност со Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Покренете уставен спор за тоа, слободно е.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во членот 107 што и вие го цитиравте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Покренете уставен спор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Се извинувам да се доискажам, знам дека ве боли г-дине претседателе....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, вие најавувате уставен спор. Немате деловничка интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во членот 10 7 од Деловникот го имате тоа право, ќе цитирам: "По предлог на претседателот или еден пратеник кого поддржуваат 100делегати, на седницата може да се одлучи говорник по исто прашање да може да говори само еднаш, како и да се определи времето на траењето на говорот".

Каде ја направивте деловничката грешка како претседател ан ова Собрание, тоа сакам да ви укажам. "

Дозволувате 120 пратеници на некој начин да бидат дискриминирани во однос на некој си координатори на пратеничка група каде што не фигурираат, јас се извинувам тука, мимо овој деловник ниту тука, ниту во овој Устав. Според тоа, ако координаторите на, пратеничката група имаат право по 15 минути, тоа право му следува и на секој пратеник во ова Собрание. Тука е вашата деловничка грешка г-дине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, нема никаква деловничка грешка. Ние можеме да дадеме време на пратеничка група по бројот на пратениците, ако мислат дека секој пратеник во нивната пратеничка група можат да кажат еднакво како координаторот, веднаш тоа ќе го средиме, ќе средиме во нивната пратеничка група,,за да бидат еднакви , може и сите по 7 минути.

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Видете, претседателе, мислам дека неприфатливо е за сите нас овде што сме присутни, под нашето достоинство е вие да си го узурпирате правото и овде да се однесувате како господар на Парламентот и да се однесувате во стилот - Деловникот, тоа сум јас, да правите што сакате, да одредувате кој колку да дискутира, да ги коментирате дискусиите на сите нас, да ни упаѓате во збор, тоа е под ниво на секој пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие за што дискутирате? Каде ви е деловничката интервенција? Видете, ако вие сакате да разговарате за мене, покренете прашање на одговорност немате право да зборувате за тоа.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Што се однесува за неефикасноста на Парламентот, два пати од страна на пратениците беше барана одговорност исто така и од страна на позицијата беше најавувано дека ќе се бара ваша одговорност затоа што во организацијата на седниците, во закажувањето правите опструкција со неподготвување редовно на седниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, само тоа нема врска со Деловникот. Ве молам, напуштете ја говорницата, вие немате деловничка интервенција, вие зборувате за сосема друго.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Исто така, со незавршени комисиски расправи вие закажувате седници и целата јавност и новинарите ги малтретирате. Без да бидат подготвени седниците претходно вие ги закажувате. Сега пред сите нас овде и пред цела јавност овде велите дека нема доволно време, неефикасно работи парламентот. Неефикасно што работи Парламентот одговорноста е лично ваша и ми се чини дека крајно време е да си поднесете оставка или да покажете малку толеранција за опозицијата и разбирање..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловничка забелешка има и пратеникот Петар Гошев. Ова не мислам да го коментирам бидејќи не е деловничка забелешка и немам обврска по деловникот да давам објаснување.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Инаку, најточно е дека ние немаме Деловник, бидејќи постојниот деловник не е во согласност со Уставот што го усвои ова Собрание. Тој е во согласност со законот за здружениот труд. Тоа е првата работа.

Втората работа, во тој Деловник кој што е во согласност со законот за здружениот труд, претседателот може да прочита и ваква и онаква одредба за да го скратува и продолжува времето, но најголемата срамота е што за вакви прашања ја скратува дискусијата на 7 или 3 или на не знам колку минути, а за прашања за кои народот вели дека се "трла баба лан" можеме да дискутираме по 100 и 200 минути во еден настап.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Направете деловничка забелешка.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тоа е деловничката забелешка што е срамота за вакво прашање да се ограничува дискусијата, кога треба на народот да му

донесеме одлука со која што го задолжуваме со три закони за 105 или 107 милиони долари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас го користам деловничкото право да предложам. Собранието е должно да се произнесе и се произнесе. Г-динот Гошев не беше тогаш и не се произнесе и готова работа, за тоа нема расправа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас бев тука, се разбира, и не гласав за тој предлог, но тортурата на парламентарното мнозинство е таква, нејзе и одговара да ги помине и без дискусија и може да падне дури договор да има дискусија од една минута, или да нема дискусија, нека се изгласа пак и може да си ја донесат одлуката без било кој опозиционен парламентарец овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да објасниме. Парламентарната демократија е владавина на мнозинство. Нема друга вистина. Тоа не е тортура. Народот си гласал и си изгласал претставници овде. Сето тоа си е регулирано со Деловник, а Деловникот е тој кој го имаме, по него работиме, колку е спротивен на Уставот нема уставни спорови, нека се покренат, нека се расправаат, нека се поништат, а тоа дали еден пратеник мисли дека е спротивен на Уставот, тоа е негово право да си мисли, се разбира. Инаку спротивна е со Уставот онаа одредба на закон , деловник или друг акт за кој Уставниот суд утврдил. Се друго се работи вака да се искажат мислења.

Има збор пратеникот Цветан Јовчевски

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, бидејќи парламентарна демократија е мнозинството, јас се сомневам во гласањето и барам поддршка од десет пратеници за поединечно гласање, бидејќи се работи за деловничка одредба, барам поддршка од десет пратеници, дали имаме шеесет и еден глас за промена на Деловникот. Барам поддршка од десет пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е тоа што треба да се гласа.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Тоа што го ставивте пред малку на дневен ред, цело време се расправаме господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ве разбирам воопшто што предлагате. Ве молам за дополнително објаснување.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас предлагам да имам поддршка од десет пратеници и да се изјасниме поединечно дали може дискусијата да биде ограничена на седум минути или повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А не, ве молам, напуштете ја говорницата, тоа нема врска со тоа.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас ќе ја напуштам говорницата, меѓутоа, ова треба вака да се стори.

Ве молам, предлогот нема основа ни во Деловник ни во закон.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Преминуваме на **вторатa точка** - Предлог на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој, за заем, (заем за економска обнова).

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Кога станува збор зазадолжување во странство, треба да се имаат предвид и законските решенија во Законот за буџети, Законот за кредитните односи со странство, Законот за склучување и извршување на меѓународните договори, Законот за условите за користење на одобрени и склучени договори за заеми со меѓународни финансиски организации, како што е случај со предметниот закон кој е ставен на дневен ред и затоа сакам да нагласам дека предложените закони не се усогласени со постојната законска регулатива која пред малку ја спомнав и Уставот на Република Македонија.

Покрај консолидацијата на надворешниот долг, сигурно како држава, покрај обезбедувањето средства за консолидација на надворешниот долг, ќе мора да се обезбедуваат средства, сигурно и преку повторно задолжување во странство, заради остварување на

зголемен  извоз на конвертибилното подрачје, како и за измирување на обврски по извршени договори за увоз, а заради поттикнување на економскиот развој и економската обнова на земјата и стопанството;.Тука пред се треба да се мисли на трговското и депозитното олеснување со странски комерцијални банки, кредити за структурно приспособување на стопанството, финансиски кредити со влади - доверители на РМ, кредити за рефинансирање односно репрограмирање на обврските по кредити од влади доверители на РМ и кредити за рефинансирање на обврските по кредити од странски комерцијални банки.

Во однос на постојната законска регулатива сакам да го свртам вниманието на следното:

Законот за кредитните односи со странство, членот 4: Цитат: "Кредитите што ги одобруваат меѓународните организации се користат во согласност со ратификуваниот меѓународен договор, односно со актот за гаранција или супер гаранција на Републиката".

Членот 7 став 1 "Кредитните работи со странство се уредуваат со договор кој се склучува во писмена форма". Во случајов станува збор за ратификација на закон кој се уште не е склучен.

Член 12 - "Република Македонија склучува договор за кредитни односи со странство врз основа на закон кој се донесува за секоја кредитна работа одделно".

И членот 18 став 1 од споменатиот закон: "Република Македонија презема обврски како гарант или супер гарант по склучени договори за кредитни работи со странство, што се рефинансираат односно репрограмираат или ако претстои непосредно преземање на обврски од РМ".

Законот за склучување и извршување на меѓународни договори член 16: "Делегацијата на РМ односно лицето определено за потпишување на меѓународен договор, во рок од 30 дена од денот кога преговорите се завршени, го доставува текстот на потпишаниот меѓународен договор со сета документација до органи за државната управа надлежен за надворешните работи. Кон текстот на меѓународниот договор делегацијата на РМ, во соработка со надлежниот орган за надворешни работи,, поднесува до Органот ан управата надлежен за надворешните работи нацрт на актот за ратификација со образложение". Во конкретниот случај тоа би требало да претставува предложениот закон за рати- фикација.

Членот 17 од истиот закон: "Постапката за ратификација на меѓународен договор ја поведува органот на управата надлежен за надворешни работи", во конкретниот случај повреден е законот затоа што постапката за ратификација ја поведува министерството за финансии.

Законот за буџети, член 38, став 1: "само Владата има прав да зема заеми од правни и физички лица од земјата'"и од странство за покривање на буџетски дефицит и да дава гаранции за отплата на обврските по основ на земени заеми за оваа намена.

И членот 40 став 1 од спомснатиот закон: "За земање заем и давање гаранции на предлог на министерот за финансии, Владата донесува одлуки кои се објавуваат во службен весник" итн.

Сакам да верувам дека Владата се уште се сеќава на распра- вата во овој Парламент, во главата за заеми и долгови при донесувањето на законот за буџети , во смисла дека предложените а пред малку цитирани законски решенија министерот упорно ги бранеше. Министерот за финансии не убедуваше дека тоа треба да биде така како што се предлага во пред малку цитираните одредби.

XI/8

Се поставува прашањето, ако ги имаме предвид пред малку цитираните законски одредби, што сега Владата бара од Собранието? Истата процедура што еднаш ја оспоруваше или алиби во парламентот како покритие за евентуални грешни во чекори.

Врз основа на членовите 118 и 119 од Уставот на РМ само склучен меѓународен договор може да биде предмет на ратификација во Парламентот. Јас го имам предвид образложението на Владата дека средствата од Меѓународната банка за обнова и развој можат да се користат за измирување на обврски само со претходна, пред нејзиното потпишување, ратификација на договор за одобрување на заем од страна на заемопримачот, како гаранција дека заемопримачот ќе го прифати и ќе го реализира договорот. Се поставува прашањето зошто пред некој месец донесовме закон за буџети во кој беше кажано дека такви га- ранци дава единствено Владата.

Затоа, сметам дека преложениот текст на закон, од таа гледна точка, е неприфатлив. За мене не е спорна целесообразноста на кредитот кој што се зема, туку не можам да ја прифатам против-уставноста на предложената форма на понудениот закон.

Затоа, за предложениот текст ќе бидам воздржан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Драги Гроздановски.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание, јавувањето е во својство на известите на Законодавно - правната комисија.

Комисијата, на денешната седница, со 6 гласа "за" и 4 гласа "против" оцени дека предлог за донесување по итна постапка на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Меѓународната банка за обнова и развој за заем (заем за економска обнова), со предлог на закон не е во согласност со Уставот на РМ и правниот систем.

Имено, Комисијата смета дека Собранието на РМ не би можело да ратификува меѓународни договори кои не се склучени и не се потпишани од овластени претставници.

Од овие причини, Комисијата смета дека Собранието не би можело да го донесе предложениот закон.

Во Комисијата имаше и мислења на одделни членови дека предложениот закон е во согласност со Уставот и правниот систем и има потреба од негово донесување.

Во однос на амандманот дали сега или потоа кога ќе се расправа да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Извештајот е поделен, по амандманот ако имате потоа.

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, со предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот, меѓу Владата на РМ и Меѓународната банка за обнова и развој за заем (заем за економска обнова), со Предлог на закон, значи по итна постапка, чиј предлагач е коалиционата Влада на РМ, Собранието на РМ ако го ратификува вака како што е предложен ја сноси целата одговорност за непочитување на Уставот и давање согласност за промена на уставното име на Македонската држава од Република Македонија во поранешна југословенска Република Македонија.

Би ве запрашал, почитувани пратеници, дали имате добиено таков политички мандат од оние кои ве избрале со помош на гласовите кои ви ги дале, и кои треба да ги претставувате во овој законодавен дом, од оваа говорница како највисока политичка трибина, од која се штитат интересите на македонската нација и интересите на сите граѓани на оваа

држава. Ве уверувам дека ниту јас ниту пак вие таков политички мандат немате добиено и секој што ќе си дозволи да гласа за закон во кој името на државата се менува, е соучесник на злосторството под македонската нација и македонската држава.

Во членот 68 од Уставот на нашата држава, Република Македонија стои дека Собранието ратификува меѓународни договори и тоа е неспорно. Што е тоа што не е уставно и што на некој начин јас сакам да го спорам?

Прво, ќе цитирам дел од причините кои ги наведува Владата за потребата од донесување на овој закон за ратификација, ќе кажам во наводници, по итна постапка. Цитирам: "во досегашните преговори е постигната согласност банката да и одобри кредит на РМ во износ од 40 милиони американски долари како поддршка на стабилизационата програма под услов, потенцирам, сите потребни претходни документи да бидат обезбедени пред потпишуваше на договорот, што треба да биде најдоцна до 15 февруари 1994 година".

Од погорецитираното произлегува дека договорот со Меѓународната банка не е потпишан. Како е можно тогаш ова Собрание да ратификува договор кој не е склучен, член 119 од Уставот, каде што се вели дека Владата на РМ склучува меѓународни договори. Меѓутоа, овој договор не е склучен. Доказ дека е тоа така е текстот на договорот на македонски и англиски јазик, каде овластениот претставник. г-динот Џевдет Хајредини, министер за финансии на РМ не е потпишан, а името на претставникот на Владата воопшто го нема ниту тој пак е потпишан.

Второ, во текстот на несклучениот договор и на македонски и на англиски јазик, како една од договорните странки, името на државата, РМ е променето во поранешна југословенска Република Македонија. Кој и го дал тоа право на коалиционата Влада, на г-дин Бранко Црвенковски да го стори, со што директно се негира Уставот и државноста на

Македонската нација. Г-динот Бранко Црвенковски пред малку во својот говор тука презентираше дека никој не го сменил името во договорот, па г-да, веднаш во првата реченица од тој договор стои името поранешна југословенска Република Македонија, а тој што ќе го потпише со овластуваше на ова Собрание значи дека се согласува и ова Собрание посредно му дава овластување на тој што го потпише тој договор да го промени името за внатрешна употреба сега би рекол, не само за таа употреба - како што ни објаснувавте, за 2 месеци ќе се заврши во ООН за надворешна употреба туку за внатрешна употреба во правниот систем на РМ, затоа што со членот 118 од Уставот сите ратификувани меѓународни договори влегуваат во правниот систем на РМ. Значи на мала врата ќе имаме промена на името на нашата држава со 40 или 41 глас. Тоа е исто така една глупост би рекол.

Ме загрижува и објаснувањето дадено од договарачите, значи од Владата дека ова име, поранешна југословенска Република Македонија ќе се користи додека не се договори името со банката. Значи ново име треба ние да одобриме како Собрание со една банка, без разлика која е таа банка, да се договараме за ново име. Тоа е исто така за мене една глупост. И ова Собрание, овие пратеници ако се согласат на тоа, јас не знам како мислат или каков политички мандат имаат добиено од своите гласачи.

некој си игра, почитувани пратеници, со името и наше а и на македонската нација. Склучува за 40 милиони американски долари аранжман за промена да повторам на името на државата со една меѓународна банка. Да се потсетиме, кога г-динот Тупурковски беше обвинет дека тргува со името на македонската држава за 3 милијарди долари, и тоа точно од Либералната партија беше обвинет со соопштени дека го продава името на македонската држава за 3 милијарди долари,

во соработка со австрискиот министер за надворешни работи, а сега без срам, лицемерно би рекол, актуелната власт се согласува да се договори за името на државата, со една банка за само 40 милиони американски долари. Тоа е за мене предавство од најдолен вид. Изгледа дека коалиционата влада всушност претставува една крислиншка влада, исто како онаа норвешката од 1942 година до 1945 година односно за време на II Светска војна, кога нејзиниот премиер Виткум Квислинг на некој начин ја продаде Норвешка на Хитлер, така и нашава. Ова Собрание треба да донесе одлука да ја продадеме државата за 40 милиони американски долари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Љупчо Георгиевски.

XII/1.- СП/ЉР

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се наоѓаме пред два закони, едниот сега кој треба да го ратификуваме и другиот кој оди по овој кои се разликуваат малку од првиот од г-динот Џорџ Сорос од едноставна причина што, за жал, пред нас сите од овој Парламент имаме еден необичен закон кој треба да го ратификуваме, а тоа е договор за заем во кој за прв пат легално од Македонскиот Парламент да се прифати името Поранешна југослвоенска Република Македонија. Оттука, сето она што го кажа пратеникот Стоиле Стојков во потполност го поддржувам и можам само да се задржам на два моменти на овие закони за ратификација.

Се слушнаа две навистина страшни нешта пред целата македонска јавност.

Прво, се лагализира една форма на едно име на нашата македонска држава и

Второ, се обидуваме да го задолжиме македонскиот граѓанин со нови 100 милиони долари и тоа со една повторна манипулација гледана во оној стар комунистички систем, во стар комунистички режим со кој новата коалициона влада не се срамат да ги применуваат, а тоа е забрана на јавноста за информации и едноставно доведување до свршен чин од кој едноставно ќе мора само да го аминуваат.

Ратификацијата на овие договори, како што реков, има два моменти. Прво, политичка, а второ, економска димензија. Која е политичката? Политичката е многу јасна. За жал, по сите оние ветувања кои доаѓаа од највисокото место на државните раководители на РМ,Владата на РМ, Претседателот на РМ дека името БЈРМ ќе го носи ме само два месеци, а еве гледаме дека влегува во 9-ти или 10-ти месец и не само што имаме некаква промена, туку напротив имаме сосема спротивна слика. Се легализира постепено од ден на ден се повеќе и во

поголем број на договори она што беше првичен грчки став нашата држава да добие две имиња. Едно за надворешна употреба и едно за внатрешна употреба. Според овие документи и она што пред малку ни го објаснување премиерот сведоци сме токму на ова, за оние од надвор кои го потпишуваат заемот ние ќе бидеме БЈРМ, а ние внатре можеме да си се викаме како што сакаме. Она што е страшното не е во тоа што тие така не нарекуваат, туку страшното е во тоа што ние тоа го прифаќаме односно го прифаќаат оние кои учествуваат во Владата на РМ и оние како пратеници кои се согласуваат да ратификуваат едни такви договори.

Политичките импликации од сето тоа допрва ќе произлезат во целата наша земја сигурно во уште поголем број на отстапки, од тие причини најверојатно минатиот пат зборував зошто во македонскиот Парламент се уште ги нема ратификациите на меѓународните договори за воспоставување на дипломатски односи со земјите што не признаа и воспоставивме дипломатски односи, пред се, земјите членки на ЕЗ но гледаме и ден денеска се блокираат тие договори и најверојатно еден по еден од тие договори ќе пристигнуваат и ќе мораме и на нив да даваме ратификација и едноставно ќе ставиме амин односно ќе го аминуваме она што се нарекува двојно име на нашата држава. Едно за надворешна употреба и едно за внатрешна употреба.

Оттука, посебна загриженост кај секој македонски патриот е токму позицијата со која владеачката структура во РМ претседателот на Собранието, Претседателот на државата, Владата на РМ и партнери кои учествуваат во коалицијата со каков лесен чекор и со каква лесна мисла се определуваат едноставно да гласаат за еден ваков закон. Оттука, јас верувам дека амандманот што го поднесе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, кој е составен дел на овој Закон името БЈРМ да биде сменето со

XII/3.-

уставното име на нашата држава РМ ќе биде прифатено од сите пратеници кои седат во Македонскиот Парламент. Без сомнение ќе биде многу интересно како некои пратеници ќе гласаат за едно вештачко име за надворешна употреба на нашата држава. Тоа е првиот момент.

Вториот момент е економскиот дел. Кои се економските последици на оваа спогодба? Постојано повторно кружат оние приказни дека ќе се решело ова, ќе се решело она. Не треба многу да бегаме надвор од таа демагогија, едноставно треба само да го прочитаме образложението на Владата на РМ кое најјасно зборува дека ќе бидат употребени овие средства за кои денеска се задолжуваме.

Во образложението јасно стои дека ќе бидат употребени за враќање на 107 милиони досегашен долг. Што правиме? Едноставно претураме од шупливо во празно. Земаме еден заем за да го вратиме стариот заем за да веќе идната година повторно сите овие заеми ни дојдат при крајот на годината посебно оној што некој го смета за најповолен тоа е кредитот на Џорџ Сорос кој е фактички најубиствен јас би рекол дека овие другите, ако се гледа од економски аспект, се многу поповолни од оној што е краткорочен заем на г-динот Сорос.

Значи, добиваме слика во која повторно главната поента е задолжување на македонската држава на сите граѓани во РМ. Повторно немаме јасна економска визија за развој и излез од кризата во РМ. Едноставно, што ќе се случи? Ќе се случи, ќе землеме заем да го надоканидме буџетскиот дефицит, повторно вртење во круг. Ако Владата сака да го скрати буџетскиот дефицит зошто тоа не го прави таму каде му е местото? Тоа е во кратењето на самиот буџет. Напротив на таа политика спас во решавањето на буџетскиот дебаланс гледаме во земање на нови заеми со кои ќе ги задолжиме сите граѓани во РМ. Она

што е најголема дрскост пратениците и претставниците на владината коалиција сите не убедуваат колку е убаво да се земаат заеми и кредити. Кого треба да лажеме каква е убавината од заемите и од кредитите. Го видовме тоа на примерот на бивша Југославија, го имаме сега на примерот на Македонија и очигледно повторно ќе ја враќаме онаа иста грешка да ја гледаме на нашиот пример, на нашето искуство, на повторно задолжување и повторно тонење во уште поголема кал, во уште поголема беда за целиот македонски народ и за целата македонска држава.

Меѓутоа, очигледно се работи по старите принципи, а тоа е преживување, односно целата ефикасност од овој закон ќе биде ништо друго, туку едно преживување на Владата на РМ во наредните три-четири месеци додека. повторно не ја видиме правата слика на овие заеми што ги имаме сега во РМ.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, повеќепати се повторува една голема невистина дека со овие два закони народот се задолжува. Тоа едноставно не е вистина, народот е должен сега и му стасал еден долг од 107 милиони да го плати уште од минатата година. Не може овој народ да го плати. Кредиторот се согласил да не зачлени и тој долг да го платиме едниот да почнеме после 10 години а за наредниот 20 години, а вториот после 5 години да почне за наредните 15 години да се отплати. Ако ова не го правиме не е вистина дека го задолжуваме народот, туку народот треба веднаш да ги плати тие пари. Ако некој мисли овде дека овој народ денеска ги има тие пари, оваа Влада не се однесува дрско во овој случај, дрско е она што сега некој бара од овој народ оваа и наредната година да го плати тој долг. Доста беше зборувано за тој долг како дошол.  Значи, не се задолжува народот

со нов долг, туку постојниот што треба денеска да го плати се одлага едниот без каматен, а другиот со нормална камата што ја има целиот свет кој зема кредит од таа банка и тоа со одложено плаќање. Оваа Влада тоа го прави и најодговорно го прави пред овој народ со најголема одговорност.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

По однос на одговорот на министерот што го даде сепак ќе повторам мал дел од мојата дискусија што ја дадов по првата точка од дневниот ред кога велиме дека овој народ е должен. Сепак не знаеме дали овој народ е должен и кој е должен во оваа Република Не се гледа од никаде дека народот во целина се задолжил. Кој дел од народот и кој ги направил тие долгови, зошто тоа не може да го види овој Парламент ниту народот го знае. Во целина велиме дека народот е должен. Што добил народот? Дали целиот народ добил или кој добил? Толку по тоа.

Инаку, би сакал да кажам да кажам нешто друго. По однос на предложениот закон сакам да укажам дека и со најдобра волја кога би сакал овој Парламент да го прифати како таков, да ги прифати долговите како долг на народот, како што зборуваме, сепак овој Парламент сметам дека не може овој Закон да го ратификува. Затоа што Парламентот ратификува потпишани договори. Овој договор е непотпишан и Парламентот не би можел да ратификува договори кои дополнително ќе се потпишат. Тоа е една уставна обврска на Парламентот како треба да работи. Овој Парламент го изгласа Уставот и не знам дали ќе може овој Парламент да крене рака обрано на тој Устав што го усвоил.

XII/6.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Една е вистината, луѓето носат правила и норми тие норми да бидат основа на која ќе се работи во една средина. Ние го усвоив- ме Уставот како правило кое ќе ни биде основ да имаме држава. Ако сакаме тој Устав да го кршиме свесно, едното прекршување повеќе говори за неуставност, односно немање на правна држава. Проблемот не е дали ќе се завери односно ратификува овој договор или не. Проблемот е во тоа дали ние ќе се навикниме да не ги почитуваме сопствените правила, да немаме сигурност, како ќе покажеме некому дека ние се залагаме за правна држава, за еден поредок кој ќе важи за секој. Ние ќе сакаме друг да го почитува Законот,а овде см,е тие законодавци носители на Законот, но први сме склони тоа да го направиме. Нашиот грев е во тоа, напишавме во нашиот Устав за кој сите пеевме овде во членот 118 дека ратификација на договор е составен дел на правниот систем и не може да се менува со домашното законодавство. Ако е така, како ќе ставиме потпис- ратификација на она што не постои. Тоа е едниот дел.

Го слушав г-динот претседател на Владата кога даваше

кога даваше образложение дека ете ние имаме една навика, ние се согласивме во институциите да се употребува внатре во ООН името БЈРМ. Овој претседател ќе го потсетам кога на 8 април минатата година говореше од оваа говорница дека ова име ќе биде два месеци тие два месеци поминаа, јас и тогаш му реплицирав, г-дине претседателе не е битно како ќе те крстат, битно е како ќе те навикнат да се јавуваш на повикот. Тоа се оствари. Не навикнаа да се јавува ме на повикот БЈРМ. Во овој текст ни се нуди уште една работа. Ни се нуди уште еден субјект кој ќе ни носи договор и во забелешката под број 1 ќе видите што значи дека банката ќе го употребува ова име додека не се договори со корисникот на кредитот за името.

Спаднавме на ниво да и покрај ООН, покрај Грција сега надоврзавме и финансиски институции, утре ќе бидат спортски, јас мислам дека треба да се почитува она што се говори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам оставете го да заврши оти има право за зборува, а вие само упаѓате. Тишина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отидовме на спортски терен, добивме БЈРМ, отидовме на културен терен добивме БЈРМ, отидовме на финансиски терен добивме БЈРМ . Секое ново признавање правиме нов субјект. Замислете колку години ќе ни требаат да преговараме со тие институти за нашето име. Овде ова сакаме да го прифатиме. Јасно е , не сакам да го злоупотребам неговото име, господинот е член на Владата, денеска случајно разговаравме,јас дадов обврска нема да го злоупотребам неговото име тој во разговорот ми кажа дека имале мака да се употреби името БЈРМ затоа што ќе имале проблем со Собранието. Тогаш наводно тие финансиски институции дошле на идеја дека е, ШТОЃГ се сомневате во исправноста на вашиот Парламент на составот, ние ви го оставаме овој договор да го ратификувате пред да го потпишеме. Како да таа институција таму нема правила, како да не знае што е право, навистина секој се штити, меѓутоа, основното е дека правото треба да царува помеѓу субјектите.

Во овој случај јас кажувам ние немаме уставна подлога да го примени членот 118 од Уставот да се овој и наредниот закон ратификуваат пред да бидат потпишани. Сега даваме можност, сега сигурно ќе каже некој членот 3 дека тоа ќе се применува но тоа е сосема илузорна работа ќе се применува отпосле , па ќе чекаме кој кога ќе биде,

а што ќе потпишеме , што ќе применуваме, кој договор ќе го примениме, какви се тие односи и најболното прашање пак ќе се навратам и ќе завршам со името БЈРМ. Сфатете едно, да се бараше од таа институција дека Собранието на РМ ќе даде гаранција како држава дека ќе плати без да влезе во името на до- говорот од овде, а штом тука влегува како БЈРМ ние сами се крстиме со одлука во еден закон нашето име го внесуваме, што значи дека го воведуваме и за домашна употреба, а не само надворешна употреба. Значи, добиваме домашно име БЈРМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,да не беше толку сериозна темата, веројатно би можеле да си го дозволиме овој комодитет без разлика што го ограничивме времето за дискусија, меѓутоа, и покрај тоа дозволувајќи си ваков комодитет а веќе тој комодитет се одразува на крајна нерационалност и повеќе ми звучи како дискусија на глуви едни другите не ги слушаат аргументите што се изнесуваат. Па, некој посматрач од страна веројатно ќе се праша кој на кого дава кредит? Има право оваа РМ што цепидлачи во процедурите, бидејќи сака да си ги обезбеди парите што ги дава на партнерот што му дава кредит. Испаѓа како да ние ги поставуваме условите гледаме да не направиме никаков пропуст за да не може да ни се случи кредитот да не ни го вратат. Оттука правни процедурални зачкољици, не успеав до крај сите закони што беа цитирани поготово од господинот Петров да ги проучам што ги нагласи во процедура можам да си дозволам да има некаде пропусти во обезбедувањето на целата таа постапка, меѓутоа лично добив впечаток, најискрено и најотворено се искажувам сега дека воопшто договорите не се предмет на дискусија . Добивам впечаток, а искрено кажувам и како македонец и како државник на оваа Република

така го чувствувам и отворено говорам дека сака да се удри еден атак на едни резултати за овие 6 месеци што се постигнало и за прв пат во историјата на оваа држава што влезе и во светската банка и во монетарниот фонд и Европската и не знам се кои банки. Да се создадат услови даземе здив оваа држава блокирана од сите страни да и се пушти крвоток, да може овој народ малку по живо да почне динамички да го осмислува својот развој.

XIII/1.-ДВ/ОМ

**КИРО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Според тоа за мене дилема не може да има дали се потребни овие кредити или не. Дилема не може да има под вакви поволни услови под кои ги нудат и во услови кога се уште како држава на меѓународен план не сме целосно признаени. Пружено ни е рака од најголемите светски асоцијации односно меѓународните агенции кои се во рамките на ОН. И никој не е предавник ако потпише ваков документ во кој ќе стои Република Македонија, министер тој и тој, а во текстот нормално пак да не го злоупотребува името кое што Обединетите нации го употребуваат. Наспроти да им оддадеме признани на одделни министри кои во овие 6 месеци усепааа тоа да го изборат. Ние сакаме да девалвираме еден успех и да ја доведеме оваа Република повторно во уште полоша состојба да се најде. Зарем некој може да се посомнева, не во вој парламент туку било кој граѓанин на РМ дека би се согласил за промена на името Не само овде пратеник, било кој човек на улица да прашате. Немојте со тие демагогии дека има овде предавници што името го продаваат и што не мислат за овој народ само заради средства да земат, да ги покријат долговите. Очигледно се работи за еден елементарен однос кој го почитуваат другите меѓународни релации. Навистина ги доведуваме граѓаните и сите во заблуда. Сите гледаме дека се неопходни средства, стопанството веќе пропаѓа, му треба инфузија, а од друга страна ради формални зачколици, процедурални. Инаку потребни се средствата, ама не можеме преседанки да правиме, а два дена ни требаат дотогаш бидејќи на 8 таму треба да се држи состанок. Не можеме услови да им поставиме или ова или никогаш повеќе, или напуштаме и Светска банка и Монетарен фонд и како оаза како некој бастион овде ќе живееме изолирано од цел свет. Никој во оваа држава ниту рекол ниту овој парламент, ниту било кој пратеник дека е спремен

било каква промена на име да прифати. Мислам дека тоа за веков останува како предлог и на овој парламент и на секој пратеник во него.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани патеници, со намера да гласам за овој закон, а провоциран од претходно искажаните квалификации дека со овој Предлог на закон се врши предавство по однос на името на Републиката, сакам да се оградам од тие кажувања, бидејќи убеден сум дека за такво нешто сега со овој закон нема предметност ниту ние како пратеници имаме легитимитет за таква работа и сигурно на најголем број од нас не ни паѓа на крај памет такво нешто.

По однос на самиот предлог на закон сакам да искажам тоа; што беше отсутно во досегашните дискусии, а тоа е дека многу малку се државме до самата содржина на Предлогот на закон кој има за цел и своја суштина, да се изнајдат решенија, за кој, ќе потсетам, ние во континуитет на донесени документи од овој парламент, а тоа е буџетот на Републиката со утврдениот планиран дефицит, како и стабилизационата програма во која утврдивме и донесовме неопходна потреба за вложување на странски средства кои ќе бидат со единствена замена за отплата на стасаните моментални долгови и оние што во тековната 19 94 година ќе стасаат. Како такви решенија за плаќање на тие долгови ги сфаќам и содржините во овој закон и како што кажа самиот министер фактички се работи за плаќање со неплаќање односно тоа што како долг е утврдено во грејс период се одлага за 10 односно 5 години без камата односно за дел кој се товара со камата која по светските стандарди во банкарскиот систем.

Сфатено така по своја суштина и цел мислам дека нема никакви причини овој закон да не се усвои.

Од правна страна која најчесто беше тука присутна во дискусиите, онаа што е формално правно, повикување на Уставот, мислам дека дава предлагачот решенија во членот 3 од Предлогот на закон каде што, ќе повторам, заради правилата на самата банка, од неа да се користат средства за измирување на обврски спрема неа, може само во случаи кога тие договори ќе бидат ратификувани и тоа не случајно од Владата која секаде во политички системи е политичка, туку по нивно инсистирање од парламентот. Ќе повторам не случајно затоа што тоа е повисока истанца се работи аз договорна странка која е должник, договорна странка која на некој начин е во состојба не да диктира услови туку да биде молител . Заради тоа се бара таква гаранција од највисока истанца во конкретниот случај од парламентот каде што нормално ќе се каже и гласот на опозицијата. Но, сметам дека формулацијата во членот 3 која што по оваа ратификација односно поточно да кажам пред ратификација на овој- договор со донесувањето на овој закон обврзува она што е формален недостаток во однос на потпишувањето односно задолжување на овластениот потписник единствено да се потпише, а со тоа и склучи договор како што ќе биде усвоен од овој парламент по содржина како што е предложено со вој Предлог на закон. Во тој случај и со една инвентивност во креативното сфаќање на уставност ана ова прашање, мислам дека е исполнет и условот на уставност на овој Предлог на закон.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, произлегува од некои дискутанти дека воопшто не е битно дали овој закон од формално правен аспект е во

согласност со Устав или спротивен е на Уставот, па оттука се апелира да се донесе еден закон кој навистина денес на ЗПК, каде што мораме да кажеме имаме и професори од Факултет, се произнесоа дека овој закон е спротивен ан Уставот. Едноставно и од простата причина дека се носи закон за нешто што не постои. Значи парламентон се доведува во таква ситуација да носи закон кои согласно член 3 од истиот тој закон влегува во сила со денот на објавувањето, а ќе се применува со потпишувањето на договорот. Членот 3 јасно кажува, нема потпишан договор, според тоа немаме ни ратификација на договорот. Оттука по Уставот актите што ги донесува Собранието влегуваат во сила најдоцна 7 дена од донесувањето. Се поставува прашањето кога би се објавил овој закон ако потпишувањето не се изврши во рокот кога треба да се објави.

Понатаму во првиот текст на договорот кој што е составен дел на овој закон кој се склучува меѓу поранешната Република Македонија и тука е дадена една фуснота како заемопримач и Меѓународната банка за обнова и развој.

Зошто се дава кај името Република Македонија во фуснота па се вели: "описот поранешна Република Македонија ќе се користи привремено од страна на банката додека не се договори име со банката.

Сега ако претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски кажа дека имаме едно продолжение во институциите на светската организација и дека оваа банка е една продолжена рака и слично, затоа во договорите со неа треба да се користи името кое е утврдено при приемот на Република Македонија во ОН како БЈРМ. Според тоа ако е веќе така како што тврдеше претседателот, зошто е потребна фуснотата па да се договара ново име. Ова ми личи на она

кога не  примија во ОН под името БЈРМ рекоа за два месеци ќе се реши тој проблем, а ова сега значи со меѓународната банка немаме рок, па банката ќе ни каже име и тоа најверојатно во рок кој што е предвиден во отплата на кредитот.

Понатаму дека ова е на одреден начин многу перфектно изведено, на страна 9 погледнете, ќе видите дека за заемопримачот пишува министер за финансии ули. "Даме Груев" 14 и Скопје, најверојатно мислат дека е тоа држава. За банката си стои нејзиниот оригинален наслов Меѓународна банка за обнова и развој.

Понатаму ќе видите пак на страната 9, за заемо-примач господинот Џевџет Хајредини министер за финансии.

Што сакам да кажам? За заемо-примачот (негодување во салата) да, да и понатаму ќе Ви прочитам. Меѓутоа за банката си стои нејзиното оригинално име Меѓународна банка за обнова и развој. Сфаќате суштината каде е.(Негодување во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина. Тишина да заврши говорникот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Во текстот се избегнува да се спомене името на Републиката. Тоа е таа игра што ни ја наметнува предлагачот на законот, толку едноставно. Мене ми е особено драго што ЗПК го усвои амандмано1: на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да го сочуваме името.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

XIII/6.-

Почитувани пратеници, за Предлогот за донесување по итна постапка на законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за заем, заем за економска обнова несомнено заслужува внимание констатацијата за значењето ан средствата чија вкупна вредност на кредитот од Меѓународното здружение за развој изнесува 40 милиони американски долари.

Средствата потребни за отплаќањето на овој кредит односно провизијата на невлечените средства, провизијата за услугите и за отплата на главницата ќе се обезбедат од буџетот на Република Македонија во динамика на нивното доспевање. Значи ново задолжување на Републиката , се зема кредит за да се врати кредит. Се сака да се спаси она што не може да се спаси.

Прво не можеме да зборуваме ни за некаква Стабилизациона програма, ни за запирање на инфлацијата ни за заживување на стопанството во услови на непостоење на разработена методологија и сигурни и применливи статистички показатели што ги немаме па затоа и сите овие овде уверувања од страна на Владата се практично нереални.

Македонскиот Републички завод за статистика како што сите знаеме беше само сервис на бившиот Сојузен завод аз статистика и оттаму дојдоа некои неусогласени статистички показатели што ги дава овој завод од една страна, од друга страна Владата.

Тука треба да го споменме и непостоењето на така наречените претходи програми кои се во функција на континуитетот за стопанскиот развој и врз основ ана тој континуитет да се гради натамошната стопанска политика. Нема дефинирање на јавниот долг, нема податоци за дубијозите на банките, нема анализа на состојбите во претпријатијата

XIII/7.-

посебно во јавните претпријатија. Сето ова се само некои од елементите кои зборуваат дека сегашната Влада нема реална програма, нема реална стабилизациона програма за излез од кризата. Според тоа таа не може да ги оствари тие цели што ги поставува и пред Владата и пред нашето стопанство за излез од кризата во која западна не само стопанството туку и сите други сфери од економскиот живот во Републиката. Расте социјалната загроезеност на населението. Владејачката државна гарнитура не сака да каже дека на време не беше решителна по распаѓањето на СФРЈ и нејзиниот финансиски состав , да каже дека не беше спремна за одбрана од узурпацијата на девизните резерви од страна на Србија. Не намирени се побарувањата на македонските банки по основ на девизните штедачи спрема Народната банка на Југославија преку една милијарда долари. На овој долг уште толку, значи уште една милијарда долари изнесуваат неконолидираните домашни јавни долгови. Постои долг спрема другите странски кредитори, Парискиот клуб, чиј е сервисирање претставува огромен товар за државата.

Влегувањето во ММФ, во Светската банка и во другите меѓународни финансиски институции пристап на светскиот пазар на капиталот. Таму постои интерес за вложување во Македонија, но основен услов за такви вложување е високиот степен на стабилност што Македонија го нема, нема гаранција за привлекување на странските кредитори и на странскиот капитал. За да се оствари ваквиот услов за висок сте- пен на стабилност, Владата не е спремна да направи:

Прво, не се создава институционален систем, не се создаваат такви претпоставки сите одлуки да бидат под контрола на економската политика. Уште еднаш се сака да се спаси она што не може оваа Влада да го спаси. Тие што не доведоа. до една ваква ситуација конечно треба да заминат од политичката сцена, не само заради новите долгови туку и заради условите под кои се бараат нови кредити.

XIV/1/JJ/лј

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот во Владата Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Во времето кога оваа држава се задолжуваше, премиерот на владата беше во пелени. А овој господин што овде сега зборува на оваа говорница веројатно беше во основно училиште, а господинот што пред малку зборуваше беше главен советник во ова Собрание кое ги донесуваше тие одлуки за задолжување на Македонија.

**СТОЈАНА НДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Има реплика господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина овде треба да се објаснат некои состојби и тие состојби многу му се познати на господинот министер што овде пред мене зборуваше дека во претходниот состав овде во ова Собрание, кое беше конституирано врз основа на самоуправниот систем беше во функција на Централниот комитет и ги спроведуваше одлуките на тој ЦК и претставуваше само една гласачка машинерија. Не само што претседателот на високо Собрание имал некакво влијание за менување на тие одлуки, најмалку тој тие одлуки можеше да ги менува, тие одлуки што се носеа во ЦК односно на партијата з а чиј наследник се прогласува левата коалиција на која лева коалиција припаѓа и министерот. Овде стручните служби во која структура припаѓав и јас како советник најмалку некој од нас барал совет и најмалку можел да влијае на таквите одлуки (смеа во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина. (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

XIV/2.-

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Група пратеници поднесоа амандман за измена на член 2. Амандманот ви е поделен. Отворам претрес по амандманот за измена на член 2.

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници некои од пратениците го знаат амандман меѓутоа македонската јавност најверојатно не знае што пишува во амандманот па дозволете да го прочитам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е за парламентот. За јавноста и е поделен на новинарите.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Во членот 2 од текстот на договорот за заем на Македонски и англиски јазик зборовите Поранешна Југословенска Република Македонија односно "фирон формен Југослав Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Македонија, односно "Republic of Macedonia". Образложение, амандманот се поднесува затоа што Уставното име на нашата држава е Република Македонија. Следуваат 15 потписи на пратеници од ВРМО-ДПМНЕ. Ако на пратениците од позицијата не им је јасно што значи овој амандман, ќе се потрудиме во дискусијата да им објасниме, а најјасно ќе биде кога ќе дојде ред да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојков има збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници очигледно дека дискутантите некаде пред 20 минути што не уверуваа од оваа говорница дека никој овде не е предавник односно дека никој не се согласува со промената на уставното име на нашата држава Република Македонија, токму свој амандман во таа функција да докаже дека тој што ќе гласа против овој амандман да

се смеат тогаш нека продолжат. Господа, законот се состои од три члена. Првиот член на овој закон вели дека се ратификува договор меѓу владата на Република Македонија и Меѓународна банка за обнова и развој. Ова е таканаречена преамбула или уводниот дел во законот значи даден во самиот член.

Членот 2 зборува за содржина на законот. Текстот на договор во оригинал на англиски значи и во превод на македонски токму тука доаѓа она моето несогласување со овој текст каде почнува вака "договорот...(нема дата) 19: (останува празно која година ќе биде) помеѓу поранешна југословенска Република Македонија заемо примач и правото име на кредиторот на меѓународната банка за обнова и развој. Во овој дел ние во законскиот текст што го изгласуваме овој закон внесуваме име на нашата држава за домашна употреба. Мотивот, се зборуваше за пристапување во ООН и на вие што гласавте за тоа такво пристапуваше под тоа име, беше за внатрешна употреба во ООН. Сега овфе преку законот воведуваме законско име на оваа држава за внатрешна употреба. Ова кој не го разбира, кој не го чита навистина и не може да го разбере. Некои луѓе овде се изјаснија кога зборуваа одредени колеги да не кажуваат дека е тоа вистина, затоа се послужив да го прочитам оригиналниот текст и тогаш некој да се праша. Дали некој лаже или тој не разбира што чита.

А потписници на договорот, еве пишува на страница 9 - за заемопримачот го читам текстот во оригинал како стои овде "министер за финансии ул. Даме Груев број 14 910 0 - Скопје". Јас читам што е напишано. Заемо примач подолу пишува господин Џевдет Хајредини министер за финанси во Владата на Република Македонија овластен претставник. Не кажувам ништо друго од ова што е овде кажано. Овде пишува кој потпишува а содржината на договорот е заемодавачот односно заемопримачот е ПЈРМ. Значи подносителот на правото е ПЈРМ. Па сега што правиме? Имаме ли основ да го менуваме уставот?

XIV/5.-

Господа јас не сакам да кажам, некои колеги рекоа за предавство. Предавството дали постои или не постои тоа е работа на сватање. Меѓутоа, совесноста на човекот за нацијата, за државата останува вечна. тој дали престојува во една или во друга група, треба да има нешто да се предаде. Ако се напушти името нема што да се предаде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Правило е ратификуван меѓународен договор во согласност со Устав да не може да се менува со закон. Меѓутоа, бидејќи ратификуваме меѓународен договор што не е ни склучен, си давам за право да го подржам амандманот што е даден од страна на групата пратеници со следното задолжение. Зотшо го прифаќам тој амандман, а зошто не би прифатил договорот да биде потпишан во форма каква што е дадена.

Морбидно звучеше решението на Уставниот суд од 10 ноември 19 93 година со кое уставниот суд на Македонија ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на акт на Владата на РМ со која таа се согласува на прием на РМ во членство на ООН под името ПЈРМ. според тоа Уставниот суд на Македонија оценил цитирам: "не постојат процесни за водење уставна судска постапка заврши" Вакавиот став уставниот суд го поткрепил врз основа на мислењето на Владата утврдено на нејзината седница од 4 октомври 199 3 година доставено до Уставниот суд, врз основа на кое Владата кажала цитирам "не постои акт на Владата или на друг државен орган во РМ во смисла на барањето содржано во иницијативата" и замислете "не постојат други документи со кои е изразена волја за прифаќање на начин на обраќање на ООН кон РМ со и именувањето ПЈРМ " ако би прифатиле дека не постојат документи во кои е изразена волја на Владата или друг државен орган во Република Македонија, за прифаќање на начинот на обраќање на ООН кон РМ како ПЈРМ тогаш

XIV/6.-

што зборуваат предложените текстови на договори, несклучени што треба да ги ратификува овој документ спротивно на Уставот. Не ми е само јасно како тие закони со указ ќе ги прогласи претседателот на Републиката ако со тоа во внатрешниот поредок на земјата се легализира употреба на име ПЈРМ спротивно на Уставот на Македонија. А што се однесува до она дофрлување од страна на некои пратеници каков бил потписот или ќе биде на министерот, па и на слеп човек ќе му биде јасно дека на овој договор што ни го даваат испратен по факс,не го исчистила Владата текстот а ни дава да го ратификуваме од Вашингтон, е докуцан името Џевдет Хајредини,^овде со машина за пишување во Владата на "Македонија, од обична констатација што во латиницата не постои буква ж. Тоа постои само во нашите машини за пишува во Владата на Македонија. Затоа сметам дека врз основа на член 118 од Уставот на Македонија, меѓународни договори што се ратификувани согласно со Уставот се дел од внатрешниот поредок, ненавлегувајќи во целисходноста на предложениот закон, сметам дека во предложената форма не би го гласал доколку не биде прифатен предложениот амандман.

И на крајот би го додал следното: грозно е што законски пропишана постапка за донесување на вакви закони и утврдени уставни решенија во врска со задолжувањето на Републиката во странство од одделни пратеници а и од поголем дел со иронија се прифаќаат како обична зачкулица. Дами и господа пратеници жалосно е ако после изгласувањето на овој текст на закон во таа формулација од граѓаните на оваа држава барате правна држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги за мене овде амандман не постои. Не знам за што расправаме. На дневен ред е Предлогот на закон за ратификација на договор меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната

банка за заем за економска обнова. Така гласи називот на законот. Содржината на договорот гласи член 1 се ратификува договор меѓу Владата н. РМ и Меѓународната банка и член 2 текстот на Договорот на англиски јазик и на македонски јазик гласи: Според тоа ние не можеме да расправаме, според мое убедување, за амандман по содржината на Договорот кој што го потпишува Владата на РМ односно министерот за финансии во името на Република Македонија. Ние ако имаме амандман за текстот на законот повелете да расправаме.

Што се однесува до договорот ова што го кажа претседателот на Владата на почетокот на расправата, дека обраќањето од ООН и на сите агенции што се на ООН и кон Македонија ќе биде под ова привреме име. Нашето обраќање до ООН и до сите агенции на ООН ќе си биде под Уставното име Република Македонија. Според тоа не гледам, оваа помпа што ја најавивте овдека дека некој го менува името на Република Македонија, Уставното име, тоа никаде не стои. Во законот еве го цитирам тоа е содржината на законот. Според тоа молам овде за мене амандман и нема потреба да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

**ДРАГАН ГРОЗДАНОВСКИ:**

По втор пат и потписник сум на амандманот што е поднесен од група пратеници ќе гласам за амандманот и лично сметам дека амандманот е во ред. Она што одреден господин од оваа говорница го зборуваше, веројатно тој го цитираше членот 2, но Законот за кој што расправаме не го спомена членот 3 а со оглед на тоа дека договорот е составен дел на овој закон. Мисам дека и тука правно е чиста работата И уште нешто би кажал дека Законодавно - правната комисија го разгледа амандманот на член 2 од текстот на Договорот за заем поднесен од група пратеници на ВРМО ДПМНЕ и истиот го поддржа со шест гласа за и три гласа против. Од правен аспект не постои ништо спорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петров бараше да направи интервенција од процедурален карактер.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам да укажам на излагањето на г-динот Тито Петковски кое создава забуна.

Нема амандман за кој се расправа, а кога се тргнува од таа констатација може само да констатирате за тоа дека немаме ни склучен договор кој е предмет на ратификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немате вие интервенција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Нема потреба пратениците да се доведуваат во заблуда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Каде ви е интервенцијата и вие немате интервенција. Па овде секој господа , секој кој добива збор има право да каже дека не се согласува , не значи дека има право .... да каже тоа нема смисла, тоа не е Парламент тогаш. Некој ќе се согласи , некој не се согласува. Тоа е така.

Има збор г-дин Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, јас нема да гласам за амандманот не го поддржувам, дел од причините ги кажа г-динот Петковски, а дел од причините ни се сосема јасни на сите нас. Ние од" познати причини бевме примени во ООН под привремено име кое што го употребуваат претставници на ООН и институциите што се нивни асоцијации. Никој

овде не кажува зошто г-динот претседател на САД Клинтон, па и државниот секретар Кристофер не употребува ПРЈМ туку само РМ и никој овде не кажа дека немаме право нити можеме да го промениме начинот на обраќање на претставниците на ООН и на нивните асоцијации со формулацијата под која што сме примени. И никој од овде ниту заговара, ниту има право да потпише договор со истата таа формулација со која што тие мораат да ни се обраќаат заради тоа што гледате дека во сите документи , не е овој прв материјал кој што е стигнат од тие институции, тие се обраќаат така како што мораат да се обраќаат од нас, а од наша страна се потпишува под уставното име РМ како што е и во овој случај министерот Џевдет Хајредини, министер во Владата на РМ.

Она што сакав да го кажам се однесува на следното. Еве со оглед на тоа што нема да гласам, некој веќе рече од предлагачите се легитимираа сите што нема да гласаат за амандманот, се повторно предавници. Ние сме прогласувани и досега стотина пати и за предавници и за тие што ја продаваат Македонија секој ден. Прво што мајстори бевме да ја продаваме две години државата, а сепак да си остане и со уставно име и со сите институции и со народ. И второ, што домаќини беа тие на кој што стално една те иста роба им ја продаваме и ја купуваат од нас.

За тоа што сакам да укажам и што навистина ме загрижува е следното: нашата намерна злоупотреба на терминот со кој што ни се обраќаат претставниците на ООН прво зборот "фор мер" секаде се преведува точно со "поранешна југословенска република". Никаде освен во Грција и Србија и од некои наши на: жалост патриоти не го употребуваат терминот БЈРМ. Па да  извлечат овде онаа потсмешлива цинична синтагма дека сме се прекрстиле во Бајрам итн. Не дозволено

е и нема поголем грев да се ситиш на маката на сопствениот народ кој што постапи во даден момент така како што постапи. И ве молам да не си дозволиме понатаму да го употребуваме БЈР кога е ПРЈ и кога никој освен северниот и јужниот сосед не го употребува тој збор И да не дозволиме да се ситиме на сопствените маки заради тоа што правиме огромен и неопростив грев.

И на крајот да завршам. Овие договори , ги имате материјалите во прилог, од наша страна ќе бидат потпишани, од овластениот претставник , министерот за финансии Џевдет Хајредини, каде што стои министер во Владата на РМ. Тоа значи дека на внатрешен план нема никаква употреба на привременото име кое што мора да го употребуваат тие што ни ги доставија материјалите, додека не се расчистат односите со Република Грција и од тука нема никаква потреба ни за амандмани , ни повторно да се прогласуваме за предавници и за предавници на Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(некој од пратениците бара реплика)

Немојте реплика, никој не ве спомна вас. Не е никој спомнат.

Има збор Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Бидејќи се настојува да се внесе извесна забуна и да се каже кака тоа што го пишува не го пишува, овде во договорот јас само за тоа станав да кажам дека и јас читам, дека овде пишува дека договор за кредит за развој се склучува помеѓу ПЈРМ и Меѓународно здружение за развој . Така пишува, инаку немаше да станам ако некој не станеше да се обидува да каже дека тоа не го пишува. Е сега, би било по чесно тие што

се согласиле Македонија да ја ословуваат со тоа име да кажат дека се согласиле и дека мислеле дека тоа е подобро отколку било друго, отколку овде на очиглед на сите овие партии овде, да тврдат дека не го пишува тоа , што го пишува. Ете само ради тоа сакав да го кажам. Инаку јас се разбира ќе го поддржам амандманот и дека и натаму мислам дека никој нема право да го менува името на Републиката, и натаму мислам дека се смешни објаснувањата дека името е за внатрешна употреба е едно, а името за надворешна употреба е друго. Еднаш сум рекол дека мене моето име и презиме, не ми е потребно за да се ословувам самиот себеси како Петар Гошев, туку за да комуницирам со надворешниот свет и другите да ми се обраќаат мене. Разликата претпоставувам дека ја сфаќате со ова.

Благодарам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мене ми е јасно дека опозицијата во овој Парламент нема да гласа ни за овој закон, ни за оној претходниот не гласаше, а нема ни да гласа ни за идниот закон и додека постои овој Парламент опозицијата нема, да гласа за клучни закони кои ќе пружаат перспектива на РМ се со една рационална свест, дека на таков начин ќе прикажат неуспешност на позицијата, без разлика на тоа во каква состојба ќе се доведе , да речам јас народот, бидејќи многу демагози овде го употребуваат тоа име и тоа е сосема совршено јасно и мирен сум во тој поглед од почетокот па до крај ка овој мандат. И, нормално е дека во една таква ситуација во каква што сме ние денеска ќе/понесеме ние тежината опозицијата за начинот на кој треба да функционира оваа држава во овие клучни моменти и во секој случај ќе го направиме тоа на стамен начин и на начин на кој прилега, а вие можете да кажувате и да се тркалате колку сакате, ние ќе го направиме тоа и ќе ги донесеме тие закони(аплауз од опозицијата).

А тоа дека како опозиција вам со донесувањето на овие закони ви се затвара можната перспектива да допрва декларирате политика која позицијата веќе ја остварува и со признание на меѓународните фактори тоа е клучниот момент на целиот тој проблем.

Жалосно е само што некоја господа овде, во овој Парламент од типот на новопромовирани демагошки приоди се обидува да ја прикаже состојбата во Републиката на начин на кој ја прикажуваат. Јас верувам дека пратениците кои ќе гласаат за овој закон, (реакција на некој од пратениците во салата) за законот јас зборувам, за мене не постои амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за амандманот претресот е.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе го направат тоа со чиста совест и ќе можат утре, заутре да се гордеат за тоа. Инаку, точно е тоа дека постои срамно име со кое не ословува светот, но точно е тоа дека опозицијата не може да се соочи со таа вистина дека тоа срамно име со кое не ословува светот треба да пружиме можност да го бришеме утре, задутре.

Јас ќе гласам за законот затоа што овие нови финансиски можности што се пружаат за РМ ќе овозможат, како што рече г-динот Петар Георгиев и други стопанственици, една поголема динамика во стопанството, ќе овозможат динамичен живот во Републиката и ќе овозможат орудии за водење н& би ката за истрајност на уставното име на РМ. Во спротивно прифаќањето на амандманот во текст кој го утврдува заемодавачот значи сој договор на заемодавачот не произведува правно дејство. Тоа значи Македонија да се доведе во поголема темница, да и се скратат можностите да пред светот кажува

која е и што е. Да и се скратат и можностите за тоа срамно со кое не ословува светот да може да го брише. Јас верувам дека ќе бидеме сведоци дека светот тоа ќе го направи во овој период нареден за 3-4 месеци и дека од таа хипотека , само на начин на ваков кооперативен , на стамен,на начин по македонски за што можеме да се однесуваме. А, со инаетење од оваа говорница и со тркалање, јас не верувам дека ќе можеме да дојдеме до таа цел.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво морам да кажам дека го поддржувам амандманот во член 2 во текстот на договорот за заем на македонски и англиски јазик зборовите ПРЈМ односно "Former Yugoslav Republic of Macedonia" да се заменат со зборовите Република Македонија, односно "Republic of Macedonia" . Во тој контекст можам да кажам дека ги поддржувам сите излагања на претставниците, пратениците од опозицијата кој досега зборуваа во тој контекст и го поддржаа амандманот.

Ќе го цитирам и член 118 од Уставот на РМ дека "Меѓу- народните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон". Вториот член ви го кажувам само дека повторно доаѓаме до една неуставна состојба во РМ и како што рече еден од пратениците дека ако македонскиот Парламент, односно Владата на РМ , македонското државно раководство постојано го прекршува Уставот на РМ, најмалку што можеме да очекуваме е граѓаните на РМ да се придржуваат кон правната држава во нашата Македонија, а уште помалку, нели, и да работат по законите на правната држава.

Она што паѓа во очи во текот на оваа дискусија е навистина цинизам, гневот, потсмевот кој доаѓа од десната страна на пратеничките клупи во кои седат најмногу пратениците на СДС, најверојатно на господата на СДС некако полесно им е да поминат преку ова правејќи шега и правејќи потсмев од оваа дискусија која се води, толку значајна и толку важна за сегашноста и за иднината на РМ. Меѓутоа, ако цинизмот и исмевот им ја овозможува леснотијата на душата и понатаму нека се смеат и понатаму нека цинично се исмеваат.

Она што најмногу боли и тука во целост ја поддржувам дискусијата на г-динот Гошев и можам само да продолжам во тој контекст е што овде во Македонскиот Парламент правиме она што на- вистина се нарекува орвелова држава за која зборував еднаш кога претседателот на Републиката и го предложи името РМ (Скопје). Орвеловата држава на тоталитаризмот во кој историјата, минатото и иднината се пишуваат и се прекројуваат секојдневно од школата на историчарите. Сите денеска сме сведоци на една парадоксална сцена на една сцена на апсурдот како во расказите и во романите на Кавка. Што се случува , излегуваат тројца пратеници од СДС, г-динот Киро Поповски, потпретседателот на Собранието Тито Петковски и пратеникот Благоја Ханџиски и ни кажуваат дека нигде овде во овој закон не пишува дека ние потпишуваме договор БРЈМ. И сите се чудат каде тоа го пишува. Киро Поповски дури го покажува законот, па вика кај го пишува тоа име БЈРМ. И сите ќе она•што го нарекувате сами ќе демагошки настапи на позицијата, меѓутоа демагогијата најмногу вие ја користите. Исто така го поставувате прашањето па кој е тој кој што го потпишува името БЈРМ, па каде пишува тоа,БЈРМ. Сите се чудите во своите настапи. Па, господа едноставно

еден од пратениците го прочита, еве овде, на стр.2 од Предлогот што сте ни го дале пред нас пишува јасно "Договор за заем понатаму "договор помеѓу ПЈРМ со фуснота каде што доле пишува "опис од ПЈРМ ќе се користи привремено од страна на банката додека не се договори името со банката и меѓународната банка за обнова и развој". Едноставно тоа е она што најмногу боли. Ако не верувате на своите очи еве отворете ја страната 2 сите вие ќе се уверите дека тоа го пишува. Тоа е она што е нај- страшното, вашиот цинизам со кој сите сакате од нас да направите н&вистина прво една сцена на апсурд, она што постојано се истакнува од македонскиот Парламент да направите циркус и сите. нас да не направите на еден начин малолетни деца кои не знаат да читаат и не им веруваат на очите што ги доставиле. Тоа е она најмногу што боли.

Навистина јас не знам она што пред малку пратеникот Наќе Стојановски го додирна, а можеби само му требаше завршница, зошто, од што се плашите ако веќе сте влегле во едни вакви аранжмани, ако веќе сте потпишале вакви договори, едноставно кажете ја прифаќаме одговорноста, влегуваме во ваков договор заради тоа и тоа. Еве го потпишавме договорот под името ПРЈМ, одиме со тоа ја примаме одговорноста, сметаме дека тоа е најдобро. Сите подобро ќе ве разбереме и сите подобро ќе ве сфатиме, и можеби некој ќе ве оправда. Меѓутоа она што загрижува и она што постојано боли е вашиот цинизам, правете некаков договор, го потпишувате тој договор од цела Македонија правите масовна лудница, а се чудите каде пишува БЈРМ..Еве го во законот кај што сте го предложиле. Тоа е она што најмногу боли, И од тука сметам, ако сметате да го поддржите вашиот став, тоа е ПРЈМ, подобро јасно излезете пред македонската јавност, кажете дека тоа е најдобро и одете напред, меѓутоа, исто така ќе се согласите дека нема

да го прифатите амандманот кој група на пратеници го понудиле, а тоа е името што вие го предлагате ПРЈМ да биде заменето со името Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето ви истече.

Господинот Петковски има реплика.

XVI/1 СС/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно не сакаме да се сослушаме до крај, или така ни импонира.

Јас бев многу дециден и ќе повторам, за мене амандман на законот не постои. Амандманот е на договорот, а законот гласи управо така како го прочитавме - Предлог на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Меѓународната банка.

И на член 1, член 2, член 3, каде прочитавте тоа вие бивша југословенска Република Македонија. (реакции од пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Правете разлика, јас не реков дека не постои во Договорот. Немојте да. ја манипулирате јавноста, ве молам. Јас реков не постои во Законот. А, во Договорот постои. Меѓутоа, никаде не пишува тоа што вие го викате дека Договорот е составен дел на Законот. Никаде не пишува.

Според тоа, Собранието носи Закон, а Договорот го потпишува во името на Републиката министерот за финансии. Тој Договор има точно утврдена содржина. Потпишан"е од Меѓународната банка. РМ може да го потпише или да не го потпише. Јас ја сфаќам вашата заложба никако поинаку освен пледоаје во Македонија да ј не влезе меѓународен кредит. Македонија да не го заклучи овој I Договор. Тоа е вашата заложба, господа. Немате право тоа да и го правите на Македонија. Во кое име? А, совршено ви е јасно дека ООН и сите агенции на ООН ќе се обраќаат кон

РМ на начин како е тоа одлучено во ООН. И, не може поинаку.

Меѓутоа, ние од овде, ниту еден акт од РМ нема да пратиме ниту во Светска банка, ниту во ООН со тоа име што тие нам ни се обраќаат, туку само како РМ и органи на РМ. Тоа стои во овој закон и ве молам читајте го онака и слушајте ме онака како што говорам, а не како вам ви инпонира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Ханџиски бара реплика.

(реакции од место дека не е спомнат)

Слушајте и внимавајте.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Си верувам на своите уши па после на твоите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте од говорница да се објаснувате.

Имате збор.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Добро, благодарам. Ако сакав и јас да се држам до формалност и да се сведам на нивото на цинизам само ќе кажев, за тоа што колегата Георгиевски ме оптужи и го оквалификува за цинизам тоа што сум рекол дека никаде во материјалот не пишува бивша југословенска Република Македонија, тогаш можам да кажам дека во тоа и:мам целосно право И"да с;л седнам на место, заради тоа што навистина никаде во материјалот .не пишува бивша југословенска Република Македонија.

Јас реков дека пишува поранешна југословенска Република Македонија во текстот доставен од Светската банка за обнова и развој како асоцијација на ООН каде не основуваат со привремено име бивша југословенска Република Македонија, пардон, поранешна. И јас направив грешка.

И, уште, тоа што е до нас е до нас. Тоа што е до надворешното обраќање е така внесено во материјалот, а тоа што е до нас, каде што треба да се потпишеме со најголеми букви тука пишува заемопримач г-дин Џевдет Хајредини, министер за финансии во Владата на РМ, овластен претставник. Повеќе немам што да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Поповски бара реплика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. веројатно почитуваниот пратеник Георгиевски ме побркал со другите некои што говореа, ме поистоветил.

Прво и основно, јас не тврдев дека во Договорот нема назив поранешна Република Македонија. Напротив, јас образлагав зошто такво име и покрај тоа што е во Договорот не значи дека ние со тоа потпишуваме откажување од нашето уставно име.

А сега, дозволете да ви кажам, ја имав таа чест и можност да присуствувам и во работата на ООН, во нејзините комитети, комисии, каде составен дел на таа меѓународна асоцијација се и овие светски финансиски организации. Впрочем, да ве потсетам дека пред некој ден, кога го оптуживте г-динот Халили како се преставувал во Советот на Европа, ви подели листа во која што сите наши пратеници што учествуваа во Советот на Европа беа. од страна назначени,

и пратеникот Панче Насев - пратеник од поранешна Република Македонија, не, од поранешна југословенска Република Македонија. Листот сите го добивте што г-динот Халили го подели и сите го имате во вашите документи.

Според тоа, во сите меѓународни организации очигледно употребата на тоа име во формално правно, инаку јас да ви кажам во ниту еден комитет, во ниту една комисија на ООН, па и на самиот пленум скоро ниту еден претставник, ниту државник не се обрати со поранешна. Сите не ословуваа со РМ или само Македонија. Исто така и во Советот на Европа. Меѓутоа, од формално правен аспект во сите хартии што се даваа како информативни средства обврзни се официјално овој термин времено да го употребуваат.

Според тоа, мојата забелешка беше дека тоа не значи дека ние се откажуваме и дека на крајот би прифатил овде откажување дотолку повеќе што и во законот и во потписот на претставникот на оваа држава ќе стои РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Георгиевски бара реплика.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Морам да кажам дека не обожавам многу да излегувам на реплика, меѓутоа, очигледно пратениците кои излегоа го докажуваат она што го кажав пред малку. Ќе се задржам само на некои кои повторно не можат да видат она што сите го гледаат. И, она што најмногу боли, што повторно не сакаат да го видат оние што сами го предложиле,

Ако ова е законот што го да ставиле до сите нас како пратеници (го покажува законот) многу јасно ќе се види, неодбележано од страна дека предлогот на законот е составен од член 1, член 2 и член 3 на крајот. Членот 2,

првата страна на страна одбележана со страна 2 стои многу јасно Договор за заем, Договор помеѓу поранешната југословенска Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој. Сега јас не знам што понатаму треба да читам. Уште колку пати треба да прочитам дека тој Договор е составен дел на законот што се нуди, ставен во членот 2 до пратениците на македонскиот Парламент.

Не сакам уште еднаш да излегувам да читам на кое место е ставено, не сакам уште еднаш да полемизирам. Меѓутоа, она што најмногу боли, она што сакате од сите нас навистина да направите малолетни деца, што се занимавате со една лага пред целиот македонски Парламент, пред целата македонска јавност, сте направиле договор. Што се плашите? Ако веќе сте ја примиле одговорноста да одите со тоа, тогаш одите напред. Меѓутоа, немојте да манипулирате со нас. немојте да ни кажувате приказни. Немојте да ни кажувате лаги. Немојте да ни кажувате дека она што го читаме сите пред нас е лага.

Сега, што треба да направиме? Илјади копии од овој закон да поделиме во Македонија, па да се уверат сите во Македонија дека така пишува во овој закон? Јас немам понатаму што да дискутирам кога можеме да се вртиме во круг за истото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мицевски.

**ТРАЈАН МШДЕВСКИ:**

Почитувани претседателство и господа пратеници, би прифатил амандманот од следните причини:

XVI/6

До кога ние и зошто ќе ја лажеме Македонија дека овде имаме уставно име а надвор имаме лажно име? Дали тоа не е навреда за големите држави, Кина, Русија и Турција што не признаа под уставното име, а за една Грција го менуваме името? Да не ми се чини овде се продаваме за пари? И најсиромав народ ако дојде да го изгуби името за пари, не му требаат пари. Тој ќе помине и без тоа и ќе остане цврст. Никој не ни помогнал нам, ниту порано и секогаш останала Македонија. не и давале пари да го зачува лажното име туку останала под вековното име Македонија. И сите вие колку и да докажувате, ќе докажете дека само под лажно име се продава Македонија.

Во дискусијата се наведе дека не можеме без кредити. Точно дека не може без кредити, затоа што господата имаа земано кредити за 30 години со 1;% камата, направија во нивните претпријатие и фабрики пари, ги внесоа во банката за 15-2 0% камата на истите пари. Затоа им било убаво да живеат со камата. Кога ќе дојде да плаќа недевалвирани, невалоризирани средства, враќаа по 30 години, инфлацијата секогаш беше уплатницата поголема, поскапа од ратата што ја уплаќаа. Затоа велат дека убаво беше тоа. И јас така, да имав таков ред и јас ќе речев убаво е тоа.

Исто така, да не го претворите овој кредит како што беше и со зелениот кредит за развој на земјоделието. Се направија вили, се накупија коли, а земјоделците сега го плаќаат тој кредит.

Затоа велам да не се злоупотребува пак да почне по таа основа таква работа."Не е тоа што не ни треба. Ни треба нам, но дали имаме домаќин кој ќе води во таа куќа парите што ќе влезат каде ќе ги даде? Дали ќе ги даде стварно за потребите на домаќинството или ќе ги даде надвор за луксузи и разврат.

Ова исто ми сведочи дека вам не ви стигнаа милијарда и пол од штедачите, не се вратија, а сега со 300, со 120 милиони и тоа треба да ги платиме, тој кредит, па после дали ќе издадат тоа е друго, може да ги дадат, меѓутоа гледам јас тука изигрување на прописот да помине на мала врата и законот за менување на името и знамето. Тоа го велам заради тоа како ќе ги отстрамиме оние наши културно - уметнички друштва од Велес што во Франција за народната македонска носија освоија прво место, а за народниот фолклор на Македонија освоија II место? Како беа пречекани, развиорено тоа македонско знаме, песна за сите, а ние сакаме да постигнат успех, да ја сочуваме нашата традиција, македонските обичаи да им ги продадеме со промена на името, за некоја пара.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжи да ја води седницата)

Пратеникот Стојков побара деловничка забелешка.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Се повикувам на член 105 од Деловникот, односно кога ќе оценам, а оценив сега како пратеник, на тоа имам право согласно Деловникот, дека овде се искажаа невистини, а претседавачот во овој случај, односно претседателот на Парламентот како претходен претседавач требаше да ги опомене тие господа што изнесоа невистини а тоа се однесува на овој закон што сега го гледаме, на страница 11 ќе видите дека има еден направен фалсификат и тоа тежок фалсификат, а за ова може, согласно Кривичниот закон е казниво дело. Во овој случај јас верувам дека Владата на РМ направила фалсификат затоа што во англискиот јазик никаде не постои, тоа г-динот Тодор Петров убаво го кажа, а вие се повикувате на некои си одредби министерот под кое име ќе се потпише.

Овде е чист фалсификат г-да и тоа претседавачот требало да опомене. Многу едноставно се гледа, не треба ниту графолог да повикаме, да ви кажам најискрено. Пишувано е на машина на латиница што се употребуваше во Бившата Југославија. Многу едноставно, ангаличаните немаат буква "ж". Погледнете, ќе видите. Многу, многу едноставно.

Г-динот Поповски Никола, што се смееш, сигурен сум....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, ова не е процедурално прашање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

...дека знаеш англиски. Меѓутоа, би требало да реагирате г-дине Поповски, пред вас е. Пред вас е.

(претседавачот опоменува со ѕвончето)

Во ред, знам дека ве боли кога лажете и кога кажувате фалсификати од оваа говорница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Покренете постапка.

Има збор пратеникот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас со оваа своја дискусија нема многу да допринесам. Но, сепак ќе бидат многу краток.

Со дискусиите што се виде од страна на опозицијата на оваа говорница ситуацијата повторно се враќа на самиот почеток. Намерата е очигледна и препознатлива,

Не сте во состојба да сфатите една потенцијална мошне корисна економска прилика за Република Македонија. Се истрошувате во иреалноста на некои пратенички калкулации или лоши проценки. Наместо да се дискутира за законот и ползата од донесувањето на еден таков закон за заживување на стопанскиот живот во Република Македонија, со што ќе се овозможи ослободуваше од баластите на стариот и на некој нов романтизам.

Се се сака, господо од ВМРО-ДПМНЕ, да се сведе дискусијата на ваши пратенички недоследности, повторно заострување на меѓупартиски односи и релации, повторно опасност дека и овој кредит ќе се троши ненаменски, повторно опасност дека Македонија некој ќе ја продаде.

Ем сте за жалење, ем сте за смеење.

Значи, своевидна трагикомика, нели?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се ве молам, предмет на расправа сега е амандманот.

Збор побара пратеникот Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господо пратеници, јас излегов само околу, точно околу амандманот, но околу полемиката што ја отворија претходните дискутанти на членот 2, кога е јасно дека во членот 2, самата реченица што е дадена, тоа секој може да го констатира, и во елементарната математика што сега во V одд .се учи, математичка логика, кога ќе видите дека реченицата е дадена во декларативна форма, тоа што значи?!

'Вели текстот на договорот во оригинална англиски јазик и превод на македонски јазик гласи. Тука завршува се.

Тоа е членот 2.

Во ваква форма реченица нема никаква вистинита вредност. Исто како да не постои. Вез, ако не се сврти двете точки, се дополни во описна форма - Договор за заемот. Само тогаш е реченица. А, штом е реченица, е исказ. Што е исказ има вистинитост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-дин Никола Поповски.

XVII/1 ЛП/ЛБ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, мислам дека е сосема јасно од повеќе дискутанти искажано овде дека ние всушност не расправаме за амандманот, расправајќи за амандманот, со оглед дека амандманот е на членовите од законот кои се однесуваат, преземени како договор, дефакто ние расправаме за ратификацијата целосно, ако Собранието се изјасни за амандманот, тоа значи дека го отфрла договорот. Мислам дека не треба од сите нас овде да правиме разни прикаски - ајде ќе го смениме договорот сега, ќе го смениме со амандманот името, па ќе го гласаме договорот, зашто таа прикасна не проаѓа на друго место, туку мислам дека треба да разговараме по суштински. Мене ми е жал што и причините заради кои се разговара за или против овој договор, односно пред Собранието во вид на закон за ратификација. За жал, во ова Собра- ние се оддалечија толку многу од суштината, што дефакто се губи предметот што расправаме. Мислам дека господинот Наќе Стојановски имаше право кога кажа дека дел од опозицијата се труди, алудирајќи на употребата на името на нашата држава во договорот, со тоа да го принуди Собранието да не го потпише договорот и да ја оствари онаа цел која можеби ни се наметнува , која сите ја знаеме дека е таква, да не го ратификуваме договорот.

Меѓутоа, мислам дека треба да расправаме и за таа работа, што значи нератификување на договорот, зашто многу е лесно, јас се согласувам, да седиме во опозиција, да бидеме неодговорни за состојбата во државата и да викаме немојте да го ратификувате договорот. Тоа е едно логично, меѓутоа, нерационално однесување на опозицијата, чија држава е исто РМ. Нератификувањето на договорот не значи дека нашите обврски кон Меѓународната банка за обнова и развој прекинуваат. Напротив, тие и натаму ќе си опстојат, меѓутоа, наплатата

за тие обврски ќе се актуализира, ако не со нов кредит за отплата кој дефакто можеме да го третираме како репрограм - премиерот кажа дека н еможе репрограм со еден договор, меѓутоа отплата продолжува, се зема нов кредит ако ние не го репрограмираме дефакто тој долг светската банка ќе го наплати со нејзините познати инструменти за наплата кои во светот се прифатени. Прво се блокираат сите наши девизни резерви кои се во домицилните банки во валутните подрачја, понатаму, девизниот прилив преку нашите бании се запира и се насочува се додека се отплати девизниот долг на државата кон светската баниа, што значи дека РМ додека не го отплати ќе биде дефакто замрзната во девизните трансакции се до износот од 107 милиони . Замрзнувањето за Македонија 107 милиони не може да биде незначајно поради тоа што 107 милиони долари за оваа држава се значаен износ. И кога расправаме за амандманот секогаш да го имаме предвид тоа, ако го усвоиме амандманот, односно не го ратификуваме договорот, нашата држава ќе се доведе во позиција да мора присилно дефакто да ги наплаќа светската банка долговите кон нас, што значи девизно ќе не блокира, а ние не сме некоја држава како Русија да можеме  па и она мора да биде упатена на соработка со стопанствата од другите држави односно тоа се обавува само преку девизните трансакции. И треба да помисли опозицијата, кога предлага, што предлага? Ако е нејзиниот интерес да се омаложавања оваа Влада и оваа коалиција и на тој начин и РМ да се доведе во многу незавидна ситуација, тогаш јас ја разбирам, меѓутоа, не можам да ја сфатам, затоа што е малку непринципиелно опозицијата да бара да се замрзнуваат можеби девизните резерви и девизните трансакции на РМ, само за да таа излезе во право еве вие не сте способни Тоа е мислам целта на опозицијата.

И да се разбереме за уште една работа од оваа говорница. Во април 1993 година, мнозинството коалиционо, Владата ја голтна горката пилула за прием во ООН. Ја голтна, меѓутоа ниеднаш не се исмејуваше со тој прием, и ден денес никој од нас не се исмејал, за разлика од опозицијата која и од оваа говорница си дозволува да се исмејува со сопствената држава, да ја нарекува "Бајрам" , да ја нарекува нацијата која живее во оваа Република " бивши Југословенски македонски" итн. Ја голтнавме пилулата, ќе ја голтаме пак, зашто сме одговорни за оваа држава. Меѓутоа , никој пат не се исмеавме со оваа држава. Мене ми е жал што вие се исмејувате со таа наша мака. На целата мака мораме и тие ваши исмејувања да ги слушаме, "Бајрам" итн., што мислам дека за вас говорат повеќе отколку за позицијата. По приемот и по голтањето на таа пилула ние сме сепак по блиску до двете цели кои ги зацртавме, меѓународното признавање по уставно име. Првата цел ја постигнавме со голтањето на пилулата и сега ќе ја постигнеме веројатно и втората многу брзо или не знам кога. Меѓутоа, се трудиме, се мачиме и работиме на тоа, не седиме на страна, не се исмејуваме и не го овозможуваме овој народ да доживува судбини како што доживуваат некои банана републико во односите со ММФ само затоа што опозицијата сака да биде толку паметна да ја онеспособи коалицијата, сите нас кои ја поддржуваме Владата и со тоа да не доведе на гранки кои нема да бидат за пример во светот Затоа, мислам со вака отворени карти - јас сум сосема свесен што прифаќам, да се разбереме Сосема сум свесен дека прифаќам договор во кој мојата држава, како што се прифати во ООН со привремено овде, ја прифаќам и овде со привремено име да го земе тој кредит. (аплауз од некои пратеници). Меѓутоа, исто така сум многу свесен што ќе настане, немојте да аплаудирате затоа што не сакам аплаузи од опозицијата исто сум свесен што ќе се направи до колку не се

прифати договорот односно се прифати вашиот амандман. Тогаш последиците по РМ можат да бидат многу, многу поголеми и затоа немојте да се исмејувате на никој од оваа страна и на оние од оваа страна кои седат , а се дел од коалиционата власт, што сопствената мака и сопствените горки пилули по некои прашања ги голтаат за општо добор, за што не е добро да се исмејувате на тоа. Ни на Бранко Црвенковски ни на никој не му е лесно да го потпише тој договор во кој не ословуваат поинаку. Некои се приморани за тоа, некои ја сносат одговорноста од тоа, меѓутоа, не е никаков начин да се исмејувате, па уште и да не нарекувате "Бајрам" република од оваа говорница за што никако не учествувавте во одговорноста од тоа што ние го прифативме името. ФАИК АБДИ:

Јас овде изјавувам дека овде нема да гласам за амандманот што е поднесен од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Јас ги разбирам сите овде што се присутни и себе си се разбирам дека сме во многу тешка ситуација, дека е разбирливо тешка ситуација, меѓутоа, претерано национално чувство и претерана национална гордост малку ни штети на сите што сме овде, а граѓаните на РМ се изјаснија за што се, и македонците и албанците и труците и ромите и власите итн. и тоа на свој мајчин јазик дека се за името РМ.

Меѓутоа, јас имам овде едно писмо како доказ пред сите вас од Европскиот совет каде ни се обраќаат со : мистер Фаик Абди, мембр оф парламент фо Рипаблик оф Маседонија. Меѓутоа во истото писмо , при обраќањето на господинот Роберто Јакобо до сите членови на Европскиот совет стои поранешна"Југословенска Република Македонија. Тоа е тоа што не можеме да го избегнеме во овој момент. Ние треба да бидеме по флексибилни луѓе, да не се навредуваме вака и да губиме

залудно време. Кој е тој што сака да направи чудо во оваа земја и да го промени името и презимето, освен она што зборуваа колегите пратеници, ако сакаме да не го изгласаме овој закон, договорот да не се потпише, а тоа значи стоп на се за РМ. Мислам дека никој нема право да го прави тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, најпрво би саскала да укажам на тоа дека стојам зад пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, која што го предложи амандманот на законот, дека му давам целосна поддршка.

Исто така, многу ми е мило што пратеникот Ни? зла Поповски најотворено призна дека.-како припадник на СДС и ако учесник во коалиционото мнозинство и во власта е соочен со фактот дека неговата партија и коалицијата ја прифатиле промената на името, и тоа од оваа говорница најотворено ка кажа. Јас имам разбирање за пратеникот Харуни што не е загрижен за ваков договор со ваква содржина, тој што ни е понуден и под вакво понижувачко име, а исто така и за господинот Фаик Абди, но не можам да го разберам ниту пратеникот Поповски, ниту останатите други пратеници од СДС кои од оваа говорница искажаа низа невистини, пред се пратеникот Тито Петковски, кој како врв на манипулација во стилот на стариот тоталитарен режим не убедуваше дека тоа што го гледаме и слушаме сами ни се причинува, а вистина е тоа што тој самиот од оваа говорница ни вели.

Исто така, ме зачудува како пратеникот Никола Поповски не повикува од оваа. говорница да разговараме по суштински, што ,значи не за амандманот, не за барањето на пратеничката група а ВРМО-ДПМНЕ”, во договорот да стои уставното име. а нашата држава Република Македонија, а не поранешна Југословенска Република Македонија. За него суштински е да се разговара за текстот на Договорот.

XVII/6.-

Исто така, ни укажа на последиците што ако не се потпише овој договор. Но јас да ве потсетам на тоа дека одговорноста за содржината токму на ваквиот договор ја сноси вашата партија која во текот на овие три години, предводена од претседателот на Републиката Киро Глигоров, ја водеше надворешната политика и ја доведе Република Македонија во ситуација да и се наметне едно неприродно, неисториско име, а тоа е поранешна Југословенска Република Македонија. И за тоа исто така да ве потсетам дека никој не сносеше одговорност, ниту оваа Влада која денес со овој текст на закон, на кој што му претходи едно пропратно писмо кое што е потпишано од премиерот Бранко Црвенковски официјално признава дека го прифатува ова вештачко наметнато име.

Но би сакала да ви укажам на тоа дека ниту јас како пратеник и како граѓанин на Република Македонија имам историско, морално, било какво право, ниту пак мандат од гласачите да прифатат промена на името, ниту пак да гласам за ваков закон во чија содржина е договор со едно неуставно име на нашата држава.

Исто така, индикативно е што поголем дел од пратениците се спротивставија на извештајот на едно високо парламентарно тело, а тоа е Законодавно - правната комисија која со шест гласа за го при- фати амандманот, чија цел е да се усогласи текстот на законот со уставот.

Јас се повикувам на совеста на сите пратеници, независно од кои партии доаѓаат, да гласаат за амандманот на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ и со тоа да се заложат за почитување на Уставот на. нашата држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Вецко Личоски.

XVII/7.-

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, јас сум еден од потписниците на амандманот. Прво деловнички сакам да интервенирам, бидејќи помина повеќе од еден час како што дискутираме за законот, а не дискутираме за амандманот. Јас сакам да кажам зошто сум за амандманот и зошто сум потписник на тој амандман.

Во членот 2, текстот на договорот во оригинал вели на англиски јазик и во превод на македонски јазик гласи. Јас не навлегувам на македонски како е напишано, за што имаме машини на македонски напишани и убаво стои. Јас навистина не гледам и затоа ги клавам очилата за да видам убаво. На страница 9 овде каде што е вметнато ова на англиски јазик за господинот Џевдет Хајредини е напишано со потполно друга машина. Сето друго е напишано на иста машина, а ова е вметнато. Тоа значи дека оригиналниот договор е сосема друг и затоа јас се потпишав за амандманот и реков дека амандманот треба да биде онаков каков што е даден. Сполајми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бранко Црвенковски, претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Еве, со искрена намера ако можам да помогнав во расправата евентуално некои дилеми да се затворат или да се расчистат и евентуално ако можеме да успееме поефикасна да ја направиме расправата да се изјасниме по овој закон. Неколку работи беа споменати.

Прво, од неколку дискутанти, уште при општиот претрес, а еве сега во неколку наврати повторно беше речено дека си поставува. прашањето зошто се прави ратификација односно овој закон доаѓа во Собранието пред а биде потпишан а не откако ќе биде потпишан како што е ред, како што уставот предвидува процедура.

XVII/8.-

Прва работа: во случајот на Република Македонија Светската банка прави отстапка од вообичаената процедура. Принципот на Светска та банка за обнова и развој е дека ниту една држава не може да смета на нови средства додека не ги измири старите обврски. во овој случај, за да ги измириме старите обврски, се прави конструкција во која Светската банка прво пласира пари. Бидејќи тоа е така, значи тоа е надвор од некоја нормална вообичаена процедура на меѓународната банка за обнова и развој, што значи со други зборови некои пари веќе би требало да легнат на сметка на Република Македонија, а пред тоа ниту да биде потпишано, ниту да биде од страна на Собранието перифицирано, ратифицирано, како сакате. Тоа е причината зошто овој пат одиме - инаку јасно, и нам ни:е познато што пишува во Уставот, а тоа е дека се оди на ратификација откако Владата ќе го потпише договорот. Тоа е првата работа. Се разбира, овде правно ако сакаме формалистички да пристапиме, можеме сега од тоа да направиме проблем. Меѓутоа, јас ви кажувам воопшто во целиот овој случај спрема Република Македонија се прави отстапка од Светската банка и се пласираат пари пред да има потпишан договор за да можеме прво да го вратиме стариот долг па сме чисти во однос на старите долгови, па се потпишува нов договор за да може нормално процедура понатаму да се води. Инаку, велам, ако правно - формалистички пристапиме, веројатно можеме многу од различни аспекти да ја гледаме оваа состојба, меѓутоа, објективно, логички размислувајќи / господинот Луловски рече чиста математичка логика во петто одделине се учи, политички размислувајќи, тој принцип во Уставот е пишан заради поголемо овластување на Владата, да не мора Владата зеде да потпише меѓународен договор да доаѓа во Собранието да прашува за и да добие доверба односно да добие поддршка а тој договор. Што значи дека во Уставот, во обичаената процедура е Владата ги има сите овластувања да потпишува меѓународни договори, а потоа доаѓа со ратификација пред Собранието.

Овој пат всушност практично што се случува. Ние како Влада доаѓаме со законскиот проект, пред да го потпишеме, на проверка пред Собранието. Правно јас не знам, не би сакал да си земам ингиренции да ги толкувам работите, меѓутоа, во правото има едно - ако може повеќе, може и помалку. Ако можеме и без да се провериме да одиме на потпис на договорот, уште повеќе можеме претходно да се провериме па да одиме да го пот- пишеме договорот, со тоа што се обврзува, законот е таков, дека ова ќе важи само ако не дојде до никаква измена на договорот и од моментот на потпишувањето. Тоа е прво околу тој дел.

Околу делот што беше овде споменат повторно, претпоставував јас дека едно од клучните прашања што може да станат доминантни - знаете, никој сега не говори за 80 милиони долари, за што ќе бидат употребени итн., сега тоа на страна, но ќе беше иста дискусија да беа 20, 80 или 120 милиони. Сега е битно, сега се фативме за еден друг елемент: како тоа банката нас не ословува. Точно е, не криеме Светската банка за обнова и развој нас не ословува со Бивша Југо- словенска Република Македонија по истиот принцип и процедура по кој што тоа го прават и Обединетите нации и тоа така ќе биде додека прашањето дефинитивно не го решиме во политичкиот дел, во ООН. Нема да се земе на себе ингеренции ниту Светската банка ниту ММФ, политичкиот збор и проблемот од ООН тие сега низ економски договори да го разрешуваат или верифицираат, што значи не е спорно дека Меѓу- народната банка за обнова и развој нашата држава ја ословува со тој назив, Поранешна Југословенска Република Македонија. Меѓутоа, не е спорно ни тоа дека ние себе си се нарекуваме Република Македонија, така се потпишуваме, такви писма им праќаме и не ни прават проблем од тоа. Тие не не тераат нас себе си да си го промениме името или да почнеме да се потпишуваме поинаку, меѓутоа, исто така го задржува- ат правото да не ги натераме пак ние, без претходен договор во ООН,

преку економски прашања и договори тие дефинитивно да launch речеме да го решат спорот, чие место за решавање се уште е ООН, за што има преговори, за што постои посредник назначен од генералниот секретар на ООН, Венс,за што да речеме денес нашиот министер за односи со странство се наоѓа во Њујорк итн. Ние како да не постои сето тоа и сега сакаме низ овој договор Светската банка и секој друг мора да го прифати ова па тогаш имаме решен проблем, немаме спор, нема потреба ни од Венс ни од посредништво, ни сето она што беше една од главните преокупации на Република Македонија во изминатиот период.

Претпоследната работа што сакам да ја кажам: Се нуди амандмсн, а точно беше предочено дека амандманот не е на законот туку на договорот . Видете, ајде сега д се вратиме на нормалната процедура што ќе ја имаме за сите -останати меѓународни договори. договорот претходно веќе ќе биде потпишан од страна на Владата со некоја ситуација во Собранието може да биде само ратифициран или нератифициран не може од после амандмани да се даваат на договор. Сега овде од една страна се забележува зотшо претходно се доаѓа, од друга страна се сака да се менува текстот на договорот со една меѓународна финансиска институција.

XVIII/1.- СП/ЉР

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Сега да поставам прашање дали може некому да му падне на ум амандман ајде не 80, туку 160 милиони долари. Ние даречеме навистина не одговара 80, дајте 160 милиони да земеме. Тоа се договорни обврски, како можеме ние со амандмани да го решаваме меѓусебнито договор со светската банка и да речеме не камата 4%, туку 2%, не грејс период 5 години, туку 10 години.

Ова сакав да го расчистиме да знаеме точно што се работи оти не можеме со амандман да внесуваме измени во текстот на договорот не на Законот и да тргнеме од претпоставка дека тоа е светска банка утре меѓународен монетарен фонд, бидејќи нашето Собрание така одлучи на седница на Собранието со поголем број на гласови.

На крајот една работа можеби е повеќе мое персонално лично мислење отколку став на Владата или врзано со оваа работа. Во една од претходните дискусии беше кажано дека се има разбирање зашто нема чувство за овој проблем кај Харуни да речеме кои кај Фаик Бади, но се чудиме како може Никола Поповски или друг македонец да нема разбирање, што по мое мислење не е тема на разговор на оваа точка, на овој закон, меѓутоа, една опасна теза што ги разголува многу работи.

Оваа држава е држава на сите нас, заеднички што живееме во неа. Секој има право да се грижи и г-динот Фаик Абди и г-динот Харуни и други да Ја чувствуваат како своја и овој проблем да го чувствуваат подеднакво како свој проблем. Ако некој мисли дека овде има луѓе што повеќе се засекирани за таа работа и повеќе им припаѓа државата, а некои други немаат право да зборуваат, г-динот  Фаик Абди нема право да зборува за овие работи, тогаш се плашам од тие работи што значат во суштина и за каква идеологија и индиција претставуваат.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,.

Се јавувам прв пат денеска за збор и веднаш да кажам дека амандманот, за мене, е сосема прифатлив и ќе го гласам иако е очигледно дека нема да биде изгласан. Овој Амандман е сосема идентичен да еден мој амандман од март 19 93 година кога ова Собрание расправаше за зачленување на РМ во ООН, јас тогаш предложив сличен еден ваков амандман на заклучоците што ги изгласа ова Собрание, а кој се однесуваше на тоа дека сите активности РМ ќе ги води за зачленување во ООН под нејзиното уставно име. Сигурен сум дека сите добро се сеќавате дека тој мој амандман тогаш не беше прифатен од истиот овој Парламент. Значи, повторувам ќе гласам за амандманот иако сум свесен дека ќе бидам во малцинство.

Сепак морам да признам повеќе излегов поради тоа што г-динот Никола Поповски укажа на последиците од не земањето на овој кредит. Само ќе кажам една работа. Какви ќе бидат последиците по Македонија доколку овој кредит биде лошо употребен и што ќе се случува со македонското стопанство при такви случаеви. Последиците ги кажа г-динот Никола Поповски, а јас тврдам дека доколку биде лошо употребен кредитот и сите наредни што ќе се земат дека последиците ќе бидат уште подрастични.

Зошто го изнесувам овој мој став? Дали оваа Влада во нејзиното досегашно работење ни дава гаранции дека успешно ќе ги реализира средствата од овие кредити. Јас тврдам и ќе повторам не. Зошто? Од проста причина што веќе е очигледно дека г-дата од оваа Влада со чест на многу ретки исклучоци, јавната функција |а сфатија како можност за едно големо лично богатење, има без број примери не сакам да ги набројувам, факт е дека во оваа Влада  не издава дозволи за увоз, кај

нас во Македонија дозволите се плаќаат. Неслучајно поставив едно пратеничко прашање на минатата седница околу тоа каде се чуваат, во која банка, нашите девизни резерви, под кои услови и дали има банки кои даваат поголеми камати. Тоа ек треба Владата допрва да одговори.

Исто така сакам да кажам дека не сакам да гласам за овој Закон во кој се очигледни фалсификувања. Ова е сосема очигледно не треба човек да биде ниту графолог, туку најобичен лаик да види дека на страницата 22.73 името на министерот Хајредини е куцано со друга машина. Од кои причини, ве прашувам, господо. Зошто не беше даден оригиналот да го видиме. Зошто е прекуцувано, зошто е правен фалсификат. Како сакате потоа меѓусебно да градиме клима на доверба кога едната страна фалсификува. Зошто фалсификувате? Кажете.

Значи, да повторам, сметам дека овие кредити оваа власт ќе ги искористи исклучиво за зацврстување на својата позиција во државата за подигнуваше на својот рејтинг, едно лажење на народот во оваа изборна година, а повторно истиот тој народ во иднина ќе се соочи да ги врака овие кредити.

Има многу очигледни примери во нашето блиско соседство гледаме Милошевиќ ја донесе Србија на две до три марки просечна плата,а сепак го гласаа.

**БОРИС ЃОРЧЕСКИ:**

Господа претенции и сите други во салата,

Јас многу ретко станувам и излегувам на оваа говорница. Но, сега како македонец, можеби некој го вели тоа напиен, само јас  станувам

тогаш како македонец кога ќе се дирне во гордоста на македонскиот народ. Тоа ме дирна и мене и затоа станав денеска. Сите треба да знаеме дека гордоста на еден народ за 80 милиони долари не се продава ниту се купува. Затоа станав тоа да го речам. Зошто велам гордоста на еден народ? Оваа Македонија постоела со векови и ќе постои, можеби, ако не успееме да ја уништиме. Ако успееме да ја уништиме нема да постои како Македонија. Само ќе постои овде еден народ и во историјата ќе се прикажува дека постоел некој македонски народ, но самите името и гордоста си ја уништиле.

Неслучајно пред неколку дена Грција пушти еден пробен балон со менување на знамето,осноно за менување на знамето. Знаеме сите дека тоа е пробен балон. Јас лично не верувам дека ќе се најде еден таков изрод од македонскиот народ да го прифати тоа, односно таа теза. Јас не верувам во тоа. Дури не верувам ни потоа ако се најде еден таков изрод да го прифати тоа, за промена на знамето, не верувам дека ќе се најдат и други изроди покрај него да гласаат за тоа. Јас лично не верувам. Затоа го зборувам ова. Но, ако се случи такво нешто можеби со право го рекле тоа дека постојат предавници на еден народ и ќе постојат . Јас велам Македонија раѓала големи синови, но раѓала и црни синови и за тоа се плашам да не испаднеме такви со менувањето на името.

Јас не знам зошто ни пречи овој Амандман да се прифати односно во овој договор да постои само името РМ, но зошто тоа ни пречи?. Треба да имаме една гордост, да не ни пречи тоа. Затоа неслучајно реков гордоста на еден народ не се продава и не се купува за 80 милиони долари. Некој до тука рече, некој од претседателите не нарекувале со името РМ„ Јас сопственото дете можам да го викам Пеце, ако тој е крстен Петре. Но, кога ќе дојде време да вадам лична карта или некој

XVIII/5.-

друг документ, за да се запише тоа дете некаде на училиште таму ќе постои она име како што е заведено, без разлика како јас го викав. Затоа велам, без разлика како ние ќе се нарекуваме тука многу е битно како документовано ќе се крстиме надвор. Затоа Ве замолувам како браќа македонски да се согласиме да го прифатиме овој Амандман, да се обидеме да ги週 земеме тие пари, односно ако треба на време да инсистираме оти премиерот убаво нагласи кога праќаме писма и други документи се нарекуваме само РМ, а никој за тоа не ни се лути, ниту ни замера. Можеби и сега нема да ни замеир никој ако овој договор се обидеме да го склучиме само како Република Македонија, а не поранешна Република Македонија. Не е лошо да направиме обид заради гордоста на овој народ макар да сме избраници на овој народ односно претставници кои не бирале и не смееме да си дозволиме да ја уништиме гордоста и името на овој народ.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, пред да дадам поддршка за поднесениот Амандман сакам да знам дали имаме кворум. Оти да зборувам напразно не зависно од тоа што ТВ преносот е прекинат, сакам да знам дали има кворум во салата оти е тоа уставна одредница, а кој каква желба има тоа е негово. Дали имаме кворум сега во салата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има, има.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не знам, јас борев има 56 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За амандманот ми се јавивте, или за нешто друго? Продолжете. Вам не ви е задача да пребројувате, туку само зборувајте.

XVIII/6.-

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Со речникот и стилот на банкарите јас морам да се осигурам и да се реосигурам, затоа бројам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако сакатеа да зборувате, зборувајте, ви дадов збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Извинете, уставна одредница е да имаме кворум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има кворум, се знае кога се утврдува кворум, си има некој ред, само продолжете .

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Нема телевизиски пренос, бидејќи има ТВ шоу на телевизија, па затоа немаме пренос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам повикајте ги претставниците на Владата.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

А, добро е и Влада немаме. Добро е така. Но, кому да зборувам сега? Владата не е тука,

Јас слушнав дека овој договор е веќе потпишан од ова место, а се води постапка дека треба да се потпише договорот, а ние однапред да сме го ратификувале. Што е точното? Дали тој договор е веќе потпишан или не е? Тоа е едното прашање.

Друго прашање, бидејќи кај нас официјален јазик е Македонскиот, а овде во Законот уфрлвуаме текст на не македонски јазик притоа велиме во превод. По некоја случка јас разбирам нешто од овој јазик кој тука е уфрлен во текстот на Законот и можам да кажам дека во Македонскиот

XVIII/7.-

текст, бидејќи е меродавен странскиот текст неточно е преведено што се однесува до амандмански опишаниот текст. Овде стои на македонски дека е тоа поранешна југословенска Република Македонија и фуснота, а во англискиот стои"поранешната". Тоа е битна разлика и јазична, а и содржинска. Овде се форсира нилексички неуточ нет текст да биде ратифициран. На страна што не е ни потпишан. За тоа се изјаснија на Законодавно - правната комисија, но фајдето е видливо.

По однос на ова, не е име, туку опис, фино пишува описот поранешна југословенска Република Македонија. Ние во ООН во нејзините афилијации не сме со заменето име или со некакво име, ние сме со провизориум. Не сме ни со привремено име, а од тука се уште циркулираат и од говорницата приоди дека имаме такво име сега. Не, тоа е провизорно, тоа не е име. Мораме да бидеме децидни, ние се согласуваме како законодавци со провизориум да работиме и во внатрешниот правен поредок во државата.

Имаме уште неколку забелешки, но најверојатно поради тие фамозни 7 минути јас навистина не можам да бидам во тек колку сум искористил и тоа на неколку пати прекинуван. Имам забелешка што за нас пратениците изјаснувањето се лимитира, ова е процедурално потоа ќе ги користам двете минути, а за претставниците од Владата нема лимит,па дури можат и при расправа за амандман да зборуваат не за амандманот. Во ред, намерата не била лоша, но местото поточно мигот не е тој. Толку за процедурата.

Инаку, додатокот со машина за - пишување внесен овде во просториите на Владата, најверојатно, во завршниот дел што за жал го немам јас, каде стои кој потпишува од Владата? Прво, сосема е неумсесно вметнато локациски тоа Џевдет Хајредини на латинично

министер за финансии, тоа не треба да стои над БАЈ, тоа мора да стои или на иста висина со БАЈ или под БАЈ, а вака како што е при- ложено на законодавното тело е жив апсурд за да биде ратифицирано. Коректно пишува кога стои за банката, а она што сте ни дале тука сосем е неуптано.

Инаку, околу процедурата да ви кажам и тоа дека ние мораме да имаме јасен став како ќе потпишуваат овластените лица на Владата кои мајчин јазик имаат немакедонски, односно кое име ќе се користи во оригиналните текстови дали македонската транзиција, со латинична литерација или оригиналното име и .презиме на јазикот како што би било името од тоа лице. '1'ука мора некој да размисли околу тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви поминаа 7-те минути.

**ЈОРДАН БОШКОЈВ;**

Член 7. Благодарам, поминало многу што друго.

XIX/1.- ДВ/ОМ

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман треба да се прифати, амандманот што се однесува на членот 2 од текстот на договорот за заем, не само заради неприфатливите услови за нови долгови туку и заради целите за кои се бара нов кредит. Нај срамно е прифаќање на неуставното име Бивша Југословенска Република Македонија , се со цел да се добие кредит.

Очигледно дека Владата дала согласност за промена на уставното име на Република Македонија, а тоа сега се потврдува и со предложениот закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Меѓународното здружение за кредит.

Во овој закон стои Бивша Југословенска Република Македонија чиј предлагач е Владата. Владата сега го присилива ова Собрание со парламентарното мнозинство од левата коалиција на која коалиција и припаѓа и оваа Влада да се прифати ратификацијата со неуставното име.

Уште еднаш се поставува прашањето до кога Владата ќе го крши Уставот, до кога ќе се поставува на позиција над Уставот, дали и натаму ќе дозволиме целта да ги оправдува средствата. Ние не можеме да ги прифаќаме ваквите макивелистички методи.

Заради ваквото однесување на Владата, заради прифаќање на неуставното име на Република Македонија, како потписник на амандманот инсистирам да биде прифатен.

На крајот заборавив на министерот господинот Љубе Трпевски да му кажам дека не може да ја избегне одговорноста за украдените пари од Фондацијата Сорос. Министерот господин Љубе Трпевски овде кажа се и сешто што не се однесуваше на она што треба да го каже за учеството

во криминалната трансакција направена со фондацијата Сорос. Јас не знам како со господинот Петриш Стефанов ги присвоиле 100 илјади американски долари преку приватната фирма "Далкан Бабилон Вукс" . Тоа е работа на јавниот обвинител кој сигур- но ќе покрене постапка. По се она што го направија Петруш Стефанов и Љубе Трпевски секако ќе уследи интерпелација, а по завршувањето на нивниот мандат се разбира ова што го направија повлекува и кривична пријава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Љубе Трпевски бара збор да одговори на она што го заборавил господинот Арсов да го каже.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Јас јавно преку оваа говорница го повикувам пратеникот Драги Арсов нека ангажира највисоките инстанци: ИНТЕРПОЛ, ЦИА и ако пронајде дека еден долар јас сум земал од Сорос, ќе ги поднесам сите консеквенции. Ако не не барам никој да ми се извини, затоа што јас барам извинување од луѓе што ги ценам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам бидејќи треба да гласаме за амандманот да утврдиме точен број присутни пратеници и нека влезат сите пратеници во салата.

Присутни во салата се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (16)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има збор господинот Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, бидејќи се сомневам во гласаа то барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници (има)-

Го молам секретарот да изврши поединечно гласање.

Секретарот излегува на говорница и врши поединечно гласање.

XIX/4.-

**с п и с о к**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДЛ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

XIX/5.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈОКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | (не е пратеник) |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОБСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

XIX/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | против |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН КИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

XIX/7.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕПСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

**СРОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 78 пратеници.

24 пратеници гласале за.

50 пратеници гласале против .

4 пратеници се воздржале од гласање.

Констатирам дека амандманот не е усвоен

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Бидејќи и овој пат се покажа дека позицијата нема воопшто разбирање за предлозите кои"се содржани во Уставот , најлогично е дека како пратеничка' група »нема да си дозволиме да гласаме за овој закон. со други зборови ние би гласале за закон каде што нема да се чувствуваме навредени, туку горди што сме Република Македонија. А на вас кои сакате да бидете бајрамовци, ви дозволуваме да гласате по законот. Ние не учествуваме во гласањето.

(пратениците на Пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ ја напуштија салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нека седнат пратениците на своите места да заокружиме точен број на присутни пратеници.

(Се врши пребројување на присутните пратеници во салата)

Во салата има 58 присутни пратеници. Недостасуваат уште троица за работа. Дали имате некоја информација дека некој од пратениците се наоѓаат во зградата. Ви се молам ако можеме да најдеме уште троица пратеници за да можеме да продолжиме со работа. Нема смисла два дена изгубивме во натегање околу овие пред- лози.

Пратеничките групи да се погрижат, за што ние овие акти мораме да ги донесеме денеска и утре. Денеска очигледно не можеме. Немаме доволно присутен број на пратеници.

Не можеме да обезбедиме кворум, недостасуваат двајца- троица пратеници. Ја прекинуваме седницата а и доста сме исцрпени.

Продолжувањето го закажувам за утре во 11 часот и ги молам раководителите на пратеничките групи да се погрижат за присуство на

пратениците, да ги соберат и луѓето да дојдат овде. Ако завршивме по на време утре ќе продолжиме и со 68-та седница.

Ве молам за присуство на седницата да започнеме на време.

(Седницата прекина со работа во 21,50 часот).